# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ
## од Петнаесеттата седница на Собранието на Република Македонија, свикана за 30 март 1999 година во 11,00 часот

Седницата се одржа во Големата сала во зградата на Владата, со почеток во 11,55 часот.

Седницата ја отвори и со неа раководеше Саво Климовски, претседател на Собранието на Република Македонија.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Ја отворам Петнаесеттата седница на Собранието на Република Македонија.

Пратеникот Томислав Стојановски, ме извести дека од оправдани причини не е во можност да присуствува на седницата.

Според тоа, констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинство пратеници на Собранието и дека Собранието може полноважно да одлучува.

На седницата поканети се претседателот на Република Македонија господинот Киро Глигоров, претседателот и членавите на Владата на Република Македонија, гувернерот на Народна банка на Република Македонија.

Комисијата за прашања на изборите и именувањата предлага дневниот ред на денешната седница да се дополни со Предлог на одлука за именување членови на посебна комисија за изготвување Предлог за именување декан на Техничкиот факултет при Универзитетот "Свети Климент Охридски" во Битола.

Кој е за предлогот, молам да крене рака?

91 пратеник гласаа за.

Дали има некој против?

Нема.

Дали некој се воздржува од гласање?

Никој.

Констатирам дека предлогот е усвоен.

Пратеникот Чедомир Краљевски предлага дневниот ред на денешнат седница да се дополни со Предлог на одлука за огласување именување на заменик на јавен обвинител на Основното јавно обвинителство во Кавадарци.

Кој е за предлогот, молам да крене рака?

92 пратеника гласаа за.

Дали има некој против?

Нема.

Дали некој се воздржува од гласање?

Никој.

Констатирам дека предлогот е усвоен.

Владата на Република Македонија предлага дневниот ред на денешната седница да се дополни со Информација за актуелната безбедносна состојба во Република Македонија.

Кој е за предлогот на Владата молам да крене рака?

96 пратеници гласаа за.

Дали има некој против?

Дали има некој против?

Нема.

Дали некој се воздржува од гласање?

Никој.

Според тоа констатирам дека предлогот на Владата е усвоен. Според тоа за денешната седница го предлагам следниот дневен ред:

1. Предлог на буџет на Република Македонија за 1999 година;
2. Предлог за донесување на закон за извршување на Буџетот на Република Макеоднија за 1999 година, со Предлог на закон;
3. Предлог за донесување на закон за ограничување на изворните приходи за финансирање на јавните потреби за 1999 година, со Предлог на закон;
4. Предлог на одлука за целите и задачите на монетарната политика во 1999 година;
5. Предлог на одлука за девизната политика и проекција на плат ниот биланс на Република Македонија за 1999 година,
6. Информација за актуелната безбедносна состојба во Република Македонија;
7. Предлог за донесување на закон за задолжување на Република Македонија кај Меѓународната банка за обнова и развој, со Предлог на закон;
8. Предлог за донесување на закон за овластување организација

за изработка на пригодни ковани пари, со Предлог на закон;

9. Предлог за однесување на закон за изменување и дополнување на Законот за прекршоците, со Предлог на закон;

10. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за извршување на санкциите, со Предлог на закон;

11. Предлог за донесување на закон за ратификација на Договорот меѓу Владата на Република Македонија и Владата и Владата на Република Бугарија за заемна заштитаа и поттикнување на инвестициите, со Предлог
на закон;

12. Предлог за донесување на закон за ратификација на Спогод-бата за трговска соработка мегу Владата на Република Македонија и Влада та на Република Бугарија, со Предлог на закон;

13. Предлог за донесување на закон за ратификација на Спогод-бата меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Буга-рија за меѓународен патен превоз, со Предлог на закон;

14. Предлог за донесување на закон за ратификација на Спогод-бата за редовен воздушен сообраќај мегу Владата на Република Македонија и Владата на Република Бугарија, со Предлог на закон;

15. Предлог за донесување на закон за ратификација на Спогод-бата меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Буга-
рија за одбегнување на двојното оданочување по однос на данокот од доход и данокот на капитал, со Предлог на закон;

16. Предлог за донесување на закон за ратификација на Договоро меѓу Владата на Република Македонија и Белгиско-Луксембуршката економска унија за взаемно поттикнување и заштита на инвестиции, со Предлог на закон;

17. Предлог за донесување на закон за ратификација на Спогод-бата меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Фран-
ција за одбегнување на двојното оданочување и за заштита од фискална евазија по однос на данокот од доход и данокот на имот, со Предлог на закон;

18. Нацрт на закон за спречување на корупцијата;

19. Прелдог за именување на јавен обвинител на Република Македонија;

20. Предлог на одлука за именување членови на посебна комисија за изготвување предлог за именување декан на Техничкиот факултет при Универзитетот "Свети Климент Охридски" - Битола;

21. Предлог на одлука за огласувањеи именување на заменик јавен обвинител на Основното јавно обвинителство во Кавадарци;

Дали има некој предлог за изменување и дополнување на предло-жениот дневен ред?

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Почитуван претседате, почитувани министри, почитуван гувернер и почитувани колеги, пратеничката група на Социјалдемократскиот сојуз одржа седница на која ги разгледуваше точките од дневниот ред и расправајќи по петте точки кои се предлог за донесување на закон за ратификација на спогодби помеѓу Република Македонија и Република Бугарија. Незнам кои се сега по редот тие пет точки. Оценив дека во нив се содржа одредби за кои ќе има потреба од поширока политичка расправа во Собранието на Република Македонија. Со оглед на актуелната состојба по кој повод и Владата бара да поднесе на денешната седница Информација во врска со безбедносната состојба во Република Македонија, а сакајќи како пратеничка група да избегнеме расправа по други политички проблеми кои не се директно сврзани со настанатата безбедносна ситуација, предлагаме Собранието на Република Македонија да ги одложи овие пет точки од дневен ред за една од наредните седници како не би се стварала дополнителна политичка расправа за теми кои во овој момент не се од толку битно значење за Република Македонија.

Исто така, би сакал во име на групата да побарам доколку Владата прифати Информацијата која туку што побара Владата да ја поднесе на Собранието евентуално би имало смисла да оди како прва точка на дневниот ред.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Имаме предлог точките 11,12,13,14,15 да се одложат за понатамошна расправа.

Дали Владата се согласува со овој предлог?

**ДОСТА ДИМОВСКА:**

Почитувани пратеници, Владата цени дека состојбите во нашата држава се стабилни, сите институции на државата најнормално функционираат, така што не очекуваме дека *со* расправа на Парламентот може да се придонесе за некакво си влошување на состојбите во државата. И оттаму цениме дека точките на дневен ред треба да си останат и најнормално Парламентот да си заседава.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

И благодарам на госпоѓата Доста Димовска, потпретседател на Владата на Република Македонија.

Според тоа предлогот го ставам на гласање.

Кој е за предлогот кој што го поднесе пратеникот Поповски?

22 пратеника гласаа за.

Дали има некој против?

69 пратеници гласаа против.

Според тоа, предлогот не е прифатен и остануваат точките на дневен ред.

Имаше уште еден предлог од пратеникот Поповски а тоа е точката под број 6-Информација за актуелната безбедносна состојба во Република Македонија да биде како прва точка.

Дали Владата се согласува?

**ДОСТА ДИМОВСКА:**

Почитувани пратеници, бидејќи точката што е сврзана со донесувањето на Буџетот е врзана со рок, ние предлагаме да биде прифатен како што е предложен редоследот на точките на дневниот ред.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Тогаш предлогот на пратеникот Поповски, го ставам на гласање. Кој е за тоа точката 6 да биде како прва точка според предлогот на пратеникот Поповски?

23 пратеници гласаа за.

Кој е против?

69 пратеници гласаа против.

Според тоа и овој предлог не е прифатен.

Господинот Амди Бајрам побара збор.

**АМДИ БАЈРАМ:**

Почитуван претседателе, почитувани министри, почитуван премиере почитувани пратеници, дами и господа, за точката 6 предлагам, затоа што се работи за безбедносната состојба на Република Македонија, мислам дека ние сме пратеници во Собранието и би требало поопширно да се знае за целата ситуација, предлагам сите медиуми да бидат исклучени и сите новина-ри да не бидат присутни во салата кога ќе расправаме по точката 6 по Информацијата за безбедносната состојба на Република Македонија. Барам изјаснување дали ќе се прифати тоа.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Во врска со предлогот на пратеникот Амди Бајрам, кога ќе дојде таа точка на дневен ред ќе расправаме дали ќе ја затвориме седницата или нема да ја затвориме, бидејќи неспорно е дека треба да остане на дневен ред таа точка. Практично тогаш ќе биде актуелно да се произнесеме.

Дали некој друг бара збор?

**ИЛИЈА ГОРГИЕВ:**

Господине претседателе, дами и господа пратеници, граѓаните од општините Неготино, Градско, Демир Капија па веројатно и од општините Кавадарци, Велес, Радовиш, Валандово се вознемирени од Информацијата која произлезе дека на локалитетот Криволак треба да се изработува физибилити студија за изработка на депонија за складирање на опасен отпад. Заради таа причина скоро сите невладини организации и здруженија на граѓани па и политички партии одржаа состаноци и од тие состаноци воглавно произлегоа следните три заклучоци.

Прво,се прифаќа определбата на Министерството за заштита на човековата средина да се стави ред во складирањето на отпадните опасни материјали, меѓутоа исклучиво по порекло, односно отпадни материјали кои се створаат на ниво на територија на Република Македонија.

Второ, се бара од Владата односно од ресорното министерство да изготви информација во која ќе се изнесат причините и поводите да определбата локалитетот Криволак биде определен да се гради таа депонија, односно да се изготви физибилити студија. И се бара да се даде информација сд кои средства ќе биде таа

финансирана, како ќе се гради. Мислам дека тоа требало да се подготви за една од наредните седници.

Трето, граѓаните односно претставници на граѓаните од двете општини бараат под итно да се одржи средба со ресорното министерство, со министерот, со стручни луѓе и научници од таа област во директна расправа да ги убедат со факти и аргументи граѓаните, односно претставници на граѓаните за оправданоста да се изготви физибилити студија за изградба на депонија на тој локалитет, или граѓаните да ги разубедат во таа намера, бидејќи локалитетот Криволак е во центарот на Македонија и трусно подрачје по многу основи. Се надевам дека Министерството ќе најде време и во блиска иднина ќе се организира една таква средба за да на некој начин се убедиме во тоа дали ан тој локалитет навистина треба да се прави таква депонија.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Претставникот на Владата дали се согласува да се подготви една таква информација за една од наредните седници.

**ДОСТА ДИМОВСКА:**

Почитувани пратеници, иако пратеникот побара од Владата Информација да даде, во образложението говореше како да има самиот информација. Значи би сакала да кажам дека се работи за една шпекулација. Владата може да биде поуверлива, подетални информации да дадеме. Министерството за екологија ќе изготви информација.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Значи се прифаќа за една од наредните седници да се подготви Информација.

Дали некој бара збор?

**РИСТО ТОДОРОВ:**

Почитуван претседателе, почитувашг колеги пратеници, на 19.03.1999 година имам поднесено барање до претседателот на Собранието на Република Македонија за изготвување и поднесување на Информација од страна на Владата на РМ, а по однос на проблемите со пласманот на раногадинарско производство од Република Македонија. Сметам дека и под точка 2, пред некој ден на дневникот на македонската телевизија државјанин на Република Бугарија изјави дека има купено, или закупено две винарски визби во Република Македонија, а за зголемвуање на вработувањето во Република Македонија.

Во врска со ваквата изјава дадена од страна на овој бугарски државјанин, барам Владата на Република Македонија да подготви и да достави информација за ваквата дадена изјава,а во поглед на тоа дали овие две винарски визби се продадени, или дадени под закуп на ова лице и ако е тоа направено, кои се тие две винарски визби и зошто тоа е направено?

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Инаку барањето е доставено до Владата на 19.03.1999 година, од Собранието.

Го молам претставникот на Владата, министерот за земјоделие господинот Џабирски да одговори.

**ВЛАДИМИР ЏАБИРСКИ:**

Барањето е доставено до Владата на Република Македонија на 26.03.1999 година, а адресирано е и добиено до Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство денеска. Инаку барањето е ставено во владина процедура, за една од следните седници ќе биде кажано се што се бара во информацијата со оглед ан тоа дека барањето се однесува на мислење како од Министерството за земјоделство така и Министерството за стопанство и Министерството за трговија.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Значи интерресорски одговор ќе биде од страна на Владата.

Дали пратеникот Тодоров е задоволен од одговорот?

**РИСТО ТОДОРОВ:**

Да.

**ЉУБИСАВ ИВАНОВ:**

Бидејќи во последно време дојде до нагло зголемување на проблемите во економијата, ја молам Владата да изготви една информација, ако не на оваа седница, тогаш за наредната за состојбите и проблемите во македонската економија.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Дали некој бара збор?

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Владата ќе изготви информација аз економските состојби во Македонија во новонастанатите услови.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Дали уште некој бара збор?

Никој.

Според тоа дневниот ред кој што јас ви го прочитав останува неизменет и го ставам на гласање.

Кој е за усвојувањето на предложениот дневен ред?

94 пратеници гласаа за.

Дали има некој против?

1 пратеник.

Дали некој се воздржува од гласање?

Никој.

Според тоа констатитрам дека за денешната седница е усвоен дневниот ред.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Првата точка на дневниот ред е Предлог на Буџетот на Република Македонија за 1999 година.

Меѓутоа, господа пратнеици, вообичаено е премиерот пред да настапи министерот за финансии да ги објасни основните насоки на макроекономската политика во Република Македонија.

Го молам г-динот Љубчо Георгиевски, претседател на Владата на Република Македонија, да земе збор.

**ЉУБЧО ГЕОРГИЕВСКИ:**

Дами и господа, почитувани пратеници, почитуван претседател на Собранието, Макроекономската политика на Република Македонија иако е документ што го усвојува Владата, оценивме дека е корисно во оваа прилика пред пратеаниците да се презентираат основните карактеристики и пунктови на економската политика за оваа година Ова, и покрај тоа што најголем број од прописите и актите кои се во функција на нејзина реализација, си донесува Собранието на Република Македонија.

Макроекономската политика и другите развојни документи Владата мораше да ги подготви и донесе односно предложи на Собранието на РМ со одредено задоцнување. Ова беше условено од потребата Владата комплетно да ги согледа реалните состојби, објективно да го оцнеи можностите и претпоставките и правилно да ги лоцира и насочи основните пунктови на своите активности.

Владата, во меѓувреме, подготви повеќе аналитичко-доку-ментациони и билансни материјали кои јасно укажаа дека состојбите во земјата се крајно тешки и развојот ги остварува во изострени услови и бројни пренесени ограничувачки фактори. Сведоци сме на крајно влошување и на надворешното опкружување. Сето ова бара зголемена мобилност и синхронизирана активност од сите субјекти и носители.

Дозволете ми во оваа прилика да ги посочам само нај-сериозните проблеми со кои денес се соочува земјата, како што се: Високиот степен на невработеност, кој според анкетата за работна сила во 1998 година изнесува 34,5%, високиот дефицит во надворешно трговската размена кој изнесува близу 600 милиони долари, внатрешни и надворешни долгови при што долгот кон странство изнесува 39%, а долгот по основ на замрзнати девизни заштеди 21% од бруто домашниот производ.

Неликвидноста скоро во сите сектори на стопанството е изразито висока. Загрижувачки е што таа бележи тренд на зголемување Имено, од 12 милијарди денаро од декември 1997 година, ненамирените обврски во декември 1998 година достигнаа ниво од 18,8 милијарди денари или 9,7% од оценетиот бруто домашен производ. Проблем, секако е ниското ниво на инвестиции и застареното техничко технолошко ниво на опремата, што не создава простор за повисока конкурентносзмаса члроивзодите на пазарот. Обврските кои треба да се платат во ов?аа година по користените кредити од странство претходниот период изнесвуваат околу 177 милиони долари. Значи, да повторам, во годината која е пред нас оваа држава треба да плати 177 милиони долари, од кои по основ на главништа е 102 милиони долари и по основ на камата 75 милони долари.

Поаѓајќи од комплексните согледувања за состојбите

и развојните можности кои се елаборирани во одделни аналитичко-документациони материјали, од програмските определби на Владата како и врз разговорите и усогласувањата по одделни прашања со Мисијата на ММФ и Светската банка, Владата на РМ на 16 март оваа година ја утврди Макроекономската политика за оваа година.

Поаѓајќи од неповолнтие состојби, како и од другите можности и претпоставки, нагласен приоритет кај задачите во 1999 година е

даден на создавањето услови и претпоставки за обезбедување стабилен и оддржлив развој во услови на ниска инфлација и врз таа основа, зголемување на борјот на вработените, пораст на извозот на стоките и услугите и подобрување на стандардот на населението.

Надминувањето на овие проблеми треба да се остварува преку подинамичен стооански растеж кој просечно годишно би изнесувал 6 до 6,5%. При ова, основен двигател на овој растеж ке претставува извозот. За оваа цел ќе се унапредува економската соработка со Европската Унија, за што Владата веќе достави барање за асоцијативно членство, ќе се интензивираат активностите за зачленување во Светската трговска организација, ќе се покренат иницијативи за постигнување билатерални спогодби за слободна трговија и со други земји и врз таа основа ќе се зголеми економскиот простор за слободен проток на капитал, стоки, луѓе и идеи.

Во првата половина на годината ќе се донесе стратегија за извоз на Република Македонија, која покрај конзистентни мерки ќе понуди решенија за поголема извозна ориентација на стопанството, јакнење на неговата конкурентска моќ и димензирање на извозот. Ваквите определби, наместо со краткорочни и палијативни мерки, ќе се остваруваат со трајни решенија, чиј темел ќе биде зголемената инвестициона активност. Во функција на ова се очекува да се отвори широк фронт на инвестициони зафати, пред се, во малите бизниси, малите и средните приватни претпријатија, како и вложување во постојното стопанство преку преструктуирање, ревитализација, модернизација и финансиска консолидација на капацитетите со профитабилни извозни програми.

Со Програмата за поттикнување на инвестициите, што веќе ја донесе Владата, предвидени се борјни оперативни мерки со кои ќе се создава погодна клима како за домашните, така и за странсктие инвестиции. При ова ќе се создава соодветна правна институциона рамка и ќе се преземаат мерки и активности со цел обезбедување национален третман на странските инвеститори, за правна сигурност како на домашните, така и на странските инвеститори, отворање на слободни зони и слично. Ке се создадат услови за влез на стратешки инвеститоти во процесот на приватизацијата, за која цел веќе се подготвуваат измени и дополнувања на повеќе законски прописи во правец на обезбедуваше на контролен пакет на акции од страна на стратешкиот инвеститор. Исто така, се предвидува да се создадат нормативни и други претпоставки за поголемо користење на концессиите.

Иако надворешните фактори се крајно неповолни, обврска е на Владата да се прават максимални напориѓза подобрување на домашниот амбиент, за зголемување на инвестициона активност, посебно за влез на директни странски инвестиции.

Паралелно со ова, Владата на РМ цврсто е решена да обезбеди одржување на макроеконосмската стабилност, при што макроеконосмката рамнотежа да се остварува со зголемена домашна понуда, на потрајна основа и на повисоко ниво. Притоа, за 1999 година е проектиран нов пораст на цените на мало од 3%.

За остварување на оваа задача ќе се продолжи со водење контролирана рестриктивност на монетарната политика, контрола во фискалниот сектор и контрола на личната потрошувачка. Притоа, во функција на ова, платите на вработените на буџетските корисници ќе бидат замрзнати, додека за платите на вработените во стопанските субјекти во оваа година појдовна основа ќе биде остварената продуктивност, што значи тие не ќе бидат под класично ограничување.

Исто така би нагласил дек ќе водиме политика на стабилен девизен курс на денарот, кој би бил последен таргет на монетарната политика. Во функција на оваа нагласена задача претставува консолидирањето на фискалниот сектор и обезбедување одржлива фискална рамнотежа. Притоа, неопходно е да се оствари радикално намалување на трошоците на фондот за здравство и рамнотежа на прихдоите и расходите кај другите социјални фондови.

Кога сме кај задачите на Владата утврдени во Макро-екомомската полтиика, таа посебно место дава на забрзување на процесот на структурни реформи како основен услов и задачите што претходно ќе кажат да добијат трајни основи. Сврзани со оваа задача, ќе се направат согледувања и ќе се оцени потребата од

ревидирање на одделни постојни решенија, ќе се изврши контрола на извршената приватизација кон одделни субјекти, ќе се забрза преструктуирањето на претпријатијата и доврши преструктуирњето и приватизацијата во агрокомпексот. Барањето излезни решенија за претпријатијата кои работат со загуба на здрава економска основа ќе има значајно место во ангажирањето на Владата во оваа година. Непомало значејне има средувањето на состојбите на банкарскиот сектор. Се цени дека тоа претставува клуч за обезбедување поинтензивен развој. За оваа цел, ќе се забрза процесот на преструктуирање, санација и приватизација на банките пред се преку влез на стратешки инвеститори, со што ќе се овозможи зголемување на конкуренцијата и намалување на банкарските камати. Дами и господа, почитувани пратеници, на крајот би сакал да нагласам дека сме свесни за новонастанатите состојби во регионот кои ќе имаат неповолни влијанија врз проектираните макроекономски показатели за оваа година. Ова поради големото учество на извозот во СР Југославија кој изнесува околу 20% од вкупниот извоз на земјата. Исто така, снабдувањето на дел од капацитетите се врши од ова подрачје, а најголем дел од извозот што се остварува во Европската Унија се транспортира преку северните магистрали. Во новонастанатите услови овој транспорт се насочува преку заобиколени патишта, што ќе има неповолно влијание врз транспортните трошоци и влошвување на конкурентната способност. Со новонастанатите услови ќе се чувствуве отежната набавка на одделни суровини и репроматеријали, како и стоки за широка потрошувачка од нашиот северен сосед.

Сакам да ве известам дека надлежнтие минситерства постојано ги следат овие состојби и по потреба донесуваат односно предлагаат соодветни дополнителни мерки. Зависно од временскта димензија на траење, можеби ќе произлезе потребата за измени и на самата Макроекономска политика и на нејзините пропратни акти во одредени сегменти или квантификации и нејзино прилагодување кон новонастанатите услови за што Собранието на Република Македонија ќе биде навреме информирано.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на господинот Љубчо Георгиевски, претседател на Владата на Република Македонија за основните поставки на Макроекономската политика.

Преминуваме на првата точка од дневниот ред - Предлог на Буџет на Република Македонија за 1999 година.

Основните поставки на Предлогот на Буџетот на Република Македонија за 1999 година ќе ни ги објасни министерот за финансии Борис Стојменов.

**БОРИС СТОЈМЕНОВ:**

Почитуван претседател, дами и господа пратеници,

имам голема чест и задоволство да ви го предложам Буџетот на Република Македонија за 1999 година, но истовремено загрижен што во рамките на тој Буџет се планирани средства за финансирање на одредени функции на државата во услови на водење на војна на Косово.

Предлагаме Буџет за 1999 година не во согласност со програмските определби на Владата за 1999 година, туку Буџет како последица на реалната економска и социјална криза во која се наоѓа нашата татковина. Изгледа позицијата беше во право кога не предупредуваше дека сме големи оптимисти кога премиерот ја предлагаше економската и социјална програм на Владата во 1999 година. Вистинската економска и социјална криза во која се наоѓа земјата е далеку поголема од онаа што ја претставуваше претходната Влада. Еве зошто.

Приватизацијата и структурните реформи се потрполно запрени, реформите на банкарството незапочнати. Запрени се реформите во јавната администрација, здравството, пензиското и инвалидското осигурување. Прифатена е обврска со ЕСАФ аранжманот со ММФ за ликвидација на 12 најголеми претпријатија загубари со над 10.000 вработени. Надворешната презадолженост на земјата, посебно долговите кои стасуваат во 1999 година и 2000 година изнесуваат над 320 милиони долари. Долгот кон штедачите, сите видови штедни влогови кои изнесуваат над 1 милијарда и 300 милиони долари, долгот кон пензионерите кој изнесу ва над 720 милиони германски марки. Внатрешен нето долг кој изнесува 2.000 долари по

жител и е поголем за двапати од националниот доход по жител кој изнесува околу 1.000 долари. Над 18.000 претпријатија кои се наоѓаат во постапка на стечај и ликвидација со над 106.000 вработени. Над 76.000 работници не примиле плата за повеќе од два месеци. Неизмирени обврски на Буџетот за 1998 година и од порано во износ од 410 милиони германски марки. Неизмирени обврски на здравствениот фонд во износ од 200 милиони гермнски марки, 510 гргани жкои примата социјална и финансиска помош од Буџетот, над 314.000 невработени, со други зборови, секој граѓанин на Македонија е свртен кон Буџетот и бара спас во Буџетот на Република Македонија. Обврските преземени преку ММФ и Светската банка кои имаат дирекно влијание врз обемот и структурата на Буџетот за 1999 година и на крајот војната во Косово и сите економски и социјални хуманитарни последици врз Македонија и нејзинот Буџет за 1999 година.

Заради горенаведените фактори кои имаат директно влијание врз обемот и структурата на Буџетот за 1999 година, проекцијата на Буџетот за 1999 година е повеќе изнудена од горенаведените фактори, а помалку од програмските определби на Владата на Република Македонија. При такви лимитирачки фактори Буџетот на Република Македонија во 1999 година по обем и структура е проектиран за остварување на следните цели.

Макроекономска стабилнсот на Македонија во 1999 година, стабилен реален курс на денарот во функција на развојот, ниска инфлација во функција на развојот, стабилен економски раст, борба против сиромаштијата, зголемување на вработувањето, редовно сервисирање на странскиот долг, забрзување на структурните реформи и реформите во јавната администрација, здравството, социјалата и образованието, развој на малите и средните претпријатија, намалување на буџетската и општата потрошувачка во бруто домашниот производ, намалување на евазија на даноците и придонесите и релаксираше на Монетарната политика со учество на Буџетот за 1999 година.

Меѓутоа, мораме да истакнеме дека многу добри програми од областа на земјоделството, стопанството, културата, образованието, екологијата, градежништвото, социјалните програми до крај нема да бидат финансирани од буџетски средства, меѓутоа, ќе мора за финансирање на тие програми да се бара и средства од надвор, како што се билатералнтие помошти, странските инвестиции и слично.

Дами и господа, почитувани пратеници, проекцијата на приходите во Буџетот на РМ за 1999 година е следната. Поаѓајќи од глобалните цели и задачи на Макроекономската политика во 1999 година, како и определбата за рестриктивен буџет, приходите на Буџетот се планирани во износ од 41 милијарда и 393 милиони денари, односно 22,7% во општествениот производ на земјата, наспротив 24,9% во општествениот производ во 1998 година, што е воадогласност со програмските определби на Владата.

Планирањето на приходите се врши врз основа на реални-от пристап, односно процентот на зголемувањето на остварувањето на приходи за 1998 година, зголемување на даночната дисциплина и промена на ставките на одредени даноци и придонеси, односно акцизи. Даночните приходи во маса изнесуваат 37 милихарди и 966 милиони денари или 91,74% од вкупните прихдои, што покажува дека сеуште нашиот буџет односно финансирањето на буџетската потрошувачка е до даночни приходи. Неданочнтие приходи во маса изнесуваат 3 милијарди 328 милиони денари или 8,4% од вкупните приходи. Капиталните приходи кои мислиме дека треба да се зголемуваат во наредните години изнесува само 99 милиони денари, или 0,24% од вкупните приходи и сопствентие приходи на буџетските корисници изнесуваат 3 милијарди и 450 милиони денари, со оваа намера Владата со одредени мерки во областа на даночната и друга политика да го стимулира зголемуањето на сопствени приходи на буџетските корисници на средства.

Фискалниот дефицит изнесува 4 милијарди 540 милиони денари или 2,1% од општествениот производ, што во однос на минатата година има намалување и буџетскиот дефицит изнесува 377 милиони денари или 0,1% од општествениот производ и тој во однос на 1999 го-дина е намален за 50%, кога изнесуваше 646 милиони денари.

Поаѓајќи од глобалнтие цели и задачи на

Макроекономската политика на Владата за 1999 година, односно обезбедуваше средсва за побрз економскио раст на земјата, вкупната јавна потрошувачка на земјата, Буџетот, буџетите на локалната самоуправа, социјалните фондови и Фондот за патишта се планира да изнесува 67 милијарди 983 милиони денари односно 37,27% од општествениот производ во однос на 1998 гсздина кога изнесуваше 40,1% од општествениот производ, односно сведување на општата потрошувачка во рамките на прокецијата, на Програмата на Владата во 1999 година. Тоа покажува дека Владата има цврст курс кон остварувањето на своите програмски определби и создавање материјални претпоставки за побрз економски развој и растеж.

Големината на буџетските торшоци во 1999 година е диктирана од планираната големина на буџетските приходи од една страна и лимитираниот буџетски дефицит од друга страна. Намлувањето на лимитираниот буџетски дефицит од страна на ММФ од 646 милиони денари во 1998 година, на 377 милиони денари во 1999 година има директно влијание врз намалувањето на вкупната големина на буџетските трошоци за износ од 269 милиони долари. На вкупната големина на буџетските трошкови има силно влијание и од платата на зголемениот странски долг од една страна, учество на Буџетот во релаксирање на монетарната политика за 1999 година и одбрана на стабилниот курс на денарот со буџетски средства, обврска земена од претходната Влада.

**БОРИС СТОЈМЕНОВ:** (ПРОДОЛЖЕНИЕ)

За таа намена од 1999 година се планирани трошоци депозит во Народна банка во износ од милијарда 850 милиона денари, или 650 милиони денари и повеќе во однос на 1998 година.

Ако се има предвид трошоците за пренесните обврски од 1998 година, за детски додаток, за т.н. вработени работници по Законот за поттикнување на вработувањето, пренесените ненаплатени обврски за изградба на пругата и слично, т.е. буџетските трошоци се помали во однос на 1998 година за 0,1% и ако се имаат предвид и трошоците за Косово, во износ од 498 милиони денари, буџетските трошоци во 1999 година се помали во однос на 1998 година за 0,9%. Вкупните трошоци во 19 99 година се планираат во износ од 45 милијарди 933 мившони денари и во однос на вкупно планираните трошоци во 1998 година се зголемени за 0,8%.

Ако ја погледнеме структурата на вкупните трошоци ќе забележиме каков е доносот на Владата кон буџетската потрошувачка за 1999 година. Владата е цврсто определена во Буџетот да ги зголеми средствата за развој за сметка на намалувањето на тековните трошоци, односно намалувањето на трошоците на администрацијата. Меѓутоа, морам да потенцирам дека Владата е приморана да обезбеди во така стеснет буџет средства за финансирање на пгрешни аранжмани од страна на старата Влада со ММФ, односно сите трошоци на погрешно извршените запрени реформи да паднат на товар на Буџетот, односно преку Буџетот да ја финансираат сиромаштијата создадена од 1994 година до денес, средства за армија невработени и други социјални трансфери, каско што се социјално загрозените граѓани, пензионерите и тн. Така да со учество на тие средства во Буџетот постојано се зголемуваат и тие во 1994 година изнесуваат 17,1% и во 1999 година нивното учество се зголемува за 60%, или тие учествуваат во вкупните трошоци со 29,60%.

Вкупните тековни трошоци во Буџетот, односно трошоци за функционирање на институциите во државата се планирани 38 милијарди и 612 милиони денари и во однос на 1998 година се намалени за 414 милиони денари. За плати и надоместоци вкупно планирани средства на Буџетот за 1999 година изнесуваат 15 милијарди и 872 милиони денари и во однос на планираните средства во 1998 година се намалени за 167 милиони денари.

Во планирање на овие буџетски трошоци, Владата е принудена да преземе многу радикален став. Владата тука мора да го отлаќа цехот за неспроведените реформи во администрацијата на претходната Влада, да ги извршува обврските на претходната Влада преземени со ЕСАФ аранжманот превземени со ММФ, како и новите вработувања за време на изборната кампања кои изнесуваат над 2000 работници. Ако се има предвид, заради промена на власта, нормално има и нови вработувања, без реформи во администрацијата и имаме реален пад на платите на администрацијата во 1999 година. Во 1999 година имаме рапидно намалување и на другите трошоци за функционирање на јавната администрација и функција на државата,

така да тие се планирани на 5 милијарди 195 милиони и 132 илјади денари, и тука ќе мора да не води посебна политика и контрола на трошењето на тие средства во 1999 година, за да можат нормално да функционираат сите институции на системот кои се финансираат од Буџетот. Во Буџетот за 1999 година планираните трошоци за социјалните трансфери се зголемени и тие изнесуваат 15 милијарди 327 милиони денари. Ова покажува дека Владата стои на своите програмски определби да ги зголеми средствата за социјалните давања. Во тие трансфери спаѓаат трошоците за пензии, помош за невработените, помош за загрозените фамилии и тн. Капиталните трошоци, како развојна компонента на Буџетот за 1999 година се зголемени и тие изнесуваат 2 милијарди 558 милиони денари. Тие средства се наменети за инвестиции во недоволно развиените краишта, во развојни програми во земјоделието, во изградба на патишта, во изградба на пругата, во изградба на водоводи и други инвестициони објекти. Депозитите во Народна банка, со ЕСАФ аранжманот претходната Влада презема обврски од Буџетот да се издвојуваат средства, како депозит во Народна банка заради следните намени: отплата на странските дол-гови, обезбедување на средства за вишокот на девизи, заради заштита на стандардниот курс на денарот, само Македонија има таков аранжман со ММФ и никоја друга држава и обезбедување на средства за развој на претпријатијата. Депозитот во Народна банка за Буџетот за 1999 го-дина е планиран на 1 милијарда и 850 милиони денари и во однос на 1998 година е зголемен за 650 милиони денари. Овие зголемувања се последица на зголемените, а стасани долгови спрема странство кои изнесуваат над 170 милиони долари, како и од потребата да се обезбеди развојна компонента на Буџетот, односно преку релаксирање на монетарната политика да се обезбеди дополнителни кредити на претпријатијата. Во Буџетот за 19 99 година се планирани средства за плаќање на пренесени обврски од минатата година за изградба на пругата за изградба од страна на градежните фирми во износ од 540 милиони денари. Вонредни средства, заради војната во Косово. Според проценките на Владата, заради настаните на Косово и Југославија, Македонија ќе претрпи огромни материјални штети. Тоа се средства потребни за функционирање на органите во државата во таквите полувоени услови. Економски штети заради тоа што Југославија е голем економски партнер на Македонија, како и средства за финансирање на одреден број бегалци. Средства за надомест на тие штети Македонија ќе бара, а веќе и добива од надвор. Меѓутоа, во Буџетот се предвидени такви средства во износ од 490 милиони денари.

Почитувани дами и господа пратеници, пред вас е Предлог-Буџетот на Република Македонија за 1999 година. Иако стегнат Буџет, сакаме домаќински и одговорно да предложиме Буџет кој ќе обезбеди нормално функционирање на сите функции на државата, а посебно социјалната и развојната функција на таа држава. Предложениот Буџет за штедење и пред се, за штедење, преку поделба на сиромаштијата, на сите по малку, сакаме да обезбедиме и во такви услови економски развој на нашата мала татковина. Во тој Биџет ги почитуваме и предложивме да се финансираат приоритетите кои се во овој момент и најважни. Затоа барам да биде усвоен од вас овој Предлог-Буџет. Ако има амандмани за промена на Предлог-Буџетот, морам да ви кажам како едно дете барајќи пари за играчки го изменил буџетот предложен од татко му. Таткото за да го убеди синот дека нема пари за играчки го поделил домашниот буџет на купчиња, кажувајќи ја намената на секое купче пари. Пари за играчки немам. Но детето погледнало во купчињата и рекло: "Зошто е последното купче?" Таткото одговорил: "Тоа е за пушење цигари на мајка ти". Детето рекло: "Мајка ми нема да пуши цигари, јас ќе имам играчки". Така да би сакал амандманите, во поглед на Предлог-измените во Буџетот да бидат за таа намена.

**РАДОМИР КАРАНЃЕЛЕСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани членови на Влада, дами и господа пратеници, пратеничката група на Демократската алтернатива бара кратка пауза да се проверат одредени работи и да се соберат елементите од излагањето на министерот за финансии.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Дали го бара во писмена форма да го добие пратеничката група на Демократската алтернатива?

**РАДОМИР КАРАНГЕЛЕСКИ:**

Во писмена форма.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Предлагам тогаш пауза од 45 минути. Ќе продолжиме во 13,30 часот.

(По паузата)

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Дами и господа пратеници, продолжуваме со работа по првата точка од дневниот ред. Предлогот на Буџетот и извештаите на работните тела, писменото излагање на министерот за финансии господинот Борис Стојменов ги добивте.

Продолжуваме со претрес во начело. Молам, кој бара збор?

**РАДОМИР КАРАНГЕЛЕСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани членови на Влада, дами и господа пратеници.

Предложениот Буџет на Република Македонија за 1999 година не овозможува услови за остварување на програмските цели, особено во областа на здравството, образованието, екологијата, културата, па и другите дејности, со оглед на крајно рестриктивниот приод.

Меѓутоа, земајќи ја предвид економската состојба, во која се наоѓа нашата земја во моментот и изнесените образложенија на министерот за финансии, кои мошне прецизно ја отсликаа затекнатата состојба, пратеничката група на Демократската алтернатива начелно ќе го поддржи Буџетот на Република Македонија за 19 99 година, со заложба, односно предлага на Собранието да заклучи дека доколку се создадат услови за зголемуваше на ставките во споменатите дејности, Владата да ги има предвид при евентуален ребаланс на Буџетот.

**ИСМЕТ РАМАДАНИ:**

Господине претседателе, дами и господа пратеници, јас дури еднаш си мислев и процедурално да интервенирам, меѓутоа, бидејќи зедов збор, за да можеме некако мислењата, односно ставовите на комисиите да ги изнесеме тука, за да можеме да бидеме и поекспедитивни во нашите излагања, јас морам да ви кажам дека во името на Комисијата за екологија, млади и спорт, да ги кажам некои констатации кои се како ставови и заклучоци на Комисијата, иако вие пред се, имате извештај од самата Комисија. Буџетот, се разбира дека и од излагањето на министерот и од тоа што го имаме како сознание, како информација, додека се подготвуваше како таков е концентриран врз основа на утврдената макроекономска политика. Се разбира, дека стои таму дека Владата ќе продолжи со контрола на јавната потрошувачка, поради тоа што Буџетот е рестриктивен, мислам дека таа констатација стои и тоа Владата го признава, го признава и Министерството за финансии и сето тоа значи дека некаде околу 80% од Буџетот ќе оди за плати и социјални фондови.

Исто така, би сакал да го изнесам тоа дека сепак ова е Буџет и не кореспондира со ниедна, односно далеку е од тоа што беше предизборра кампања или предизборни програми, затоа што сфативме навистина сите дека во сите тие припреми, за да се настапи со буџет, односно Предлог на Буџет пред Собранието диктираат други, земајќи во предвид и ситуацијата, околностите, односно состојбите во регионот, каде што не може да се избегне сето тоа што се рефлектира и во Репуб-лика Македонија.

Во расправата на Комисијата едногласно се укажува, не поа-ѓајќи од тоа којј е во позиција или кој е во опозиција, дека средствата кои се наменети за Министерството за животна средина и за Министерството за млади и спорт, се средства кои апсолутно не даваат можност да се обавуваат и основните дејности на тие министерства. Мене ми падна како задача, како претседател на таа Комисија, Комисија која во овој случај на еден начин ни покрива две министерства, кој се новоформирани и Министерството за млади и спорт и Министерството за животна средина. Така што објаснувањата од Министерството за финансии, дека се новоформирани за овие министерства нема и законска регулатива, посебно за Министерството за млади, тогаш тие се оправдувања кои не можеме ние да ги прифатиме како Комисија, не можат да ги прифатат и претставниците од самото Министерство за млади и спорт, така што исто така не можеше да ги прифати и претставникот од Министерството за животна средина, заменик министерот, така што имавме една појава каде што

несогласувањата доаѓаат од дотичните министерства, кои ја сочинуваат и Владата на Република Македонија. Така што дојдени сме до една ситуација дека мораме да предлагаме, од тоа што е предложено и од претставниците на Министерството за млади и спорт, дека тие не се задоволни, дури мислат, а ние ги поддржуваме во тоа, дека се игнорирани, затоа што апсолутно не согласуваат со тоа што е ставено во нивната позиција како Министерство за млади и спорт. И по некој терк, или по некој автоматизам, сите тие средства што би требало да се влеваат во нивното министерство, сеуште се предвидени како позиции во други министерства, кои од порано ги финансираа нивните програми. Така што нивното барање е тие средства кои се предвидени за да реализираат нивна акциона програма, односно нивни програми да се пренесуваат во Министерството, затоа што има сега министерство со име и презиме, што се вика Министерство за млади и спорт.

Од претставниците на ова министерство дури имаме и предло-жен заклучок, кој е и во извештајот, бараат една сума за која ние ги поддржуваме, некаде од 130 милиони денари за да можат да ги реа-лизираат нивните програмски предвидувања. Така што ние не навлеговме во тоа од каде да се префрлат тие средства, од кое министерство, или од која позиција, затоа што знаеме дека отпорот ќе биде голем, затоа што секое министерство ги брани на еден начин позициите што ги има во Буџетот, па мислиме дека министерот, односно Министерството за финансии, односно Владата треба да најде начин тие средства кои се во тие позиции на тие министерства кои досега ги финансираа тие програми на младите, да можат да се прелеват, односно да се пренесуваат во Министерството за млади и спорт.

**ИСМЕТ РАМАДАНИ:** (продолжение)

Истото се случува и со Министерството за екологија кое сега се вика Министерство за животна средина. Тие исто така мислат дека со оглед на фактот што се во тек активности за добивање неповратни средства за заштита на животната средина, Комисијата од Владата бара да се обезбедат средства од кои придобивката ќе биде поголема ако се финансираат проекти. Јас, можеби ќе земам банален пример, ако некој проект - финансиска конструкција од два или три милиони денари може да се извлече од мегународната заедница односно од меѓународните асоцијации 20 и 30 други милиони, а Владата односно Министерството за финансии треба да ги финансира. Меѓутоа, сега проблемот доаѓа помеѓу Министерството за урбанизам и градежништво и Министерството за животна средина, затоа што одредени средства се предвидени во позиција на Министерството за урбанизам и градежништво така што можат да се создадат проблеми кои веројатно, ако не се помогне со конкретна интервенција во конкретно министерство, тогаш за да ги распределат тие финансиски можности помеѓу себе, се разбира ќе има такви проблеми.

Но, јас се надевам од тие консултации што ги имавме со министерот како претседатели на комисиите во кои имаме вакви проблеми, се надевам дека министерот ќе прифати дел од овие заклучоци, односно размислувања кои се кажани како дискусии на самата комисија и ќе се најде начин да се координира на еден начин работата помеѓу овие министерства за слични позиции и да може да се реализи-раат тие програми кои се веќе предвидени.

Најверојатно кога ќе се расправа за амандмани, има посебен амандман од Комисијата кој се однесува за позицијата односно позициите во Министерството за животна средина каде заедно со заклучокот кој е поднесен од Министерството односно претставниците до претставниците на Министерството за млади и спорт до Комисијата, Комисијата веке ке преземе авторство на тоа што значи и заклучок и амандман и се надеваме дека ќе наидеме на разбирање за една ваква состојба која е создадена во овие две новоформирани министерства.

Има полна поддршка без разлика од која партија се пратениците во таа Комисија и Министерството за млади и спорт и Министерството за животна средина.

Благодарам.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на господинот пратеник Исмет Рамадани.

Збор побара господинот пратеник Никола Поповски.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Претседателе, господа министри, драги колеги денеска го разгледуваме Буџетот на Република Македонија, меѓутоа се разбира како што господинот министер на почетокот кажа тој не може да се гледа изолирано од мерките на економската политика затоа што на некој начин сублимира сите овие мерки.

Основна констатација на СДСМ по Буџетот за 1999 година но исто така и за некои мерки на економската политика за кои подоцна ќе расправа и одлучува овој Парламент, а во рамките на пакетот на макроекономската политика дека во основа продолжува досегашната политика на економска политика и мерките на економската политика на Република Македонија кои за првпат беа презентирани во државата некаде далечната 1993 година. Таа политика продолжува и понатаму и ние цениме дека во основа се потпира на десетина мерки кои се стол-бовите на економската политика во државата. И понатаму се продолжува со ригорозно ограничување на буџетската потрошувачка, но исто така и на вкупната јавна потрошувачка.

Втората мерка, продолжуваат мерките за строга контрола на платите, односно на личната потршувачка како втор дел од потрошувачката во државата.

Трето, продолжува рестриктивната монетарна политика со цел да се оствари контрола на инфлационите движења на многу ниско ниво.

Четврто, се поддржува и натаму политиката на стабилен курс на денарот врзан за германската марка.

Петто, политика на редовно сервисирање на надворешниот долг, со оглед на висината што е многу битно за макроекономската стабилност на Македонија.

Шесто, Буџетот и понатаму има нагласена социјална ориентација и за ова остануваат практично старите мерки кои се и до сега затоа што ни еден закон не е променет за да може во оваа сфера да се направи реструктуирање на социјалната ориентација на Буџетот.

Седмо, имаме блага тенденција на опаѓање на развојната компонента од Буџетот и тоа намалување иако Буџетот е изготвен во услови кога не се знаеше дека ќе има вонредни прилики околу Македонија, го подразбираме како ориентација иако не сме премногу воодушевени до фактот дека вкупната развојна компонента на Буџетот од близу 8 милијарди интегрално од сите ставки е сведена на 5 милијарди

Понатаму, со мерките на економската политика останува високиот трговски дефицит на Република Македонија во размената со странство.

Последно како крупна мерка даночните зафаќања сега за сега, а на тоа ниво се планирани буџетските приходи соодветно на тоа и расходи остануваат исти што значи нема политика која беше најавена за намалување на даноците во Република Македонија.

Дозволете ми на овие клучни пунктови за некои од нив да кажеме и повеќе.

Јавната потрошувачка и буџетската потрошувачка во РМ во последните, ова е веќе седма година, постојано опага и таа во тековната 1999 година се нуди да изнесува 32,1% од бруто домашниот производ и се занива на проценетиот раст од 6,5% бруто домашниот производ во тековната година. Сметаме дека оваа позиција е прилично комотно планирана, дека е таа релативно неостварлива и сметаме дека се должи на нереално проценетиот раст на бруто општествениот домашен производ во Македонија од 5,6% и врз основа на тоа се влече помал процент на јавната потрошувачка. Мислам дека за ова треба да се поразговара посериозно затоа што ваквото фиксирање може да го доведе во прашање финансирањето на потребите на државата во Буџетот. Еден од доказите за тоа е постојниот ЕСАФ аранжманот кој во времето кога беше склучен имаше за цел Република Македонија во 2000-та година да ја сведе јавната потрошувачка на 38% од ЏиДиПи што значи дека постигнатиот процент од 38 во 1998 година врз основа на нереално планирање се намалува дури за 6, што мислиме дека едно-ставно нема да може да се оствари.

Исто така сметаме дека буџетската политика заснована и општо мерките на макроекономската политика заснована на растот на бруто домашниот производ од 6,5% почнува да станува

неостварлива и за тоа ќе наведеме две причини:

Првата причина е дека во првиот месец официјално, според Заводот за статистика, индустриското производство опаѓа над 22% додека од неофицијални извори веќе дознаваме дека и во првите два ипол месеци бруто домашниот производ на индустријата опаѓа некаде околу 25%.

Исто така сакаме да изразиме едно негодување, ова е првпат во последните десетина години во Република Македонија на крајот на месец март, денеска е 30 март, а уште немаме податоци од статистика за движењето, што е битно за индустриското производство во февруари.

Сметаме дека овој пад на ЏиДиПи во индустријата почнува да ги доведува под прашање сите постулати на макроекономската политика за 1999 година затоа што, ако се направи обид во претстојните 9 месеци од оваа година да се запре падот или благо да почне да расте индустриското производство, тоа на крајот сепак ќе остане со негативна стапка на раст или евентуално со доведување на ставката на пораст на нулта точка во однос на 1998 година, што сметаме дека ќе го загрози остварувањето на приходите.

Се разбира, во овие моменти сакаме да истакнеме дека втората причина за дополнително,на досега елаборираната, може да претставуваат и новите околности во регионот и на север од Македонија со интервенцијата во СР Југославија што претставув дополнителен елемент на ваквиот пораст.

Ова не наведува на размислување дека треба да се размислува за алтернативен буџет затоа што имаме можност остварувањето на Буџетот за 1999 година не го доведеме до нивото кое на пример ќе ја оствари потрошувачката во државата, како што беше во 1998 година на нивото од 97% остварување на планираниот буџет.

Мерката за контролата на платите која останува врз основа на Законот, на сила се рефлектира на буџетот, мислам дека наметнува две прашања во Парламентот.

Прво, во основа, контролата на платите е стара мерка и таа продолжува. Меѓутоа, она што мислам дека станува прашање за кое Парламентот треба да разговара разговарајќи за буџетот со оглед дека огромен процент од Буџетот оди на платите на оние корисници на буџетот кои директно добиваат плата, тоа станува по малку политичко прашање. Имаме најави од страна на Министерството за финансии дека може да се случи покрај замрзнувањето,кое е на сила, на платите на вработените во буџетските установи да дојде и до процес на нивно опаѓање во месеците кои престојат и за тоа, како што слушнавме во воведните излагања вината се префла на старата Влада поради вработувањата во 1998 година што се направени во време на изборниот период.

Комисијата за финансии на која расправавме, јас во свое име побарав Владата да престане да го злоупотребува или да речеме од другата страна употребува овој податок како причина за контролата и движењето на платите на буџетските корисници во 1999 година и зато. побаравме да се достави бројот до Парламентот на вработените кои користат буџетските средства по месеци од септември до февруари за да видиме точно колку е тој број секој месец и дали навистина има некои нарушувања во одредени месеци или не е така. Се разбира дека ние во овој момент не можеме тоа да го кажеме затоа што Владата не ги достави тие податоци, меѓутоа, дојдовме до податоци индиректно врз основа на бруто масата на исплатени средства за плати кај корисниците на буџетските установи од септември до јануари 1999 година. Без потреба да ги читам, само ќе ги кажам дека тоа се движи на нивото од 1,150 односно 1,160 односно една милијарда и 150 односно 160 милиони денари месечно што значи дека од септември до јануари апсолутно нема никакво нарушување нагоре или надоле по основ на исплатените плати што значи бруто платите и понатаму се исплаќаат во последните 6 месеци на истото ниво што упатува на заклучок дека нема значајно пореметуваше во месците октомври - ноември кога беа изборите ниту сега нема значајно пореметување во месеците декември - јануари кога новата влада ја презеде должноста. За февруари ги немам податоците.

Врз основа на ваквите движења очекуваме платите на буџетските корисници да не се намалат до крајот на годината, а ако се намалат овие податоци кажуваат дека ќе бидат за новите вработувања кои од сега натаму ќе почнат. Затоа апелираме до Владата

во ваква позиција да не ја злоупотребува поранешната влада во одбрана на своите проекти за движењето на платите.

Она каде што имаме целосна согласност е монетарната политика и програмираното движење на инфлацијата и врзувањето на стабилноста на курсот за што има и буџетски средства кои се одвојуваат во поддршка на курсот преку депозитот во Народната банка на Република Македонија. Тоа е прифатливо за СДСМ како политика, таа политика всушност и ние ја водевме на стабилен курс и на ниски стапки на инфлација. Се разбира дека останува проблемот со вету-вањата на Владата дека овој курс во минатото беше нереален и дека треба да се зголеми и дека е потребна блага инфлација заради развојот на оваа држава. Со оглед на тоа дека министерот во своето воведно излагање ова го оцени како сопствен преоптимистички чекор, ние го поздравуваме враќањето на Владата од предизборните ветувања за корекцијата на курсот и инфлацијата и таа политика ќе ја поддржиме.

Меѓутоа, сакаме веднаш да укажеме дека монетарната рамка во која е предвидено паричната маса да расте со 11,3 за да се оствар инфлација од 3% е врзана со нереалното предвидување за пораст на бруто домашниот производ од 6,5% што значи дека доколку тоа не се оствари иако се врзува монетарната маса за депозитите и заштедата на населението ќе имаме сериозен реален проблем со движењето на инфлацијата. Затоа сметаме дека Владата брзо треба да подготви и изготви нови мерки за поддршка на ниската инфлација и курсот во услови на опаѓањето на растот на бруто домашниот производ во таканречениот реален сектор.

СДСМ во оваа фаза од расправа по буџетот сака да укаже и да побара објаснуваше од Владата по следните позиции:

Прво, има тенденција приходите во Буџетот да опаѓаат заради проблемите кои се јавуваат во околината на Република Македонија и мислам дека нема потреба од елаборација како тоа ќе се случува со опаѓање на буџетските приходи, ако треба, се разбира, ќе го елаборираме.

Врз основа на тоа се случува опаѓањето на производството што значи претстои опасност буџетската рамка да не се остварува.

Министерот за финансии во својство на претставник на Владата вети односно официјално изјави дека буџетот на Република Македонија е полувоен буџет - цитирам. Исто така сакаме да укажеме дека нашите анализи укажуваат дека овој буџет не е полувоен буџет затоа што она што во буџетот е внесено како ставка врз основа на што ќе се трошат пари за непредвидени ситуации е 450-тина милиони денари односно само 1,1% од буџетот на РМ. Значи не можеме да ја поддржиме констатацијата дека е ова полувоен буџет со 1% намени за бегалците и други непредвидени ситуации. Но, на против, ние не очекуваме дека големите проблеми со бегалците ќе се решаваат со помош која ќе ја добива Македонија исклучиво од надвор и мислам дека треба да бидеме многу претпазливи.

СДСМ врз основа на тоа укажува дека Владата на РМ треба да појасни и да дообразложи до Парламентот што ќе се случува ако во Македонија овие движења се заострат и како тогаш ќе ја гледаме вкупната буџетска политика и макроекономска политика. Едновремено укажуваме со оглед на настанатата ситуација имајќи го предвди и тоа што вие конечно го кажувате неколку дена и денеска од госпоѓата потпретседател на Владата Димовска дека состојбата во Македонија е стабилна. Ние укажуваме на потребата во рамките на буџетот стоковите резерви на Македонија сериозно да почнат да се зголемуваат. Исто така сакаме да укажеме на фактот дека согласно член 68 став 1 алинеја 11 од Уставот на Република Македонија, Собранието на Република Македонија одлучува за резервите на Република Македонија. Укажуваме на фактот дека е потребно овие резерви брзо да се зголемуваат.

Проектирањето на резервите на минатогодишното ниво создава ситуација дека тие ќе бидат толку колку што се планираат во нормални услови. Сметаме дека министерот треба да даде образложение зошто стоковите резерви во Македонија во вакви услови не се зголемуваат. Сметаме дека е потребно да се даде одговор доколку приходите согласно проектираниот буџет не се остваруваат, што е исто така една од можните варијанти на овој Буџет, дали линеарно ќе опаѓаат сите ставки во Буџетот или ќе има приоритети на одредени намени кои ќе бидат во насока на решавање на состојбата.

Исто така укажуваме дека овој буџет, иако беше кажано во воведното излагање, по наши согледувања сосема спротивно не ја поддржува политиката на пораст на вработувањето во Република Македонија од причина што стариот закон е веќе укинат, средствата во Буџетот се само за остварување на правата стекнати врз основа на стариот закон и нема никакви траги од тоа дека во Буџетот се предвидуваат пари за проекти кои ќе значат зголемување на вработеноста ниту грегуларното вработување ниту она посебно што Владата го најави или коалицијата во врска со 10 илјади социјални случаи.

Исто така сакаме да укажеме на една состојба со РМ за која министерот со право уште на почетокот од своето воведно излагање зборуваше во врска со дефицитите во фондовите кои согласно политиката на овој Буџет многу често ги бенефицираме со државни пари. Во оваа насока не видовме дека има промени во Буџетот. Меѓутоа, сакаме да укажеме на два факти од трите фондови кои постојат во Република Македонија и старата влада која сега веќе не е влада, кога ја презема должноста наследи дефицит во сите три фондови. Меѓутоа, ова Собрание на предлог на Владата водеше политика на санирање на дефицитите во фондовите и во вработувањето и во пензискиот и во здрвствениот фонд.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:** (продолжение)

Сакам да кажам дека Фондот за вработување од прилика е саниран 1996 година со околу 800 милиони денари. Во 1997 година, со мерките на политиката на ова Собрание и со Буџетот во 1997 година заврши санацијата на Фондот за пензиско осигурување на Македонија со висина околу 1 милијарда и 300 милиони денари. СДСМ се залага после решавањето на проблемите со санирањето на дефицитите во овие два фонда Владата да предложи да продолжи со политика на натамошно санирање на послендиот фонд кој е во дефицит, тоа е фондот за здравство. Тој да дојде на ред и да се расправа, меѓутоа немаме увид дека во Буџетот за таа намена се одвојуваат средства.

Исто така сакаме да укажаме на еден факт кој внесува забуна и во јавноста и кај нас. На изјавите на премиерот веднаш по презема-њето на Владата дека фондот за здравство има дефицит од 90 милиони ДМ за да после три месеци во едно интервју кое беше пред десетина дена на МТВ каже дека дефицитот сега изнесува 120 милиони ДМ. Очигледно е дека дефицитот во здравството не е врз основа на политика која ја водела претходната Влада. За три месеци се зголеми за 30. Сакаме да укажеме дека за ова не треба да се обвинува никој во РМ . Системот на поставеноста на здравственото осигурување е таков да створа дефицит. Ние сме должни како парламент да добиеме од Владата уверување дека ќе се води политика на негово санирање.

Исто така сакам да кажам денес забуната кај нас стана целосна кога министерот за финансии во своето воведно излагање кажа дека дефицитот во здравството изнесува 200 милиони ДМ.

Сакам да укажам на макроекономската политика на РМ и нејзината документација која е документ на Владата каде што здравствениот фонд 1998 година завршил со дефицит од милијарда и 264 милиони денари, што е од прилика 40 милиони ДМ. Ние навистина во овој момент имаме од страна на Владата прилично недифинирана состојба кој е дефицитот во здравството, дали овој што го пишува во документацијата официјално, дали дали ова што министерот, или она што г-динот премиер го изјави.

Меѓутоа без разлика на се очекуваме Владата да понуди решенија за решавање на проблемот со здравството. Се разбира дека решавањето на тие проблеми ќе ја доведе Владата во позиција на конфликт со своите изборни ветувања каде што се ветуваше дека давачките за здравство ќе се намалуваат, а ќе опаѓа степенот на партиципацијата на луѓето кои ги користат услугите. Меѓутоа, сега се случува обратно. Степенот на партиципацијата расте, едновремено расте и дефицитот што значи потребни се сериозни мерки за санација. Ние тоа го очекуваме.

Исто така сакаме да укажеме уште на еден проблем кој се јавува во РМ во врска со Буџетот на РМ.

Република Македонија претрпе политички последици штетни од т.н проект Тајван од признавањето на територијата Тајван. Она што мислевме, или очекувавме односно вашите ветувања, вашите прогнози дека ќе се случи и дека Македонија врз основа на тоа и економски ќе бенифицира, конечно врз основа на Буџетот и економската политика за 1999 година можеме да

укажеме дека само 10 милиони долари се доставени од Тајван и дека тие се префрлени на екстерната сметка на Народна банка на РМ кои ќе се користат за покривање на дефицитот на платниот биланс во РМ соодветно на тоа и во Буџетот. Но, исто така ќе укажеме дека вакви суми, со вакви милиони нашата држава ги добива во последниве неколку месеци од други држави со кои не направи политички проблем, на пример Холандија. Ги нема ветените четири пати по 100 милиони долари во секоја година за поддршка на буџетската потрошувачка и платниот биланс. Укажуваме на фактот дека ако нема економски решенија тогаш нема потреба од политичкото решение. Тоа треба да се корегира.

Исто така сакаме да укажеме дека во овој Буџет како што е предложен има сериозни проблеми со финансирањето на развојот на четири дејности. За здравството кажав, само ќе упатам нешто од нив, нешто ќе елаборираме во други дискусии. Има сериозни проблеми со развојот на дејностите од образованието, културата и екологијата. Исто така нема никакви средства за враќањето на ветените пари од штедилниците на гра ѓаните на РМ.

СДСМ очекуваше Владата на РМ кога го одложи донесувањето на Буџетот во редовниот рок и го искористи законското право за пролонгирање од три месеци, согласно со политиката и на СДСМ, меѓутоа согласно и на политиката на коалиционите партнери да предложи посебен судски буџет, што е проблем, кој не е во судир со меѓународниот монетарен фонд, не е во судир со домашната позиција и опозиција и очекуваме да чуеме образложение зошто Владата не понуди посебен судски буџет. Тие работи ние сме спремни да ги акцептираме доколку бидат понудени.

Би сакал исто така да укажам, овој пат малку ќе ги смениме улогите, обично ако некој од опозицијата укажува дека по жител бруто домашниот производ е поголем од оној што министерот го претставува незнам како ќе се свати. Да бевте вие во опозиција ќе сватевме зошто ни кажувате дека имаме 1000 долари ЦДП по жител. Меѓутоа Македонија има 1680 долари по жител ЦДП и тоа не е нешто што јас го измислувам, тоа е согласно вашата документација каде што на втората страница кажува дека бруто домашниот производ по жител во 1998 година е оценет, а во 1997 е чист податок на нивото од 96 илјади денари по жител. Тоа е околу 1680 долари и нема потреба министерот за финансии да не плаши дека ние имаме по 100 0 долари ЦДП по глава на жител и дека заради тоа ќе биде загрозена политиката.

На крајот би сакал да кажам дека СДСМ, пратеничката група на СДСМ очекува одговори на изнесените прашаша, а за работите за кои дадовме поддршка не ги очекуваме одговорите, бидејќи ја дадовме оваа поддршка овде, мегутоа очекуваме одговори од страна на Владата за она што овде го изнесовме, очекуваме однос кон покренатите прашања од расправата која ќе следи и после тоа ќе се изјасниме за нашиот став кон буџетот.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на господинот пратени Никола Поповкси.

Продолжуваме со расправа.

Молам кој бара збор?

Има збор пратеникот Бајрами Фадил.

**БАЈРАМИ ФАДИЛ:**

Г-дине претседателе, дами и господа пратеници,

Денес ние водиме расправа по значајни законски проекти кои имаат исклучителна важност врз остварувањата на тековната економска политика на земјата. Во овој законски пакет моето излагање ќе го фокусирам врз предлог буџетот за 1999 година, неговиот концепт, обем и содржина.

Буџетот на државата како најзанчаен документ на макроекномската политика поаѓа од зацртаните макроекономски сидра каде како приоритетни задачи се создавање на услови за пораст на производството посебно на малите претпријатија стварање услови за прилив на странски капитал, како и ревитализација и финансиска консолидација на постојните капацитети, Во тој контекст најголемо значење е дадено на довршувањето на приватизацијата во комплексот, потоа завршување на продажбата на државниот каптиал, задржување на реформите во банкарската свера, промена односно поставување на законската регулатива во областа на недоволно развиените и рурални подрачја, како и ревизија на постојната фискална политика.

Пред да се осврнам на содржината на буџетот сакам да дадам краток коментар на некои параметри на макроекономската политика кои не се

реално планирани при изготвувањето на Буџетот.

Имено, динамиката на растот на индустриското производство во првите месеци од оваа година бележи негативен тренд што веднаш ја наметнува дилемата дали планираното индустриско производство од 5,5% е реално и остварливо. Ова посебно го подвлекувам бидејќи полнењето на буџетот односно најголем дел од изборните приходи зависи од зафаќањето во индустриското производство. Впрочем материјалното производство е и база на која почива севкупниот развој на државата што директно има одраз врз планираната стапката на општественото производство.

Во концепирањето на буџетот предлагачот применува рестриктивен метод каде појдовна цел е стимулирање на стопанскиот раст, при што приоритет е даден на развојната компонента на буџетот.

Во тој контекс проектирана е годишна стапка на инфлација од 3%, проектиран општествен производ од 6,5%, фискален дефицит во износ од 2,1%, бруто општествен производ и буџетски дефицит од 0,1% од бруто домашниот производ, како и стабилна монетарна политика во земјата.

Господа пратеници анализирајќи ги претходните податоци веднаш се наметнува прашањето на реалност остварливот на буџетот на РМ за 1999 година. Ми се поставува дилемата односно неможам да ја видам во сигурност заложбата на предлагачот за развојната компонента, на буџетот бидејќи од содржината на овој документ се гледа дека 40% од планираните средства се наменети за плати, скоро 37% за социјални потреби и 8% за пораст на капитални трошоци. Сигурно предлагачот кога ја подвлекувал развојната определба на буџетот мислел и на сервисирањето на странскиот долг кој го имаат нашите сопственици, но никако неможам да се уверам дека оваа конструкција на буџетот ќе внесе динамика и мобилност кај стопанските субјекти.

Наредна констатација која не оди во прилог на претходното укажување и означениот пат на индустриското производство, што сакале или не мораме да признаеме е негативен сигнал за остварувањето на макроекономската политика за 1999 година, а во тие рамки и на буџетот како нејзин инструмент.

Следно прашање на кое сакам да се задржам е билансот на приходите односно изворните приходи имајќи ги во вид минатогодишните показатели за остварувањето на планираните приходи на буџетот односно остварувањето на поголем дел од изворните приходи. Се наметнува дилемата дали и оваа година нема да се повтори истата состојба. Ова е дотолку позначајно што во фискалната политика и покрај најавените промени во законската регулатива сепак се остана на постојните решенија кои ги нудат законите за персонален данок, данок од добивка, данок на промет на производи и услуги и др, кои се и најбитните извори за пла-нирање на буџетот.

Во овој пакет на закони од даночната свера сакам да потсетам и на каснењето и во донесувањето на законот за додатна вредност т.н. ВАТ, кој ќе понуди и современи решенија во оваа свера,гкои ги применуваат најразвиените земји.

Исто така неможам во целост да се согласам со намаленото планирање на приходите од акцизите оваа година во однос на минатата кога се знае дека акцизите се многу важен и сигурен извор на финансирањето на буџетот.

Во концепирањето на буџетот односно во утврдувањето на вкупниот обем од 45 милијарди 933 милиони денари изворните приходи изнесуваат 41 милијарда 393 милиони денари додека дефицитот изнесува 4 милијарди 540 милиони денари. Се поставува прашањето како ке се покрие дефицитот доколку не се обезбеди кредит од меѓународни финансиски институции, или зошто не се соопшти на начинот од каде и кои меѓународни финансиски институции би се обезбедиле овие средства. Остварувањето на макроекономската политика за 1999 год, а во тие рамки и буџетот на РМ е во тесна корелација со проекцијата на монетарна политика за 1999 година. Ова е доколку позначајна што со прогресивните мерки на монетерната политика треба да се интезивира заживувањето стопанските активности и постигнувањето на фенална стабилност. За остварувањето на оваа задача со мерките на монетарната политика пла-ниран е пораст на паричната маса најмалку од 11,4%. Меѓутоа кај мене постои дилема дали стапката на пораст од 11,4% треба да биде лимитирана од страна на Народна банка на РМ или нетреба да се препушти на деловните

банки што впрочем е пракса во повеќе развени земји.

Господа пратеници на крајот давајќи поддршка на буџетот на РМ за 1999 год, сакам да истакнам дека треба да се нарпават напори за внесување на структурни буџетски промени во функција на негова поголема ефикасност, реалност и стабилност, се со цел за изготвувања на реално развиен буџет својствен на современите предизвици.

И на самиот крај со оглед на севкупните состојби кои се случуваат околу нас и евентуалните рефлекси од тие збиднувања сакам да ја подвлечам потребата , државните надлежни органи да ја следат и ја проценат состојбата и да предложат евентуални дополнителни мерки до колку за тоа има потреба се со цел да нема потешкотии во остварувањето на буџетот.

Благодарам.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на г-динот пратеник Бајрами Фадил .

Дали некој друг бара збор по општата расправа или во начело за буџетот.

Г-динот пратеник Лазар Китановски

**ЛАЗАР КИТАНОВСКИ:**

Сакам на неколку прашања да се осврнам.

Назнапред окопу тоа дапи овоз вообичаен буџет или полувоен буџет, мислам дека треба да и биде јасно на Македонската јавност дека ова е редовен буџет по структурата како е направен. Ако Владата имала намера да прави некаков друг буџет тогаш тоа треба јавно да го каже или да го внесе во ставките. Јас заклучувам од ставките за одбрана, па и за внатрешни работи дека практично овој буџет е правен во период пред да се случат настаните во соседна Југославија што значи дек апроекцијата е правена со тековни информации или политика која ја планира Владата на РМ.

Она што е главно отстапување за мене е ветувањата кои беа дадени порано во предизборната кампања. Сериозноста на секоја партија се проверува на два начина. На избори и при донесување на буџет. Тоа е правило на политичката наука. Од ова гледаме дека навистина во еден период на македонскиот граѓанин му се нуди илузии што не се добри, не е добро и за македонскиот народ, за граѓаните и за било која влада на РМ. Не е добро да се создаваат лажни илузии кај граѓаните на РМ. Посебно не бидејќи сме иие млада држава. Ние сега и сами се воспитуваме, меѓутоа ги воспитуваме и граѓаните. Мислам дека ќе биде лошо ако било која партија во некои следни избори се служи со такви методи бидејќи ќе внесеме една неповолна политичка култура и ќе заостануваме во општиот демократски развиток на државата и на оваа нација, вклучувајќи ги и граѓаните на РМ. Но, и покрај тоа неможам а да не се осврнам на неколку елементи кои се толку воочливи што навистина ме загрижуваат.

**ЛАЗАР КИТАНОВСКИ:** (Продолжение)

На пример, има намалување и тоа, според мене, сериозно, во некои делови кои се од извонредно значење за Република Македониј Тоа е образованието. Јас сега тоа не го зборувам од партиски аспект. Образованието е многу битно за една млада нацина на млада држава. Понатаму, тоа е културата, каде ние се соочуваме со сериозни тешкотии и каде што сите сме согласни дека македонската култура мора да се афирмира и понатаму, бидејќи тоа е едно од нашите најголеми богатства што ги имаме, а токму кај овие две стапки имаме смалување во Буџетот. Понатаму, доаѓа екологијата, проблем кој е многу актуелен кај нас и во светот. И таму имаме големо намалуваше.

Меѓутоа, многу е интересно е дека најголеми зголемувања има, што мене лично ме фрапираше, тоа е за мебел и канцелариска опрема и купување на моторни возила. Само за споредба. Претходната Влада на РМ за мебел и канцелариска опрема предвиде 133.780.000 денари. Предлогот во овој Буџет е 240 милиони. Значи зголемување за скоро 100%.

При купување на моторни возила претходната Влада 10.900.000 денари, новата 42.720.000 денари и плус од сопствени приходи 14 милиони. Значи тоа доаѓа некаде околу 400 или 500% зголемување.

Сакам да кажам дека тврдењето што беше дека зголемувањето на бројот на министерствата нема да ја чини оваа држава, се покажа како неточно. Барам објаснуваше бидејќи толку средства за купување на канцелариска опрема и мебел, купување на коли, се тоа чини. Ако сакала Владата да заштети овие стапки можела да ги пренамени во другите сектори. Да речеме да ги пренамени во културата, во

стимулирање на нови таленти, во нивно стипендирање, во подршка на театарот, филмот и тн. За тоа јас во меѓувреме ќе предложам и амандмани во таа насока. Сакам да кажам дека владеењето не е канцеларијата и автомобилот. Владеењето значи нешто повеќе од тоа.

Го молам министерот да објасни зошто овие стапки се толку рапидно зголемени, кога тоа може да биде една солидна заштеда за многу други стапки, или пак ако се предвидувањата во поглед на РМ, во поглед на опкружувањето кое го имаме сега, кое има тенденција да се влоши, можеби е шанса самиот минтиер да направи измена, па да понуди евентуално дополнување кај Министерството за одбрана. Јас се сеќавам дека во кампањата, за жал, се нудеа по 1.000 марки на офицерите, на полицајците. Добро, тоа е кампања. Меѓутоа, сега тие луѓе, навистина, се изложени и ќе бидат изложени на таква ситуација. Можеби таму треба да се појача дел од Буџетот, бидејќи тие својот живот го ставаат на коцка со своите активности. Затоа мислам дека во некои делови Буџетот треба да се подобри и да се свати дека сепак Македонија е земја, и покрај тоа што беше кажано, тој е многу подобар од други соседни држави, а стои дека ние сме некаде на дното, не само во Европа, туку и на Балканот што не е точно. И покрај сето тоа, мислам дека има можности за заштеди и тие заштеди да се упатат на оние сектори кои се битни за македонската нација и за македонската држава.

**ЉУБИСАВ ИВАНОВ:**

Г-дине претседателе, дами и господа,

Ние расправаме за една многу значајна и важна работа. Тоа е Буџетот на РМ. Насекаде во светот па и кај нас овој проблем предизвикува голем интерес не само во Парламентот, во Владата, туку и кај целито народ затоа што од неговата големина и зафаќањето зависи колку ќе се бркне длабоко во џебовите на граѓаните. Според тоа со право и овде се води поширока расправа во врска со Буџетот и сите акти кои го следат овој буџет. Што паѓа во очи, дека практично имаме буџет и макроекономска политика во континуитет.

Јас со внимание тука го слушав г-динот Љубчо Георгиевски и некако како да го гледав Бранко Црвенковски. Го слушав и г-динот министер за финансии Борис Стојменов, како да го гледав Таки Фити. Има ли некоја разлика во донесувањето на буџетот, во обликот и формата на буџетот. Има сосема мала: зголемени министерства, Дирекција за обнова и развој, значи зголеменброј на потрошувачи. Има и разлика во претходнито дел? Многу малку. Според тоа, тоа што очекувавме, буџет во кој длабоко ќе се растовари стопанството, дека ќе имаме значајни средства, донаторства и тн., ни недостигаат ги нема. Ги нема затоа што сотојбите во економијата и пошироко се многу сложени и тешки. Ги нема затоа што веќе донаторството и го нема.

Јас видов макроекономска политика која е вградена во буџетот. Тоа е рестриктивна кредитна монетарна политика која беше присутна. Тенденција кон ниска инфлација од 3%, како што беше и присутна. Можеби поголема смелост во зголемувањето на бруто производот.

Сигурно е дека кога се гради буџетот се гради на веќе познати елементи и на состојби на државата и во економијата. Сигурно дека се поаѓа до тоа, од потребите и можностите и голем удел во буџетот, јасна е политиката изградена на ММФ кој што ја пласира во сите земји во транзиција.

Ние имавме едни позитивни движења во економијата во 1997 година, позначајни во 1998 година, споредени со претходните години. Веројатно планерите на буџетот виделе дека таквите тенденции можат да растат и во 1999 година, дека може таков тренд да се продолжи и на поставките на кои почива и кои инсистира да се градат ММФ, е предложен ваков буџет. Тој е со сите мани и недостатоци, како што беше буџетот од 1998 година. Меѓутоа, тука многу реално и објективно се зборуваше за состојбите во кои се наогаше македонската економија. Јас тука нема ништо да додадам ни одземам затоа што сум јас за тоа зборувам барем сто пати досега, ама сега ќе ги додадам состојбите во кои ние влегуваме сега во 1999 година, за нас сите неочекувано.

Ние почетокот на оваа година го започнавме со многу лоши резултати: пад на производството, во јануар месец 22%, февруар 27%, за март ги немаме податоците затоа што март сеуште не истече. Меѓутоа, имајќи ги предвид состојбите во економијата кои с еодвиваа во март, тие ќе бидат страшно катастрофални. Имајќи предвид сега што се случува околу нас, состојбите понатаму до крај ќе се усложнуваат. И

мене, кога образлаиаже г-динот министер за финансии и кога рече дека секој граѓанин спасот го гледа во буџетот, ми дојде таа страшна слика која не очекува. Меѓутоа, како да го полниме буџетот. Сите ние ќе дојдеме, вака ако продолжиме во економијата, во сите делови, навистина ќе дојдеме на коритото на буџетот, но и тој буџет нема да постои во својата големина и во своите вредности. Нема да го има. Нема да има приходи од каде ќе доаѓаат. Млаку се тие кои го надополнуваат буџетот со средства кои доаѓаат од страна.

Овде некои рекоа, мораме многу објективно и реално да ги согледаме работите. Ние носиме еден буџет за нормални услови какви што владееја во последните години и какви што очекувавме да владеат во 1999 година. Но, во услови кога имаме страшен пад на индустриското производство, во услови кога ние не ја извршивме есенската седиба, во услови кога е прашање како ќе ја направиме пролетната сеидба поради тоталната економска изнемоштеност на организациите и поединците и водржавата и тн., во услови кога тоа производство, дел од производството во земјоделието за што беше речено овде, а не е мало, раноградинарското производство, не можеме да го пласираме на традиционалните наши пазари: Хрватска, Словенија, Босна, дел во Југославија и тн. Тоа зборува дека ние и тие стапки што ги предвидуваме во земјоделието, далеку од тоа неможеме да го оствариме ни она ниво на производство од минатата година, а не пораст.

Во услов сега кога многу договори странските компании ги откажуваат, тоа се голем број на договори. Така речи текстилната индустрија која беше полна со работа, ЛОН работа, партнерите ги откажуваат договорите со фирмите, ги повлекуваат налозите или теи налози што ги имаат во фабриките брзаат да им се испорачаат ида се скрати времето на производство. Останатата индустрија не беше во можност дас обезбеди репроматеријал за еден подолг временски период за производство, поради нерасполагање со акумулација и обртни средства. Останатата индустрија полека ги троши последните залихи на репроматеријали. Набавката на новите репроматеријали е многу сложен и тешка. Сложена е од тоа што тие можат да дојдат тука. Патишатата кои ни се нудаст како алтернативни се многу скапи и многу го оптоваруваат репроматеријали. Залихите растат во фабриките. Реализацијата тотално застана. Во таква ситуација ќе се најде и хемиската индустрија и црната металургија уште повеќе со барикадите сега кои се воведоас во западните земји. Понатаму воената металургија каде дел од неас работеше ЛОН работи, исто така ќе застане затоа што никој повеќе нема да биде спремен да испраќа концентрати на ризично подрачје. Во останатиот дел на обоената металурија цените се така ниски, а вие знаете дека цените на металите, на црната металургија, на обоената металургија, во последните години и за 50 и 60% паднаа. Според тоа, целата индустрија практично, не користејќи го коридорот југосевер, ќе дојде во една многу тешка состојба. Ако тоа така се случи, вработените ќе отидат на неплатено отсуство, многу работни организации ќе отпуштат дел од вработените, ќе се појават технолошки вишоци, ќе се појават потрошувачи на буџетот, а ги нема на другата страна тие кои можат да го остваруваат тој буџет. Тоа веднаш рефлексно се однесува и на целокупната друга индустрија, на туризмот. Нема туризам на подрачје каде што војни се водат. Треба да се смета тој потполно да замре како што потполно замре кога се водеа војнтие вр Словенија, во Хрватска и тн. Никој не го ризикува својот живот. Ќе замре и угостителството. Нема потрошувачи. Ќе опадне прометот во трговијата, поготово на оние материјални добра на кои смета буџетот, каде се предвидени стапки на данок 20%, 25% и тн. Народот ќе се сведе на тоа да троши храна, а таму данокот е многу низок.

Според тоа, состојбите се некомплицирани,туку драматични. Многу од тие состојби се надвор од нашето влијание. Тие дојдоа и како резултат и на наши грашки, дојдоа како резултат и на влијанија на кои што неи неможеме да дејствуваме и да ги менуваме. Затоа сега е потребно ние тука водржавата тоа реално да го согледаме. Треба да се формираат кризни штабови од најспособни луѓе. Треба да се понудат решенија, излези. Ние стоиме во една ситуација недефинирана, а во една ситуација каде не нудиме излезни решенија. Ние сме препуштени сами на себе, а состојбите од ден на ден стануваат се подраматични. Ние денес имаме демонстрации на пуѓе кои реасгираат против војната. Може брзо таа работа да се усложни и да излезат лугето, работниците, на улица.

**ЉУБИСАВ ИВАНОВ:** (Продолжение)

Според тоа, се е ова во функција на Буџетот, а ако тоа некој не го разбира, тоа е негов проблем. Јас неможам тука ништо да му помогнам.Затоа, треба сериозно да се размисли да се работи на еден паралелен Буџет. Буџет, кој ќе ги одразува сите овие состојби во државата и кој можеме во наредните месеци да го донесеме и да го прила-годиме на тие прави состојби кој се подржуваат. Овде не се работи, јас не настапувам од позиција на опозиција или позиција, овде настапувам како човек, кој работел во стопанството 35-ет години. По овие прашања, јас и во 1996 година во однос на надворешната политика, во однос на економијата и во однос на меѓуанционалните односи, ние треба да изградиме консензус.

Кога зборував овде сега секогаш ми треба овој пат да изградиме консензус по економските прашања. И, ние целокупната своја енергија треба сега да ја насочиме кон решавањето на проблемите и во економија. Чудна работа е, тоа веќе, еве, се случува на двапати во 1994 година и во 1998 година, сите зборувавте за економските проблеми, решавање на економските проблеми, меѓутоа , сите бегаме од решавање на

проблеми. Изгледа дека е најлесен фронтот да се зафаќаме со решавање на надворешните проблеми. Ако ние не ја стабилизираме државата економски , ако не обезбедиме егзистенција, живот, нас друго ништо нема да ни вреди. Затоа, треба да се напуштат разни реваншизми, разни појави и дејствувања кои на тој план ни ја трошат енергијата и напорите да се вклучат најспособните луѓе, без оглед на партијата на која и припаѓаат, без оглед на тоа на кое место се и т.н., да придонесе да ги надминеме овие состојби.

Јас на одборот за кредитно-монетарна политика реков, еден цел пасус од Буџетот, некој тоа овде и го кажа пред малку, кој значи луксуз, а тоа значи инвестиции во згради, во капитални објекти,во намштај, во моторни возила и т.н., иако тоа не е доменантен дел во Буџетот, тоа да се склони, тоа да не боде очи на луѓето. Да направиме Буџет кој може да ги подмирува и да го овозможува функционирањето на институциите во државата. Сите солидарно да ги поднесеме товарите кои сега ни доаѓаат. Благодарам.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на г-динот пратеник Љубисав Иванов.

Збор има г-ѓица пратеник Валентина Божиновска.

**ВАЛЕНТИНА БОЖИНОВСКА:**

Почитуван претседателе, дами и господа пратеници, веројатно како човек што потекнува од духовната сфера имам едно несебично задоволство да се говори после еден таков говорник, претходниот говорник и најверојатно на луѓето кои ја пишуваат големата литература би значело една основа основа за еден најлицемерен есеј. Затоа , веднаш оние што пишуваат нека ги стокмат перата и нега го напишат есејот, а јас на претходниот говорник ќе му посакам добра и понатаму члета совест каква сеуште што ја има и особено никогаш повеќе да не си го ризикува животот како овој пат.

Но, моето излагање дозволете да биде, сепак, сврзано кон г-динот Китановски, а тоа зошто е така, бидејќи г-динот Китановски беше првиот човек кој во нашата конструктивна опозиција ја спомна културата.

Дозволете г-дине Китановски само да Ве потсетам дека и припаѓате на една крајно несериозна апртија, се покажа во Вашето владеење и исто така со една крајна несериозна кампања. Но, Ви благодарам, бидејки ја спомнавте културата и бидејќи сте член на комисијата за култура, Вие не бевте присутен, јас мислам дека е во ред да Ви реферирам дека имаме Предлог за дополнвуање на позицијата тековни трансфери и тоа наместо предложените 403 милиони , да стои 566 милиони денари. Тоа значи дека со учеството на средствата за културата од вкупните трошоци на Буџето за 1997 година, изнесува некаде 2,31%. Во 1998 година е зголемен за 2,56%, а со овој предлог ќе изнесе некаде 2,69% односно за разлика од предходниот Предлог на буџет на Владата на република Македонија до овој предлог изнесува само 0,35%. Исто така, имаме предлог за позицијата на Капитални трошоци односно реконструкција на гра-дежните објекти, каде предложените 20 милиони денари , треба да стои 30 милиони денари. Мене ми е многу жал, но Вие не бевте присутни на Комисијата за култура. Видете, ова е предлог, но подоцна претседателот на Комисијата за култура ќе излезе со амандман. Па, само потсетувам дека тој овој предлог не е

можно да го знае, бидејки реков, не беше присутен.

Би сакала нешто генерално да спомнам, бидејки , сепак, не мислам дека културата е воопшто полека дека би имала некое популистичкс пеливанство на политичките партии и не е во ред сега да се говори за тоа дали ние можеме да издржиме културните дејци со ваков Буџет се разбира, тоа е еден голем, претежок залог секогаш да се издржи со одредени средства кои ќе бидат точно утврдени или детерменирани.

Мораме сите да признаеме дека во последниве 9 години секогаш во областа на културата некако средствата биле затегнувани и тоа е некоја генерална политика . Јас би сакала во овој момент да ме сватите повеќе манифестно дека ниедна политичка гарнитура не може да опстои во државата , ниту пак може да направи некаков свој сопствен демократски тренд, доколку не постојат луѓето од духовната сфера. Значи, јас секогаш мислам дека културата е, сепак , покрај интегритетот и суверинитетот на една држава дека е важна , елементарна супстанца во политичкиот живот. Ние сите знаеме дека тоа не е така и ова мое говорење немојте никогаш да го сватите како некакво ривалство. Но, дозволете да помислам дека секогаш имало време и невреме за културата. А, тоа значи дека оние луѓе кои се во духовната сфера во областа на слиакрството, на музиката и на театарот, неважно од тоа колку едно министерство или да кажеме еден генерален спонзор ќе утврди дека толку и толку средстаа, тоа не зависи од неговиот порив, апсолутно, дека тој ќе креира . Напротив, нашата историска цивилизација укажува на тоа дека секогаш големите и најкреативните дела се создаваат во времето на немање доволно средства, а тогаш се појавуваат најголемите умови, се разбира.

Меѓутоа, јас би сакала да напоменам нешто што беше наша, би кажала генерална напомена и некакво фаворизирање на идејата во нашата партија, партијата ВМРО-ДПМНЕ во нашата кампања дека за прв пат, можеби во македонија ќе имаме враќање на традиционалната култура. Тоа значи дека за прв пат можеби ќе се отворат портите на големата култура, културата коај секогаш ни припаѓале нам цивилизациски како еден нераскинлив дел. А и она што е зацртано и во Законот дека ќе имаме конечен национален третман во културата.

Јас мислам дека светот е една, а верувам во таа важечка мсила дека светот, па и политиката е еден жив организам и дека, веројатно, неможе да постои ниедна елитна политичка партија во своето владеење, доколку не направи чекор кон чистите потенцијали во културата

Јас, навистина, би сакала да апелирам на тоа дека чистиот потенцијал е во културата, во музиката, во уметноста, конечно во Македониај со оваа коалиција, со оваа гарнитура дека конечно ќе донесе еден поинаков културен фајл во државата. Мислам дека сега имаме прилика да разговараме на поинаков тон и на поинаков начин. Тоа значи дека за прв пат ќе имаме она што е целисходност, сообразност со албанската, турската култура и македонската култура.

Би сакала нетшо да кажам што е потцртано со она што е книгоиздателство во Буџетот, она што е библиотечна дејност во Буџетот и, се разбира, за парите што се одвоени за сценските уметности. Кога би прошетале во еден европски град, почитувани, веројатно ќе наидете на многу уметници, кои ја распостилаат својата уметност на улиците. Во еден таков град јас прашав ваква работа еден уметник кој сликаше на своето платно, велам, добро, како издржувате? Неговиот одговор беше многу интересен и мислам дека ќе биде интересно за сите нас, одговорот беше од прилика ваков. "Јас припаѓам на ниско буџетна уметност". Тогаш, на моето љупопитство "што значи "високо-буџетна уметност", тој ми одговори дека тоа веројатно е театарот и филмот. Тука г-динот Китановски беше повторно загрижен и јас морам да кажам дека од претходниот министер г-динот Умковски имаше еден прекрасен обид, обидот за тоа да по-каже во каква ситуација се нашите духовни храмови, меѓутоа , за жал, остана само на неровиот обид . Веррдатно, му клонеше духот, наспроти неговиот оригинален занает, режисерството, со тоа што се поврза со неговите семејни родбински врски, вклучувајќи ги неговиот син и неговата сестра и така за МОД имавме партиципација на плакатите од неговиот син и пари кои не се знаеја. Јас веројатно, ќе побарам со текот на времето информација каде се одлеваа тие пари и т.н. Што значи дека, не би сакала да ја имам загриженоста од другата страна, од мојата лева страна, бидејки мислам дека со креирањето на ваквите можности кои ни ги дава овој

Буџет дека нема да се намали. Мојот апел сватете го како апел дека луѓето и покрај тоа ќе успеваат да креираат и дека, за жал, луѓето од духовната сфера никогаш не билепандан, а би требало да бидат пандан на политиката и дека она што ние го имавме во нашата кампања дека културата ќе има силна поврзаност со тоа дека сме ние граѓанско општество, јас би сакал навистина тоа да го поврзам, бидејки што се Хераклја што се Стоби, ако не еден континуитет на таа граѓанштина ние ја имаме а на тој елитизам, на тие чсити потенцијали, да се разбереме дека ниеден од нас политичарите не може да замине некаде , без да се пофали со тоа што го имаме како Курбиново, Нерези, високите ремек дел кои можат да стојат паралелено со светсктие придобивки.

Би сакала да кажам само уште енколку работи за нашата литература, книгоиздаваштво, ние гледаме дека тука имаме доволно пари за книгоиздаваштво и дека е тоа добро, бидејки наеднаш во Македонија се случи секој да застане и дека секој може да пишува. Конечно, ќе направиме, па дури и со ваков Буџет дека ќе се случи да направиме една рестрикција која, всушнсот ќе оди намерно во творештвото, особено во лиетаратурата, бидејки ќе се издвои само доброто, оригиналното и врховното во македонската современа литература. Јас , како човек кој и припаѓа на духовната сфера, го поддржувам овој Буџет, а понатаму се разбира дека со амандман ќе пристапи и претседателот на Комисијата за култура.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

И благодарам на г-ѓицата пратеник Валентина Божиновска.

За збор се јави пратеникот г-дин Александар Флоровски.

**АЛЕКСАНДАР ФЛОРОВСКИ:**

Г-дине Зинго, Вас би Ви се обратил, значи ќе имате две реплики. Пред се, Вашиот говор можам да го окарактеризирал како многу вдахновен или македонски кажано, мижи да ти бајам. Зошто ова го велам. Поставивте прашање како да се полни Буџетот. Па, Вие најдобро го зна-ете одговорот, со плаќање на даноци, кои Вие воопшто не ги плаќате. Овде цело време порадавате демагогија како да се полни Буџетот. немојте, Ве молам.

Втора работа, рековте дека треба да се екипираат најспособните луѓе во државата. Точно е дека треба така да се направи. Но, Вашата способност во кој домен би влегла. Ова го псотавувамисто како прашање. Впрочем има уште една работа се затворивте во својот феуд во Кратово, наместо пари делите бонови и го добивте надимакот "Дон Корлеоне " од Кратово. И немојте, Ве молам, во иднина да ни држите овде срцепарателни говори колку сте Вие умен и паметен кога се говори за економијата, а цело време работите на штета на оваа држава. А и Вашата политичка опција е општопозната во Македонија. Ве молам, друг пат покажете барем една мала искрена загриженост за оваа држава. Немојте овде да губиме време 15 или 20 минути на Вашите придики. Толку и еве имате шанса да ми реплецирате.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Г-динот Љубисав Иванов, бараше реплика.

**ЉУБИСАВ ИВАНОВ:**

Сега прв пат слушам овде дека мојот живот е загрозен. Арно ама требаше да ми се каже на кој начин ќе ми биде извршена егзикуцијата. Еве, сега, веќе вториот дискутант најавува. Јас мислев дека е тоа можеби со давење, со труење или друг начин. Еден рекол нема крај на глупостите.

Вториот дискутант веќе ја најавува таа егзекуција. Ние сме го виделе тоа. Ние сме го чуле тоа. Изгледа ќе ни треба многу време за да се измениме во тој поглед. Секогаш кога некој има друго мислење друг став , тогаш на помош се повикуваат средствата, методите за уќуткување. Па, Вие дејствувате во тој поглед. Нене пак ќе кажам, Бранко четири месеци ми прати инспектори. Вие, веројатно, шест или осум месеци. Дајте, кинете глави, уништувајте фирми. Тоа е патот по кој трг-
навте. Дали е тоа пат исправен, времето ќе покаже. Јас никого не мра-зам, на никого ништо во животот не правам, туку сум заинтересиран за тоа оваа земја да успее, да се развие, да се создаде материјално благо. Немам јас друга политика. Политиката не признава некои да е по-голем од мене Македонец може да биде само толку. Непризнавам некој да е поголем родољуб од мене. Може да биде само толку. Но ние, ако сакате, тие идејни прашања да ги расправаме да седнеме на друго место Јас настапувам од добронамерни позиции. И, ако ме прашувате, а ме прашавте дали сум јас кој треба да биде

во тие експертски тимови, еве да Ви кажам, не. Нека бидат тие што се подобри. Благодарам. А, за ова давењето.....

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Ќе ве молам да го сочуваме достоинството на Парламентот.

**АЛЕКСАНДАР ФЛОРОВСКИ:**

Јас сакам ова да го кажам господине Љубисав Иванов дека јас не ви претев воопшто . Но, има уште една македонска изрека: тој што си ја има мувата на капата, тој си ја ишка. Дали некој ке ве труе, или не, најмалку е мој проблем морам да ви кажам, ако ви е нечиста совеста, вие размислувајте. И во краен случај не реков дека не сте македонец, дека не сте патриот. Јас една работа кажав, дека вие три до четири, а можеби и повеќе години не плаќате данок на оваа држава. Парите каде завршуваат господ знае, најверојатно во вашите џебови. И уште еднаш би апелирал, ве молам, немојте реаботите да ги сваќате како што вие сакате. Слушајте малку подобро, јас зборувам на македонски говорен јазик.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Ќе ве молам господо пратеници да се држиме сепак на Буџетот и на начелната расправа во врска со буџетот. Има збор господинот Илија Илоски.

**ИЛИЈА ИЛОСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, во ова мое обраќање на денешната седница околу донесувањето на буџетот за 1999 година би сакал да спомнам на почеток и да кажам дека јас не припаѓам на духовната свера, меѓутоа се чуствувам доволно продуховен да имам почит и респект кон сите, поготово постарите пратеници овде што се до нас, а и кон сите 120 пратеници овде подеднакво, држејќи се строго само за еден принцип дека духовноста строго се коси со остраструвањето по сите хри-стијански правила, поготово по православието и затоа имам забелешка на претходниот дискутант од ВМРО-ДПМНЕ со некое острастрување, кога рече претходно дека припаѓа на духовната свера, се обраќа на пртеници постари од него. Држејќи се за тој принцип дека без никакви намери да го бранам претходниот дискутант, секој си одговара за она што ќе го искаже како сопствен збор на оваа говорница. Би сакал да го цитирам англискиот слободоумен новинар Скот кој вика дака мислењето е слободоумно, значи како такво е дадено природно право на секого да мисли, а фактите се светиша. Претходниот дискутант говореше слободоумно како што тој размислува, без разлика дали јас го поддржувам, вие го негирате и тн. Второ, зборуваше со факти, а фактите се тие. Во 400 страници бројки што ни се доставени за усвојување на Буџетот на денешната седница може лесно да се открие со еден дигитрон дете од V одделение да премсета дека буџетот во однос на минатата година во глобалните позиции е корегиран за 3,6%. Износот од 3,6% има инкорпорирано во себе износ од 3% претпоставена инфлација за 1999 година што значи само има разлика од 0,6% во глобалните позиции и на приходната и на расходната страна. Затоа не гледам причина да се напаѓа претходниот дискутант кога рече дека овој буџет е скоро пресликан од претходните буџети кои беа рестриктивни во поддршка на кредитно-монетарната политика од страна на фискалната, или обратно во некоја хоррдинација за само на некој начи да се испочитуваат препораките на меѓународниот монетарен фонд што рака на срце не беше ваша предизборна препорака и активност. Од тие причини иозлегувајќи на оваа говорница со овој вовед би сакал да дадам некои појаснувања на основните глобални сегменти што не водат до вистината за скепсата што се раѓа во мене дека овој буџет навистина неможе да се реализира ваков каков што е. Јас го поткрепувам ставот и напорите на Владата да ги испочитува препораките на ММФ. Од проста причина што секоја земја од економски аспект која има проблеми со својата платнобилансна позиција а сака да се дружи со светските фианнсиски институции мора да ги почитува нивните правила на игра. И оние волонтаристички и романтистички настапи во предизборието дека нам не ни требаат тие се покажаа дека не се точни и дека навистина мора да се поздрави потегот на новата влада што ги прифати на крајот на краиштата тие препораки и го конципира буџетот ваков каков што е. Меѓутоа со една битна разлика, секоја влада при донесување на овој круцијален економски акт кој е финиш на сите економски активности во една држава си го зема законското право во периодот од три месеци со одлука за времено финансирање на државата на некој начин да ги прати финансиските текови во реалниот сектор, во банкарскиот сектор, општо економскиот сектор за да на некој начин да дојде до

поблиски егзактни показатели за реализација на буџетс на приходната страна и за извршуваше на истиот на расходната страна. За жал оваа влада како да замижа пред објективните состојби што се случија во првите три месеци од оваа година. Основна платформа, основен постулат на кој почиваат целокупните овие цифри на 400 страници напишани што претходно кажав, е тоа да буџетот се заснива на следните физичкр показатели и тоа на пораст на бруто домашниот производ од 6,5%, проектирана инфлација од 3% и во дефицитите мислам фискалниот и буџетскиот 2,1% дефицит, или 0,1% буџетски дефицит. Ако се земе предвид дека во формиорање на економска категорија бруто домашен производ индустриското производство и рударството влегуваат со скоро една третина во износот а движењата не се ниту малку розови во првите три месеци. Некој спомна, сакам да повторам дека за јануари официјален податок истакнат е за јавноста од 22% пад на индустриското производство, за февруари тој процент се движи до 27%, значи имаме зголемување и за март месец најверојатно моја претпоставка е дека под 20%% тој пад нема да биде. Ако кумулативно имаме за првите три месеци пад од 60%, кажете ми кој е тој економски експерт во светот, не во Македонија кој на некој начин ќе успее во наредните девет месеци да го испегла тој пад, да завележи пораст и да речеме последниот квартал од годината да го заврши со пораст од 5,5% какс што е проектиран растот на индустриското производство. И од овде целокупната скепса што кај мене се јавува дека или скоро ќе одиме на ребаланс на буџетот што е многу непопуларна мерка за предлагачот, или на некој начин ќе замижуваме пред оние нoторни економски вистини и процеси што ќе се случуваат во оваа држава, а на некој начин не ќе сакаме да си ги признаеме самите на себе. Ако ова проектирање се случеше во 12 месец 1998 година и како што реков пред малку, не се користеше оној драгоцен период од 3 месеци за да се видат реалните движења, поготово во реалниот сектор, тогаш оправдано ќе беше за Владата дека се направени одредени пропусти при предвидувањето како што секој што прогнозира може да погреши во прогнозата. Додатно сите бевме свесни, опозицијата упорно притискаше да се отвори дополнителна расправа за моменталната безбедносно политичка ситуација која на некој начин ќе биде додаден негативен елемент што во секој момент ќе ја обременува економската си-туација на овие простори. Вие замижувавте и пред тие факти и на некој начин министерот за финансии вели дека е донесен полувоен буџет што на крајот на краиштата и нема врска со реалноста од проста причина што средствата предвидени за таканаречениот полувоен буџет се, се на се мислам дека околу 1% од вкупната структура на расходната страна што се предвидени за тие намени. Инаку да видиме во ставките, во одделите на аналитиката на б-уџетот кај војската, или полицијата покачување на овие ставки, тогаш навистина ќе мислиме дека на некој начин се прави полувоен буџет или поготово да видевме зголемување кај ставката на Дирекцијата за стокови резерви, затоа што во вакви критични моменти во сите нормални држави на светот се преземаат и такви безбедносно економски мерки кои на некој начин во еден одреден оптимален период би го прераниле сопственото население.

Се прашувам сега дали е воопшто можен пораст на индустриското производство кое како најсилен фактор кој го формира бруто домашниот производ во наредниот период. Во економската теорија и литература што јас сум ја читал досега сум сретнал само еден податок дека поголем раст од 5,од 7, од 8% во некои многу високо развиени економии на бруто домашниот производ е постигнат само во првата петолетка на Сталин со камшик. со логори и тн и со некои неекономски логики на произведување на пример на машини кои не можеле да си ја покренат сопствената тежина, бидејќи моторот на таа машина бил послаб за да ја покрене сопствената тежина, а по некоја петолетка требало да се вгради повеќе челик, бидејќи некој друг таму ресурс повеќе произведувал и го исполнил петогодишниот план. ИНаку во економската теорија не е познат досега да ние забележиме наредниве три месеци раст од 20% и во последниот квартал од годината да бележиме некоја просечна стапка од 5,5 или од 5% што ќе биде основа за сиве овие проектирани економски параметри што се заснивaат на порастот на бруто домашниот производ. Од тие причини господине министре како предлагач јас ви советувам она што и господинот Поповски го кажа на почеток, размислувајте уште сега во овој момент за еден паралелен буџет за недај боже овие процеси во падот на бруто

домашниот производ да го задржат сегашниот тренд на надолна линија. Сега би се прашале сите поготово предлагачите, па еве претходно Илоски спомна дека само за 3,6% се разликуваме од претходниот буџет, а сега го критикува и со скепса го при-фаќа ова дали како позиција би се реализирало. Тоа е точно дека, меѓутоа сакам да ги спомнам движењата што во овој сектор се случуваат на почетокот на минатата година кои на некој начин беа битни влезни параметри во формирање на таа матрица како да изгледа буџетот за 1998 година. За 1998 година ние имавме раст на бруто домашниот производ на годишно ниво зборувам од 2,9%, или помал за 2,1% од тоа што планиравме. Ние одевме на 5%.Значи нешто беше попесимистичка варијанта, меѓутоа и тоа не успеавме да го оствариме. Тоа го остваривме од 2,9% затоа што во реалниот сектор поготово во стопанството кај индустријата и рударството ние имавме огромен пораст за прв пат во историјата на оваа држава нагорна линија се покажа,раст на производството од 4,8% и тоа кај 20 гранки од 32 по класификацијата, по номенклатурата, што беше една оптимистички најава дека тој тренд натаму ќе продолжи.Со мактропни напори бившата влада успеа тој тренд да го задржи и на крајот успеавме да забележиме пораст од 2,9%. Јас незнам на кој оптимизам ви се заснива целава оваа проекција. Еве, да не се свaќа овде како позиција, опозиција да дискутираме, впрочем на овие теми и на овие тези имаше забелешки и од самата позиција. И сега се прашувам на кој оптимизам се заснива сето тоа да би на пад на индустриско производство од 20% месечно, или кумулативно 60% за три месеци ние градиме ваква макроекономска политика, а врз тие темели и градиме ваков буџет.

Кои би биле според мене последиците од едни вакви движења кои би го зафатиле стопанството во наредниот период. Не треба да се биде никаков пророк, или некој голем економист да се предвиди ова, бидејќи има математички модели за пресметување, ако едното се случи што како серија настани економски се случуваат отпосле откога ќе дојдат во пра-шање некои зацртани параметри во основа што овозможуваат на некој начин реализација на овие цифри предложени во Буџетот.

Според мене би се довело во прашање, а и самата неликвлдност зтоелмување на неликвидноста во стопанството на почетокот на гсгдината битно ќе го доведе во прашање функционирањето на сите стопански субјекти во реалниот сектор. Тоа само по себе би повлекло смален обем на производство, смален обем на надворешно трговски тансакции увоз-извоз, а тоа би се одразило врз самата реализација на буџетот и врз она што значи полнење на приходната страна да би се финансирала државата во сите свои сегменти од расходната страна на буџетот. Во секој случај тоа само по себе повлекува пад на инвестициите, намалена домашна аку-мулација, тоа би го довело во прашање натамошниот процес на преструктуирање, ревитализација, модернизација, финансиска консолидација на постојните производствени капацитети, а тоа без исклучок би резултирало и со смалување на бројот на вработените што како основна теза на почеток што се пласира дека овој буџет има развојна компонента и се стреми кон зголемување на бројот анвработените а поединечни ставки такви немаме, мора тоа да си го признаеме, бидејќи овие се факти изразени низ цифри, на некој начин би довело до една катастрофална ситуа-ција на економско поле што во крајна линија би ја загрозила и политичкат ситуација во земјава, поготово во една ваква консталација на полити чки збиднувања во нашата околина. Ако дојде до сите овие промени, тогап по мое длабоко убедување би се случила инфлација, обавезно би се случил инфлација што на некој начин во номинален износ би давала можност да се реализираат ставките од приходната страна на буџетот, меѓутоа само во номинална и на некој начин за брзо време да доаѓаме кога таа номинала за 6 месеци по пат на инфлаторни движења би го реализирале буџетот да доаѓаме поради инфлаторните движења повторно до ребаланс на буџетот. Затоа се навраќаме уште еднаш и потсетуваме дека мора ви за ви постоеч ките состојби во стопанството што се регистрирани на почетокот на годината и се дадени во јавноста како непобитни факти да се размислува на некои поинакви концепции во нудење на овој буџет. За жал немаме инфор-мации ниту од Министерството за финансии, ниту од Царинската управа како одат приходите кај Управата за јавни приходи и кај Царинската управа. Имам некои одредени сознанија, незнам зошто ние во претходниот мандат многу

транспарентно настапуваме и ги кажувавме скоро секојдневно на конференцијата за печат овие податоци. Сега се скоро тајни, некои дали ги штимаат дали некому сето тоа му е потребно, меѓутоа некои податоци што еве деновиве со судни маки успева до нив да дојдам, имаме информации дека имаме и драстичен пад на царинските приходи. Не би сакал да критикувам, бидејќи сум бил претходно во таа служба, меѓутоа најверојатно и тоа е самото по себе рефлексија на моменталните состојби и на овие економски збиднувања и движења што се присутни на овие простори во првите три месеци. Тој тренд би продолжил и понатаму од проста причина што ако продолжи падот на производството, ако се смали обемот на надворешно-трговското работење во тој случај нормално имаме пониска царинска основица и само по тој основ без никакви пропусти во работењето на службата би довело до истото намалување на тие приходи. Ако сето ова е точно доаѓаме до една ситуација на некој начин да кренеме раце и да ја доведеме во прашање функцијата на државата и финансирањето на државата.

Буџетот вака предложен, немојте да ми замерите на преголемиот песимизам, меѓутоа како ваков предложен не дава многу надеж дека истиот ќе биде реализиран ниту на приходната, ниту на расходната страна. Ако истиот буџет го погледнеме низ призмата на предизборните активности на коалицијата за промени поготово на партиите ВМРО-ДПМНЕ и ДА кои никој не ги тераше и не ги тепаше на самите гласачи да им потпишат и писмен договор за тоа, макар што ветувањата дадени на изборите, по моја лична оценка треба да се држат и за понатаму, поготово ако сте на позиција и можете низ практицирање на реалната власт да ги исполните тие ветувања. Во три елементи тој договор навистина паѓа во вода, а баш само тие три елементи понудени во договорот за Македонија се врзани на некој начин со буџетот а тоа е економско социјалната свера, образованието и здравството. Во економско-социјалната свера да ве потсетам имате ветено дека ќе ги рестартирате сите запрени производствени капацитети, ќе ги намалите даноците и придонесите за 10%, ќе ги намалите банкарските камати, вработување е ветено на 10.000 социјални случаи, обештетување на ТАТ на Лавци и на другите пропаднати штедилници, редовна исплата на платите, зголемуваше на најниските пензии што јас лично барав и никаде не најдов ставка за ниедна од овие позиции ветени во договорот за Македонија. Во сегментот на образованието 2000 компјутери имате ветено за основните средните школи и тука нема никаква ставка. И во здравството рековте дека ке има здравствени услуги пружени од страна на државата за лица помлади од 18 години и постари од 6 5 години, ниту тоа го нема. Сега се враќаме на пред два-три месеци кога скокавме од оваа страна и кога ви викавме: "Луѓе пазарот со Тајван не чини. Ќе си оди УНПРЕДЕП од граница. Ќе дојде ситуација да се тресеме сите како што се тресеме во овие денови." Вие не убедивте дека во ред, пазарот е таков, можеби ќе се тресеме, можеби Кина ќе направи тоа или она што го направи, меѓу-тоа милијарда долари се ветени. Јас тука само го поздравувам јавниот настап на министерот за финансии кој е предлагач на овој закон, кој во неколку наврати многу трезвено, многу трезвено размислуваше по ова прашање и стално кажуваше: "Одете, прашајте ги оние во ДА, нивна е милијардата. Во буџетот додека не стигне документ јас неможам да ја пишам ниту на приходна ниту на расходна страна.

**ИЛИЈА ИЛОСКИ:** (продолжение)

Во сите случаи, едно трезвено размислување на човек домаќин кој размислува како да се и го направи Буџетот во расположливите средства. Меѓутоа, ако и тој си подгрева некоја надеж дека можеби во иднина ке се случи, за што Циле сепак е Циле и може и тоа ќе се случи да дојде милијардата, нека се случи тоа побрзо, затоа што 100 милиони германски марки или 1/4 од тие 400 милиони ветени во поткрепа на платниот биланс, само тоа е економскиот фактор кој го спасува овој Буџет ваков каков што е конципиран и да се исполни до крај. Инаку, ако тоа не се случи, верувајте, залудно се расправаме по аналитичките конта на Буџетот, дали ќе успее оваа позиција на Министерствотоза здравство или дали ќе велиме од мајката која пуши на детето кое сака со коцки да си игра. Нема ниту мајката цигари да има., ниту детето коцки да има, само ќе се залажуваме на она што ни е останато. А ако го нема тоа, треба повторно да седнеме заеднички членови сме на разноразни комисии, имаме знаење, имаме умеење, сме правеле буџети во поранешните години, да седнеме и да се договорима како

натаму сите на себе да си помогнеме. Јас не сваќам дека овој Буџет се носи за партиите што се на позиција, овој Буџет на моите деца се одразува - дали ќе имаат фискултурна сала во Охрид, по овој Буџет нема. Нема, сеуште во калта играат, деца мои се, ми кажуваат. На пример, има амандман што ќе поддржам за Охридскиот маратон кој изминативе 4 години стана светска спортска манифестација и една од најголемите спортски манифестации на Балканот, по оценка на стручњаците. Дали и на ноформираното Министерство за спорт и млади ќе му се одреди барем одреден процент, да не висиме постојано. Инаку, да ви кажам дека јас повеќе не сум во маратонското пливање, меѓутоа, да се поддржи како манифестација. Не знам ни кој ме смени, ни зошто ме смени, меѓутоа, тоа е судбината сега. Меѓутоа, јас не сум како личност поголем од манифестацијата што треба да се негува и тие традиции во Охрид да се одржуваат.

Исто така бе подржа иницијатива на овие амандмани што ги има потпишано за водоводите и канализациите, за одводните канализации, бидејќи од онаму од каде што доаѓам како пратеник од изборната единица 49 веќе се започнати одредени оперативни зафати и во селата Пештани, Лескоец и требаше наредните години да се почне во с.Велгошти. Мислам дека имаме и резерви за тоа, бидејќи ваков каков што е, со оваа скепса јас што го прифаќам овој буџет дека ќе се реализира, би сакал да спомнам дека главно е рестриктивен и точно е дека има правено некои домаќинлуци и економии, меѓутоа веројатно на предлагачот министеро за финансии оперативните служби не му имаат предочено дека во одредени сегменти се луксузирал од власта. Тоа е драстично зголемување на ставката за купување на мебел и канцелариска опрема и ако во одредени позиции за да се прикаже пред опозицијата или иред јавноста вешто се скриени бројките на оние министерства кои се изнедрија од некои матични - на пример, ако го земеме Министерството за спорт и млади, тоа излезе од Министерството за образование и физичка култура, за колку што е зголемен износот на пример за да се финансирас тоа министерство, тој износ е намален во образованието. Меѓутоа, од друга страна на очиглед на сите од најголемите бројки што се ставаат на крајот на буџетот се гледа дека новоформираните министерства оваа држава ќе ја чинат ни помалку ни повеќе туку 400 милиони денари, и тоа за набавка на опрема, канцелариска опрема и материјали и за набавка на возила. Тука имам запишано некои бројки кои ги кажаа претходните дискутанти, несакам да ги повторувам, меѓутоа, има драстични зголемувања кај мебелот и опремата, од 133 на 348 милиони, затоа што 240 милиони се изворни приходи, а 107 милиони се од сопствени извори. Или за моторни возила, од 10 милиони имаме зголемување дури 5,5 пати, 42 милиони буџетски средства и 14 милиони денари сопствен извор. Навистина, во ваква состојба кога сите повикуваме на едно единство, дајте да повикаме на едно единство и кон соци-јалата и за овие средства да најдеме сили, заеднички да ги изгласаме предложените амандмани. За овие претходни работи што ги кажав ако не се изгласа амандманот за оние селски водоводи и одводни канализации, една позамашна ставка тука ставивме прераспоредувајќи од овие средства на тие, ВМРО на душа нека го носи селото Велгошти од каде што јас сум избран во таа изборна единица, затоа што откако се избираат пратеници досега од 1800 другите партии добиле по 150-160-200 гласа, сите други се од ВМРО. Значи, јас не зборувам за СДСМ таму да правиме некој водовод и да пуштаме чешма, туку зборувам за луѓето кои ме замолија да ги поставам овие прашања и да ги кажам за пошироката јавност. Мислам декас ќе го подржите тоа без никакви проблеми, затоа што и за вас е подобро да се направи одводна канализација, а да не скупи некој луксузен автомобил, бидејќи и ние имавме многу луксузни автомобили и сите ви ги оставивме. Меѓутоа, ако има потреба за тие амандмани би се вклучил за некои пооперативни објаснуванза, а тука би завршил.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Му благодарам на пратеникот Илија Илоски.

Има збор пратеникот Амди Бајрам.

**АМДИ БАЈРАМ:**

Почитуван потпретседтел, почитувани минситри, почитувани пратеници, би сакал нешто да ви напомнам, но без разлика што салата е 50% празна од пратениците, многу пати станувам и кажувам на говорница и секогаш го посочувам тоа. Минатиот пато го посочив до претседателот на Републиката Киро Глигоров, а сега го посочувам до дамата од ВМРО која не е присутна. Без разлика кој и што е и од

која партија, 120 пратеници сме овде присутни секогаш, го сочинуваме овој Парламент, немојте да заборавате дека постојат Роми во РМ. Ние сме државјани на Република Македонија и на ссекој изговор кога ќе изговарате други националности сакам да бидат спомнати и Ромите. Доколку продолжите вака, кажете дека не елиминирате како националност и не го признавате уставното право на РМ. Дали е тоа така, би сакал дасмат која сега не е присутна тука, да се изјасни и да каже дали тоа е нарочно испуштено, нарочно се прави или секогаш се потегнува национална омраза меѓу нас во РМ. Јас мислам дека еднаш треба да се стави на ова. Живеат разни националности во РМ и еднаш за секогаш нека биде крај, живеат Роми, Македонци од ромско потекло во РМ, кои сме во Уставот на РМ како на-ционалност признати и признајте не секогаш, за да не немате од мене секогаш полемики овде во Парламентот.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Има збор пратеникот Насер Зибери.

**НАСЕР ЗИБЕРИ:**

Почитувани дами и господа, почитувано Собрание кое очигледно нема кворум за работа, буџетот е најважната работа за секое Собрание, вклучувајќи го и Собранието на РМ. Од тука, уште на почетокот, барам од пратениците доволно трпение да се ислушаме меѓу себе, зашто како спомнав на почетокот суштината на постоењето на Собранието е токму тоа: контрола над јавната потрошувачка и буџетот. Ако денес немаме расправа и ние ги конфронтираме аргументите, тогаш незнам како би било друго прашаше позначајно од буџетот за кое не би имале смелост и храброст да разговараме.

Во име на таа храброст, навистина сакам да му честитам на министерот за финансии за храброста што си зема за право да предложи еден таков буџет кој како што беше речено и од претходните дискутанти со единствена констатација, овој буџет, овој предлог на буџет личи како јајце на јаце со претходните. Доколку се знае што се ветуваше до пред 3 месеци и што се предлагa, вакво саслто мортале не сум очекувал за 3 месеци од еден министер, дотолку помалку од г-динот Стојменов. Но, тоа е тоа. Јас лично очекував дека после бледото излагање на премиерот при инаугурацијата на Владата, после 3-4 месеци, денес овде ќе имаме едно опсежно детално експозе со кое ќе се образложуваат тековите на економскат политика и макроекономската политика за 1999 година. Напротив, имавме уште едно уште побледо излагање од страна на премиерот, а имавме едно објаснување на содржината на буџетот, но со оградување однапред од министерот за финансии зошто буџетот изгледа вака како што е, а не така како што беа ветувања од соодветната партија од предизборната кампања.

Само да ве потсетам, министерот за финансии вели:"Имам голема чест и задоволство да ви го предложам буџетот на Република Македонија за 1999 година", но истовремено е загрижен што во рамките на тој буџет се предвидуваат и средства за финансирање на одредени функции на држава во услови на водење војна на Косово. Тука има една грешка, дури преправано и вели "со Косово". Лапсусот настрана, структурата на буџетот воопшто не коренспондира со првата констатација од првиот став на експозето на министерот за финансии.

Претходните дискутанти кажаа, освен ставката предвидена за бегалците која е одвај 1% од вкупниот износ на буџетот, ништо друго не се предвидува. Наспротив, дури има намалување во одделни ставки, наместо да беше обратно, доколку се сака алиби да биде состдојбата на Косово. Но тоа не е така. Понатаму, министерот вели: "Предлог буџетот за 1999 година не е во согласност со програмските определби на Владата за 1999 година" - јас би рекол со предизборните ветувања и како алиби за ваквиот предлог на буџет набројува неколку причини, кои се затекнати од претходната Влада и вели: прво, приватизацијата и структурните реформи се потполно запрени. Да, точно, последните 4 месеци - да, но ништо не кажавте од претходното како течеше и каде ви е ветувањето за ревизија. Запрени се реформите и во јавната администрација, здравството, пензиското и инвалидско осигурување и тн. Да, точно е, последните 3-4 месеци е запрено, а за ваше потсетување почитувани министри во Министерството за здравство постои закон кој првата фаза ја има поминато во Собранието, Предлог за донесување на закон за здравствено осигурување и тоа изработен спроед стандардите на Светската банка и ММФ. Да видиме која е причината што заостануваат реформите во здравството. Се отстапува од проектот матичен лекар, се најавува домашен лекар,. фамилијарен лекар, со

рецепти, без рецепти, зависно од ситуацијата:

кога ќе имаме гужви пред аптеките, може и без рецепти, а, се смирува без рецепти. И тоа биел реформи во здравството!

Исто така имате готов изготвен предлог закон за изменување и дополнување на Законот аз пензиско и инвалидско осигурување со рамка за воведување приватен пензиски систем. Требаше само да го ставите во процедура. И тоа е запрено, точно.

Понатаму, вели: прифатена е обврска од ЕСАФ аранжманот со ММФ за ликвидација на 12 најголеми претпријатија загубари со над 10 илјади вработени. Но и вие тоа го прифативте. Каде е новата филозофија на преговори со Светската банка и ММФ, па да ги отфрлите?

Понатаму, долгот кон штедачите, сите видови, и се спомнува износ од милијарда и 300 милиони долари. Па и ова го знаевте, дури им ветивте дека ќе им ги вратите.

Долгот кон пензионерите исто така го знаете. Три години се влече тој долг. Но да биде трагедијата поголема, од министерот за финансии се ветува пред пензионерите дека ќе им се врати. но да помине ММФ, како да ММФ нема да добие информации што работи Владата. Тоа јавно се кажува пред новинарите. Тешки да било тоа тајна и без присутво на новинарите, барем да не беше објавено, Но тоа не е алиби, затоа што ставката за враќаше на долгот кон пензионерите не е во буџетот.

Да не должам понатаму, значи, алибито е многу плитко. Ваков буџет не е причина, претходната состојба затекната од претходната Влада. Веќе е јасно дека макроекономската политика за 1999 година е поставена на нереални проценти и таа нема да се оствари. Како ќе се оствари кога само за првите 3 месеци имаме пад на индустрикото производство над 20%, а предвидуваме пораст на производството дури за 6,5% односно 7%. Отсуствува една од генералните најави дека буџетот на РМ ќе има развојна компонента и тоа по сите параметри. Самиот министер кога го образложи пред медиумите буџетот рече дека 80% од стапките во буџетот и износ на средства одат за плати и социјални трансфери, што е точно.

Помпезно најавената Агенција за обнова и развој има ставка во буџетот само 15 милиони денари, и тоа грото за патувања во странство. Очигледно, зашто директорот никако да стапне на земја во Македонија. Или се калкулира за некоја стапка која можеби ќе дојде надвор од буџетот, надвор од Тајван која е веќе видена работа. Ставката на Агенцијата за недоволно развиените наместо да се зголемува таа се намалува и се сведува на ставка од пред 2 години. За најгорливиот проблем невработеноста, и кога се укина Законот за потекнување на невработеноста, помпезно се најави проект за вработување на 10 илјади социјалци ваков проект, таков проект - во буџетот ни денар за тоа.

Укинати се премиите за земјоделството, што е посебна приказна, а едно од најголемите ветувања на оваа Влада беше токму потикнувањето на земјоделството, воведувањето на мерки кои ќе го заштитат домашниот производ и тн.

Ветувањата за намалување на даноците и другите зафаќања, од друга страна зголемување на платите, ни збор. Се разбира, буџетот треба да се полни. Каде е најавена политика дека со намалување на стапките на даноците ќе се намали евазијата, одбегнувањето на плаќањето на даноците, а тоа беше топ тема. Но, по се изгледа во овој буџет подебелито крај ќе го извлечат општествените дејости. Видлива и уочлива е намалената стапка во делот на Министерството за образование, Министерството за здравство, да не ги спомнувам новоформираните кои само фигурираат како стапки за плати и извршување на дејноста на Министерството. А цело време се тврдеше дека коалицијата за промени ќе воведува реформи во образованието, еднакви за XXI-от век. Е, па, со намалување на ставката на буџетот од претходната дури за 20% тешко дека ќе останеме до XX-от век.

Болка за себе е прашањето на Министерството за локална самоуправа, една од причините зошто беше подржан предлогот за изменување и дополнување на законот за органите на управата.

**НАСЕР ЗИБЕРИ:** (ПРОДОЛЖЕНИЕ)

Зашто ни беше ветено дека со формирање на едно вакво минис-терство, вушност конечно ќе профункционира идејата за четвртата власт, односно локалната самоуправа. А ова министерство знаеле или не има само 4 милиона и 600 илјади денари, нешто над 100 илјади

германски марки. Од тоа над 80% за плати и придонеси на вработените во ново-формираните министерства. Навистиан незнам како е разговарано во Владата и во комисиската расправа пред Владата и каков бил ставот на ова министерство по однос на оваа стапка во Буџетот и само еден ред подолу од предвидените средства за ова министерство, Министерството за иселеништво, кое беше спорно уште од почетокот за ПДП. Ова минис-терство има дури шест пати повеќе предвидени средства од Министерството за локална самоуправа. И таму грото за патувања, дневници и тн. Се разбира, треба да се собираат гласовите од дијаспората. Но тоа е тоа, има и амандман токму од пратениците на ДПА за измени на овој дел на Буџетот, ние сесрдно ќе ги поддржиме и се надеваме дека ова е само една грешка која така е провлечена од недоволно внимание во Владата и во комисиите, а не определба на дотичниот министер за вакви скромни средства за ова министерство. И конечно, додека за овие животни потреби на граѓаните нема средства, или се недоволни во секој случај, за коли, за канцелариска опрема, за Агенцијата за разузнаваше и тн. има и тоа доволно. Само да потсетам дури, во одделни стапки за овие намени во Агенцијата над 100% зголемување на стапката, виза ви 1998 година. Епа народе баравте, гледајте.

**ДИМИТАР БУЗЛЕВСКИ:**

Почитуван потпретседателе, почитувани колеги, морам да признам на самиот почеток дека јас денеска имав намера да вклучувај ќи се во расправа по Предлогот на буџетот ги ставам во соодветна корелација програмските активности кои што ни беа пласирани преку програмите на коалицијата, дали парциално, или во вид на договор коалиционо, но денеска тоа нема да го направам, единствено заради една причина со оглед на тоа што имав прилика да го слушнам министерот за финансии кој што многу чесно кажа дека тие предвидувања, вградени во тие програми, биле реални, штом е тоа така, чесно од мене, за чесноста да одговорам со чесност. Мислам дека во тоа ќе ме оправдате и дека доблес е да се прифати една реална состојба и доблес е врз таа реална состојба, осознаена како таква во практика да се спроведуваат активностите кои што се од витален интерес за Република Македонија. Дел од тие активности се вградени во овие три документа кои што денеска ги разгледуваме и кои што ќе треба да ги донесеме, кои што во себе инкорпорираат, содржат континуитет на тековна економска политика која што била водена во претходниот период, континуитет на нејзината реализација и во наредниот период, со оглед на тоа што најверојатно се осозна дека во економијата нема желби, најверојатно се осозна дека економијата не трпи имплементации и дека таквата политика која што била водена нема алтернатива на таа, туку така треба и да продолжи и понатаму.

Во теоријата познато е дека Буџетот има едно основно начело. Тоа е основното начело на урамнотеженост на вкупните приходи со вкупните расходи. Една анализа какск е тоа начело обработено во овој предлог на буџет, кажува на слендото: дека она претходно што го спом-нав како реалност тоа е и прифатено, тоа значи дека во фискалната по-литика, во основа на глобално ниво, Владата не предлага некои поради-кални промени, туку ја задржува политиката која била во практиката и се реализирала претходниот период, и која што од фискален аспект ги носи резултатите со реализација на Буџетот во 1998 година во процент од 97,3%.

Во делот на вкупните приходи, можев да забележам дека и оваа година е планирано еден дефицит, кој што изнесува околу 4 ми-лијарди 540 милиони денари и кој се предвидува да се покрие со кре-дитни средства од меѓународни финансиски институции и организации. Самиот факт што овој концепт на буџет, би рекол и Предлог на буџет, ја има добиено соодветната виза од ММФ и Светска банка, упатува на косntатацијата дека во 1999 година ќе се реализираат аранжманите првенство ЕСАФ аранжманот, кои што средства ќе се употребат за затворање на платниот биланс на Република Македонија и со кои што средства ке се сервисираат доспеаните кредитни обврски кои

што ги имаме према Светска банка и према други институции финансиски, со што ќе се олесни сегашната состојба, ако тоа не биде така. Веќе претпоставувам тоа е и последната мисија која треба да дојде е завршена работа, што значи ме тера да размислувам дека ако е тоа така, а е така, сите оние ветувања околу Тајван и парите кои што треба како непов-ратни средства да пристигнат од Тајван и да легнат на екстерната сметка за подобрување на платниот биланс, а за сервисирање на кредитните обврски се магли кои што ги слушавме. Дувна ветерот маглите отидоа, остана да живееме во реалноста, а таа е оваа да ги водиме упорно преговорите со ММФ и Светска банка и со исполнување на таквите услови да обезбедиме релаксација на платниот биланс на Република Македонија. Тоа е тоа и тоа треба да се прифати како дадена ситуација.

Ако основно начело беше урамнотеженоста, сигурно дека Буџетот има и свои основни функции. Тоа е теоретски обработена тема меѓу основните функции на Буџетот се фискалната, развојната и ста-билизационата. Фискалната функција како што спомиав, се согледува и на приходната и на расходната страна. Приходната ја елаборирав, а кај расходната страна, мислам дека треба да се спомне дека одредени, освен за овие забелешки за кои што не сакам да повторувам, а кои што се на линија на нерационално определување на позиции во Буџетот за потреби кои можеби не се насушни за 1999 година и кои што може да се одложат во некои подобри времиња, сакам тука да дадам една сугестија., кај фискалната расходна страна. Сведоци сме дека првите три месеци имаме остваруваше на Буџетот во едни очекувани рамки. Од прилика за првите три месеци она што се предвидуваше и се оства-ри. Но сведоци сме во исто време дека подолг период, повеќе денови на жиро сметка на Буџетот се вршат позамашни износи на средства, кои што некои денови изнесуваат над 20 милиони марки и кои што не се во функција на редистрибуција на прибраните приходи. А една од задачи-те на Буџетот е да ги редистрибуира прибраните приходи и со таа мерка да влијае врз релаксацијата на внатрешната задолженост во земјата. Јас сугерирам, и мислам дека ќе бидам правилно сфатен, оваа пракса која што се применуваше првите три месеци е време да се напушти, бидејќи таа ништо позитивно не носи, туку напротив ги зголемува внатрешни дубиози, го зголемува внатрешниот долг и ја отежнува тековната репродукција во производните целини.

Кога сме веќе кај таа фискална расходна страна на Буџетот, морам да напоменам, тоа го направив и во комисија, ме зачудува и покрај сите најави зошто во Буџетот не се дава правото место на агроберзата, која што треба да функционира и да профункционира во Република Македонија. Ако имавме прилика во предизборието повеќе минути да слушаме што значи агро берза за Република Македонија, мислам дека несоодветниот пристап при позиционирање на износите за активност на агро берзата, отстапува од тие тогашни определби, а јас се залагам агроберзата да си го најде своето место, затоа што онака како што е замислена, таа може да биде во идната година во функција на приходната страна на Буџетот, а многу поважно да ги растовари сите пробспеми, кои што се присутни, односно да ги ублажи тие проблеми кои што се присутни во откупот на земјоделските производи. И кога сме кај анализата на таа фискална и расходна страна, ме изненадува и на тоа мислам дека би требало да добијам одговор, зошто во Буџетот во приходната страна, а со оглед на тоа и на расходната страна не се соодветно презентирани сопствените приходи по корисници, кои што тие ги остваруваат. Во 1398 година остварени се сопствени при-ходи, според податоците на Заводот за платен промет, кај корисниците од Буџетот во износ од 7 милијарди денари. За 199 9 година со Буџетот се предлага на пола помалку. Се предлага тие да изнесуваат 3 милијард I 497 милиони денари. Јас претпоставувам дека би требало да се одговори на тоа, со оглед на тоа што ако сме имале таква состојба во 19 98 година, а немаме променето законска регулатива, туку имаме функционирање на закони, кои што ќе ја подобрат таквата сос-тојба кај сопствените приходи, тогаш, зошто се

тие пари надвор од овие приходи што се презентираат до нас и дали со тие пари се калкулира, или тие се држат резерва, а незнам зошто е потребна таква резерва. А евидентно имаме пад кој што бил присутен во 1998 година а немаме опфатеност во 199 9 година, тоа е така.

Ќе кажам неколку збора, и тоа сосема накратко, без намера да се повторувам околу развојната функција на Буџетот. Самиот факт што во уводното излагање беше кажано, а и ние во сите дискусии имавме прилика да слушнеме, станува збор за рестриктивен буџет, кој како таков не дава доволно простор за остварување на развојната функција на Буџетот. За мене тоа е разбирливо. Не може во исто време да биде рестриктивен буџет, а да обезбедува и развој, туку добро се поентирани неколку позции, да се издвојат средства онаму каде што се нај-потребни. Првенствено во инфраструктурата, за што има свои определби Владата, кои што ги предлага до нас пратениците, а кои што можат да бидат понатаму и предмет на амандманска расправа, или кои што можат да претрпат, како што беше спомнато овде и измени. Околу вкупната инвестициона политика во 1992 година заговорена во макро економската политика на Владата, И покрај сите кажувања што денеска овдека имавме прилика да ги слушнеме, морав да презентирам податоци од Вла-дата дека бројките кои ги презентирате тие не укажуваат на тоа дека во Република Македонија ќе предложите и ќе реализирате динамична инвестициона активност. Со самиот факт што предлагате учество на инвестиционата потрошувачка во бруто домашниот произов од 16,8%, тоа значи за само еден индексен поен да е таа по структура позастапена во бруто домашниот производ, а тоа како еден индексен поен не е динами-зираше на инвестициона активност, и во тој дел мислам дека едно е прокламирање и овде што имавме прилика да го слушнеме, а друга е реалност што се нуди низ показателите кои што ги давате. И кога сме веќе кај инвестиционата активност, а поврзано со Буџетот, би спомнал дека имавме прилика да слушнеме дека во Република Македонија ќе се интензивира инвестиционата активност во станбено-комуналната дејност и дека за тоа Република Македонија ќе се вклучи активно во реа-лизирање на два проекти Едниот беше канадскиот, другиот од Австралија. Денеска можеме да констатираме дека подлога во овој буџет за тоа нема.

**ДИМИТАР БУЗЛЕВСКИ:** (Продолжение)

Најверојатно тоа беше само еден концепт за кој имаше желба да се пристапи во реализација, но неможноста да се заокружи таа финансиска конструкција значи нема таква активност во Република Македонија, освен онаа активност која била тековно присутна во делот на станбената област реализирана преку јавното претпријатие за деловен простор и впрочем тоа по вашите показатели кои ги нудите како документација со макроекономската програма се гледа, бидејќи станбено-комуналната дејност во вкупно инвестиционата активност во Република Македонија учествува со 4,2% колку што беше минатата го-дина, колку што беше предминатата, а помалку од 1996 година.

Кога сме веќе тука сакам да споменам за да се присетиме сите штом имаме вака димензионирана станбена активност на инвестиционен план, тогаш каде е кредитната линија која беше презентирана и јавно публицирана и во медиумите многу пати елаборирана во износ од 163 милиони долари, а која требаше еден петок да се обезбеди од Европската банка за обнова и развој. Значи, ја нема. Тоа беше кажано за да се каже таква можност не постои и добро е овие кои работат на анализа на макроагрегатите во Република Македонија што не ги опфатиле ваквите желби кои поедегаци ги искажувале.

На крајот мислам дека може да се забележи дека овој буџет третата функција - стабилизационата функција ја предвидува со самиот факт што врши стерилизација на средства во износ од едма илијарда 850 милиони како депозит во Народна банка, а кои би се намениле за девизни трансакции и тоа преведено значи за бранење на курсот, или задржување на курсот на ниво кое е предвидено во макроекономскатг политика и врз кое се предвидени сите предвидени останати плански параметри и оваа мерка која е вградена во Буџетот заедно со одлуката за девизна политика и проекцијата за кредитно-монетарна политика обезбедува на тој план во Македонија да се продолжи со одржување на макроекономска стабилност на подолг рок.

**ИЛИЈА ФИЛИПОВСКИ:** (Продолжение)

Третиот дел е прашањето на хипотеки. Мораме да ја подобриме законската регулатива, да им овозможиме брзо реализирање на хипотеките. Се случува по 4 до 5 години хипотеки да не се реализираат. Тоа е причината. Деловното банкарство сега надградува, да launchречеме, маржа од 9%, од 10% или 7%, илинезнам колку, што е апсурт за западната пазарна економија. Значи, ние мораме во тој дел многу брзо да направиме односно да му помогнеме на стопанството.

Следното прашање е прашање на наша регулатива. Ние со нашата регулатива ги штитиме должниците. Мораме да направиме ефикасна регулатива , која ќе го штити доверителот. Ако сакаме да одиме напред, ако сакаме стопанството да ни тргне напред мислам во тој дел мислам во тој дел предлагачот би требало , по мое мислење, многу сериозно да размисли и многу брзо да излезе со предлози за надминвуање на овие состојби, да речеме за смалување на пасивната камата кај деловното банкарство.

Следниот дел е прашањето на есав аранжманот. Од Одлуката за девизната политика, очигледно се гледа дека овие 12 загубари треба да продолжат со работа до крајот на годината, заради билансите кои се направени. Дали има Владата, надлежните министерства направено програма за реструктуирање на овие 12 загубари. Бидејки, мислам дека е многу важно нивното запирање со производство во шести месец, не е прашање само на отпуштање на 10 илјади работници. Прашањето е повеќе, би рекол на проблемот на смалувањето на извозот и дестабилизација на девизниот курс. Бидејки, ќе се јави помал извоз, за незнам колку, сите тие се наши претежни извозници.

Четвртото прашање е прашањето на нашиот северен сосед. Ние се наоѓаме, заправо, северниот сосед се наоѓа во таа ситуација во коај се наоѓа. Надлежните министерства би требало сега да направат една програма, производите кои ние ги пласираме на север да се види дали можат да одат, да се пласираат во Западна Европа и дали за тоа им штетат некои квоти. Ние од Западна Европа, од Америка сега не треба да бараме само социјална помош за делот на, да речам бегалците. Ние треба да бараме за пазарот кој сега го губиме. Тоа е најголемито проблем за Македонија. Не го губиме можеби трајно, меѓутоа го губиме сега, заради тоа што ситуацијата е таква каква што е. Ние треба брзо да реагираме за да може нашето стопанство да го преорентираме на друга страна, а ние како држава да му овозможиме, ако се работи за квоти, квотите да се укинат од стран ана Западна Европа.

Второ, да се зголемат средствата по основ на Фаре Програмата. Тоа се одредени компензации кои треба западниот свет , кој не поддржу ва во оваа политика да ни помогне. Благодарам.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Добро, му благодарам на пратеникот Илија Филиповски. Збор има пратеникот г-дин Нано Ружин.

**НАНО РУЖИН:**

Почитуван претседателе, почитувани минситри, дами и господа пратеници. Еве, денеска веќе сме на крајот на нашите сили и ќе се обидам да бидам малку пократок. Само би се обидел да напоменам и да зафатам еден домен кој е мошне значаен и од секојдневното живеење, меѓутоа и од стафките кои што се одвоени, а тоа е од доменот на социјалната политика.

Изразот Буџет потекнува од латинскиот израз "Булга" односно францускиот "Букет", што значи кожна торбица. Кога веќе зборуваме цел ден за Буџетот, да видиме што е тоа. Што, во суштина значи еден преглед на расходите и приходите на поединец, па и на држава. Денеска министерот, практично, го отвори Буџетот, а тоа е исто така израз кој што долго време се употребува воовој домен, всушнсот, го отвори кесето. Да видиме што има, како има и како ќе живееме оваа година. Во еден домен кој што основниот носител е државата. Државата, како основен субјект на целата транзиција денеска, особено во посткомунистичкото општество.

Видовме многумина денеска, на пример некои од културата беа и заентересирани за прераспределба на овој Буџет во доменот. Економистите ја гледаатнеговата развојност. Јас од социјален домен ќе се прашам дали овој Буџет е социјален односно колку средства и какви можности отвора овој Буџет, создава во доменот на социјалата нема да Ве потсетувам, а и неколку пати тоа сеум го рекол дека секој оној што владее, народот од него очекува и да го храни. Можеби, доменот на социјалната политика е најзначајниот домен за секој политичар, не само од современите политичари, туку и оние од Античка Грција. Ја знаете изреката на Аристотел, оној што владее, треба и да храни. Јас ќе зборувам за социјалната политика проследена низ нејзините големи

четири домени. Тоа е политиката на вработување, политиката на плати, социјалното осигурување и доменот на воспитувањето и образованието, за кое ќе кажам само малку работи.

Политиката на вработувањето, мислам дека и г-дин Гошев истакна дека тоа е најголемата цел, можеби најголемито наш хендикеп и не само наш воопшто на сите посткомунистички држави. Во воведниот реферат видовме дека се истакнува некоја бројка од 34,2%, меѓутоа, перманентно ние сме едно подрачје со мошне висока стапка на невработеност. Се смета дека голем дел од политичкиот маркетинг, од ветувањата, од политичката борба се бие токму во овој домен. Јас ќе потсетам дека токму коалицијата за промени ветуваше и имаше амбициозен план, само ќе потсетам 10 илјади нови вработувања за социјално најзагрозени те, иако како опција е мошне тешко остварлива, мислам кој е загрозен, а кој не е. Но, во секој случај се ветуваше зголемвуање на вработувањето. И, што имаме? Се укина еден прекрасен мошне значаен закон, Закон за зголемување на вработувањето.Од политички аспект, мислам мошне нетактично, ние тоа го кажувавме овде на Парламентот, меѓутоа да видиме дали Буџетот нешто предлага. Што предлага во доменот на вра-ботувањето. нема ставка која ќе стимулира вработување. Тоа е голем хендикеп и сметам дека оние луѓе кои штоработат околу стратегијата околу развојната стратегија на Македонија, особено , кои што се заентересирани нешто да е направи воовој домен, би требало да одвојат дел од средствата. Но, како? Не велиме дека државата е онаа што вработува. Државата може само да создава услови, бидејќи нели не сме во комунизмот, да создава услови да ги стимулира одредени сегменти, кои што бивлијаеле во зголемвуањето на вработувањето. Овој Закон што беше укинат, Законот за зголемвуањето на вработувањето, беше всушнсот и ндирекна стимулација на работодавецот да го зголеми вработувањето. За жал,овој домен не се направи ништо.

Вториот домен, политика на плати. Ова е еден од најзначајните домени каде што обично во западно европските држави својата активнсот ја покажув асиндикатот. Постојано битката меѓу работодавецот и синдикатот е зголемвуаше на платите. Но, не се малку и ветувањата на политичките партии. Не сакам да цитирам програми, бидејќи беше изборна битка, само ќе се сетам вака дека , ќе се преземат мерки за редовна исплата на заостанатите плати, па дури се ветуваше и по-раст на платите, еве со оглед дека сме сега во една мошне напната состојба околу нашата безбедност, на пример ќе ги спомнам полицајците.

Им се ветуваше, мислам, не сум сигурен, меѓутоа, смвтам им се ветуваше 800 германски марки минимум плата. Доколку не е така, тоа го велам со резерва. За жал, видов во Буџетот не се предвидува ништо во тојдомен, иако навистина моментот е таков што не само овој сегмент на вработени, туку и другите, би требало да бидат со една стафка барем на одреден начин стимулирани, нешто да се направи во овој домен, доколку дојдат тие фантазмагорични милијарда и четрстотини мили-они, барем нешто да се направи во овој домен да се зголемиплатата на овие кои што, навистина го ризикуваат животот.

Доменот на социјалното осигурување и заштитата. Овој домен е составен од четири поддомени. Тоа с езаштита на семејство и поединците. Тука би можеле да ги сместиме, на пример и девизните штедачи и сите оние што настрадаа во пирамидалните штедења. овој домен не предвидува ништо. Мислам, стафката е празна, иако еве им се ветуваше на луѓето. Меѓутоа, ова што ме загрижува, тоа е доменот на пензиите. Зошто? Ние сме општество каде што знаеме дека, заради нашито недоволен животен стандард, знаеме дека семејствата живејат заедно со пензионерите. Практично, пензионерите и пензијата преставува многу значајна стафка во домашниот Буџет. И, кога Вие ќе ја зголемите пензијата, всушнсот, на одреден начин го помагате целото семејство. За жал, овдека не постои таква стафка, иако беше ветено дека 8%, доколку не се сетат овие другиве, сепак, мислам оние од ММФ , дека ќе биде реализирано. За здравството нема да се задржувам.

Ќе се задржам на четвртиот домен, на доменот на социјалното осигурување и социјалната заштита, невработеноста. Знаеме колку беше ветено на стечајците, на невработените и на сите оние кои што настрадаа како технолошки вишок. Меѓутоа, се соочуваме со еден друг мошне негативен тренд. Стафката која е дури смалена од 3 милиони 263 на 3 милиони и 100. Со оглед на времето, реков, не би сакал повеќе да детализирам, само би кажал едно генерално мое размислување. Знаете, јас минатата година го критикував Буџетот од аспект на социјалната политика. Тука нема отстапување, дотолку повеќе што работам во тој домен. Ние немаме конзистентна социјална политика. Што,

всушност правиме? Овој Буџет во доменот на социјалната политика е редистрибутивен. Има една Тајванска,Тајландска или незнам каква беше изрека за рибата. Она, на сиромашниот немој да му ја поклониш, туку научиго да ја улови. Овој Буџет не не учи или ги учи луѓето да ја уловат, туку им ја дава. Тие ќе ја изедат и пак бараат риба. Односно, средствата се донесени, ги расподелуваме, луѓето си заминуваат и пак чекаат. Што значи тоа? Тоа значи дека неопходно е и во самата економска и социјална политика да се изнајдат такви можности, кои што стимулативно ќе делуваат, било во доменот по пат на образование, било по преквалифиакција, доквалификација, било по една целосна анализа на можностите каде што постои потреба од одреден квалификуван кадар да се помогне да се одвојат средства токму во овојдомен, во доменот на преквалификација и доквалифиакција,на сите оние што се загрозени со законите на пазарносто стопанство. Да го заштитиме секој оној со неговото остручување псуспешно да се соочи со овие прдизвици. Ви благодарам.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на г-динот пратеник Нано Ружин.

Последниот говорник е г-динот пратеник Милан Ставрев.

**МИЛАН СТАВРЕВ:**

Почитуван г-дине претседателе, почитувани министри, почитувани драги колеги!

Во текот на овие неколку часови се изнаслушавме најразноразни дискусии во врска со Буџетот на Република Македонија за 1999 година.

Да бидам искрен неверував дека имаме така многу и така високо стручни кадри водоменшт на буџетската проблематика како наука, а но и пракса, а особено во доменот на буџетската распределба. Им благодарам на сите нив што ми овозможија во овој, навистина , кус рок да научам многу и она што требало и она што не требло да го знам. Во контекс на ова, веднаш на почетокот, би сакал да Ви раскажам една вистинска случка. Беше зима, а јас со неколку свои пријатели бев заседнат во еден столарски дуќан. Во универзалниот разговор еден од присутните го запраша сопственикот на дуќанот како ќе ја протера зимата со греењето. Одговорот беше едноставен, но и поучен. Ќе се грејам од она што сум го сработил во текот на летото, онолку колку што сумсработил, значи ќе се грејам, но и Вие сеирџиите тука околу мене, исто така, ќе се греете. Значи да ги поедноставиме работите. Буџетот во тековната година е резултат на реалните успеси што сме ги постигнале во прет-ходната година. Се надевам дека ова го знаеја сите досегашни буџето-бранители, но и буџеторушители ќе се замислеја и пред да излезат на говорницата, па макар и од нивниот маркетиншко-политички приод своите дискусии ќе ги усогласеја со оваа . Мораме да знаеме дека буџетската потрошувачка, повторувам уште еднаш во тековниот период е одраз на буџетската алиментација во претходниот период , но не само во претходниот туку во низа периоди пред тоа.

Во текто на Собраниската расправа на комисиите се изнаслушав толку контраверзи, што често пати се прашував, а богами ис ега се прашувам каде сум залутал и кои се овие кои вака дискутираат. Имено, на една од комисиите еден стопанственик, долгогодишен стопанственик, а сега новокомпониран менаџер, сопственик, имаше таков дефетистичк настап што дури и ме исплаши, а верувам дека ги исплаши и присутните. Тој после неговите 20 до 30 годишни менаџерувања денес констатира дека целата држава е во банкрот, дека Буџетот е банкрот, се пропаѓа, се се распаѓа и се распаднало. Мене ме исплаши, повторувам, а и другите ги исплаши и се прашувам и гласно размислувам. Дали се работи за замор на материјалот, само покајување или барање на амнестија. Ке се задржам на последното, на амнестија, но зошто ја бара, пак гласно се прашувам. За монополистичката положба нанеговиот стопански капацитет, кој на територијата на државата се обидува да делува на стариот социјалистички модел на стопанисување, нудејки демагогија благопријатна за своите истомисленици, верувам дека се малубројни, нудејки наместо плати бонови, со кои вработените од неговиот комбинат ќе мораат да купуваат производи од неговите дуќани по цени кој тој ги диктира, да не плаќа даноци на државата , со кои би го алиментирал буџетот. И сега што? Државата ни е банкрот. Па, ќе биде банкрот кога има стопанственици како него. А, се прашувам и Вас ве прашувам, дали сеуште имаме вакви стопанственици, кои покрај своите комбинати направија и свои трговски фирми во сите домени од трговијата, свои банки и циркусот да биде комплетен приграбија спортски клубови и сакаат да го разонодуваат и развеселуваат својоts пашалак. Дали ова значи дека фрегментарно изнесениот дел од споменатата моменклатура до вчера апсолутно

инфилтрирана во сите пори на претходниот естабишлимен не стори, ама баш ништо, да го одбегнат спомнатиот или поскаувaниот банкрот или хаос на државата, кој, дефакто тие го направија, а нам ни го препишуваат.

Ние мораме да прецизираме дека Предлог Буџетот за 1999 година е апсолутно изнуден од следните параметриски индикатори. Неиз-мирени акумулирани буџетски обврски во износ цирка 413 милиони германски марки не измирени, а потрошени средства во текот на изборите во износ од цирка 120 милиони германски марки 240 илјади пензионери. 75 илјади социјално загрозени семејства. 77 илјади деца на кои не им е исплатен детски додаток. 20 илјади луѓе на кои им следува социјална помош. 15 илјади работници кои, според се, ќе паднат на товар на Буџетот во тековниот период. Не докрај дефинираниот проблем кој го носи судирот на Север од нас. Проблемот на отплата на надворешниот долг во износ од цирка 177 милиони долари, најголем долг досега, а во однос на минатата година за цирка 55 милиони долари, кој ќе треба да го врати оваа Влада. Извинете ако нешто заборавив и пропуштив. Значи буџетските расходи се планирани да ги покријат буџетските обврски наследени од претходните години. Овој Буџет ќе мора да води сметка и за следните социјални тензии. 50% од работоспособното насе-ление е невработено. Цирка 25 илјади претпријатија се наоѓаат во фаза на стечај или ликвидација, а тие вработуваат 110 илајди работници. Тука не смее да се заборави и затечениот дефицит ан платниот биланс, кој во 1998 година изнесува цирка 500 милиони долари.

**МИЛАН СТАВРЕВ:** (Продолжение)

Имено, ако таа на крајот на 1997 година изнесуваше 12 милијарди денари, на крајот на 1998 година се зголеми дури за 50% и изнесува цирка 18,8 милијарди денари или искажано во проценти таа во 1999 година влегува со цирка 10% од вкупниот бруто домашен производ. Дали дискутантите пред мене го земаа и фактот дека имаме апсолутна технолошка застареност на индустриските капацитети, 70% од нив се за отпис. Дали заборавија дека ги изгубивме традиционалните партнери, а не се потрудивме, или не се потрудија да најдат нови. Изгубената работна дисциплина и стимул за работа ни стои на главата како домаков меч, или без елаборирање и жонглираше со бројки буџетот за 1999 годинг предвидува од вкупниот износ 59% да врати како странски долгови, 25% да се троши на социјални давачки и 16% за останати дејности. Дали после ова некој се праша кој е индексот на сиромаштијат кај нас и што претставува за 199 9 година кај нас. Пред фактите и боговите молчат. Охрабрува фактот што Владата преку буџетот наговестува воспоставуваше на толерантна рамнотежа кај планираниот дефицит кој во вкупната буџетска потрошувачка ќе треба да учествува со цирка од 0,3% што како мерка ќе мораме сакале или не да ја поздравиме.

Од макроекономски аспект охрабрува и фактот што Буџетот не предвидува зголемување на платите, односно комодитет во трошењето на јавните приходи. Тој цврсто стои на становиште дека мора да биде дел од севкупните напори кои се чинат во насока на одржувањето на макроекономската стабилност која ќе креира ниска инфлаторна стапка, а која од своја страна ќе влијае на реално квантитативно и квалитативен пораст на севкупното стопанство во иднина. Во контекс на ова зголе-мениот број на министерства и нивната потрошувачка предлагам да ги ставиме во однос на вкупната буџетска потрошувачка. Повеќе од се сум убеден дека резултатите ќе бидат искажани во промили. Веројатно и вкупниот аудиториум, или политичкиот маркетинг на оваа тема ќе го акцептира ова во промили. Во контекст на ова ќе го иницирам и вработувањето на цирка 1300 буџетски службеници вработени меѓу двата круга на гласањето во ситуација кога светските финансиски институции императисвно бараа намалување на администрацијата за 5%. Го дискутираме и ќе гласаме за овој буџет. Во овие историски часови на премрежие во кои настаните на северот од нас доведуваат до исклучителни настани. Мораме да бидеме сериозни и одговорни за се тоа што во овој час го кажуваме, или ќе го кажеме. Секој буџет има свои светли, но и темни страници. Никогаш не треба да очекуваме дека сите концензуално ќе бидат задоволени. Тој за жал може да зафати и зафаќа многу суптилни елеменмти и моменти од животот на трупите, но и поединечно. Затоа во најчест случај тој е омилена тема на опозицијата преку него да ја напага позицијата.Позицијата е таа која понекогаш и ќе мора да го проголта горчливиот залак и да одговори, или да ја нападне опозицијата се во духот на борбата со аргументи да се најде реалната но и посакуваната и прифатлива вистина. Затоа никого да не чуди дека позицијата постојано ќе вели

дека ние сега кодифицираме состојби кои се случиле пред нас.

И на крајот некаде во потсвеста ми се враќа една прекрасна мисла од ризницата на мудроста на нашиот народ. Имено таа вели: И после неуспешната жетва пак ќе мораме да ја изораме и да ја насадиме нивата. Времето во кое живееме, настаните кои ни се случуваат вон од нашата желба и вон од нас не тераат малку повеќе да размислиме и да си подадеме рака едни на други, да ги збиеме редовите и да го пребродиме ова време невреме. Има уште многу можности, а и шанси за над-мудрувања, за политички маркетинг и политички натпревари за гласови. Сега ова не е време за сето тоа. Да си помогнеме едни на други, да го интензивираме и поефтиното производство, да најдеме партнер за нашите  производи посебно во овој момент за раноградинарското производство да го решиме пласманот на штотуку откупениот тутун, да ги продадеме непродадените јаболка. По тоа ќе не памети народот. Буџетот е збир на кодифицирани нумерички показатели дадени во еден момент. Тој во суштина е динамична материја и категорија која е во постојано движење условена од севкупните секојдневни предвидливи и непредвидливи настани. Јас сум повеќе од сигурен дека тој во рела-тивно кус временски период условен од реалните состојби ќе мора да се дополнува, или стручно кажано да доживее ребаланс, или да се измени, а до тогаш неговите составувачи ќе имаат време и можности да го доградат или градат се она што треба и може да се вгради, или надгради а кое ќе зависи од новонастанатите моменти кои неминовно доаѓаат.

На крајот да и посакаме на Македонија и на сите нас мир и само мир.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Има збор Радмила Шеќеринска.

**РАДМИЛА ШЕЌЕРИНСКА:**

Почитуван претседателе, почитувани колеги, се извинувам за тоа што нетрпениеto веќе е евидентно. Навистина јас ќе бидам куса, се надевам дека нема да замерите.

Кога пред себе го имате првиот буџет предложен буџет после штотуку одржани парламентарни избори. Нормално е дека имате две варијанти. Имате варијанта да го гледате низ призмата на предизборните ветувања, имате друга варијанта да ги заборавите. И навистина големе е дилемата која што беше пред мене и пред оваа седница и непосредно во тек на седницата кој пристап е правилниот. Меѓутоа, бидејќи е очегледно и од она што се случува секојдневно во Македонија и од она што го слушнавме на говорницата од различни дискутанти од оние кои што го бранат, кои што го критикуваат буцетот, а евидетно е дека ветувањата се веќе позади нас, ветувањата се заборавени, јасно е дека биле дадени како предизборни и исклучиво како предизборни ветувања. Мислам дека веќе е депласирано и од моја страна и од страна на многу пратеници да потсетуваат дека многу од работите кои што беа ветени дека нема да се реализираат. Факт е дека сегашната позиција, министрите во Владата, самискт премиер молеше за трпение, велеше дека 100 дена нормално не се доволни за да се направат промените кои што се ветуваа за 100 дена. Меѓутоа, очигледно е, на денешнава седница очигледнек е со денешниов буџет дека тие ветувања се нереални и за оваа година. Што значи дека и од наша страна можеби и треба да го прифатиме тој факт, да прифатиме дека нема да ги видиме тие најавувани промени барем не оние велам што беа најавувани во оваа година и да почекаме некои подобри времиња.  Затоа јас ќе се концентрирам на некои работи кои што мислам дека треба да се кажат на оваа седница без разлика дали ќе предизвикаа некои измени, или ќе останат само како зборови кажани на говорницата. Имено и многу кус поглед, многу површен поглед на буџетот посебно оној и по ставките кои што отпаѓаат на разични области, на различни функции, и на различни министерства јасно е дека како и секогаш можеби како и во многу други земји во светот дека секогаш се сече таму кај што е најтанко, па затоа јасно е дека во оној инаку според зборовите и на министерот рестриктивен буџет, дека за разлика од зголемувањата од 18% на пример во ставките на Владата, зголемувањето од 54,7% во еден дел кај Министерството за финансии, имаме пак драстични намалувања во областите кои што и до сега ги оценувавме како министерства, или дејности кои што се засегнати и кај кои што треба да се интервенира со поголеми средства. Тука е науката, тука е образованието, тука е здравството и здравствените услуги со околу 15% намалување и тн.

Јас би сакала за некои од нив само да дадам некои куси забелешки. Имено, и пред овие парламентарни избори, меѓутоа и генерално мислам дека партиите во Република Македонија многу често сакаа

да кажат дека образованието, науката, овие дејности кои што навистина влечат големи пари од буџетот дека сакаат и треба да се гледаат од призмата на развој, дека треба да се гледаат како развојни категории, развојни дејности и како такви треба да добијат соодветен третман. За жал овогодишниот буџет не само што е мал, еве конкретно за образванието туку тој е помал од минатата година за 20%, во некои делови тоа намалување е и поголемо. На пример еден од центрите кој што се финансира од буџетот Битолскиот центар за стручно образование, оспособуваше и развој дури со 30% намален буџет, незнам можеби има и неко ја логична причина. Меѓутоа, доколку се погледаат ставките јасно е дека намалувањето на Буџетот ќе значи намалување на приходите на оние кои што се вработени во образованието и тоа на секое ниво и основно и средно и високо образование, дека нема да има надоместок за годишен одмор популарниот К-15, дека она што го најави дури и министерот и на оваа седница на Собранието дека ќе се оди дури и на намалување на платите доколку и во оваа област постои потреба. Меѓутоа она што е интересно и што мене посебно ме загрижува дополнително е дека не само што се оди на стегање на ременот во овој дел она класично, еве намалување можеби на вработените, значи на бројот на вработени во оваа дејност, намалување на администрацијата која што ја покрива оваа област, туку се оди директно и на рушење на стандардите, или на квалитетот во образованието на тој начин што не се дава никаква можност или се намалуваат еве, да бидам поблага, можностите за било каков развој, или унапредување на квалитетот на образованието. Така најголема заштеда очигледно е во делот на набавка на учебници, на списанија, на опрема во училиштата, услови за работење, одржување на семинари и тн. Нормално дека во сево ова компјутеризацијата, воведувањето на нови технологии во образованието повторно ќе кажам на сите нивоа сосема е надвор од игра. Навистина загрижува какви реформи можеме да спроведуваме во образованието, дури ако тргнеме со добри намери, дури ако тргнеме со јасен концепт доколку вака стратешки би рекла се оди на намалување јас би рекла на скромните средства кои што претходно се одвојувале за овој дел. Значи за работа врз квалитетот на наставата, квалитетот на наставниците кои што работат и тн. Истата но знатно влошена ситуација се повторува и во Министер-ството и дејностите поврзани со науката која што за 20% значи има намален буџет од 245 милиони на 187 милиони. И исто така што е за мене најпогубно најголемиот рез, најголемите закинвуања се прават во реалнат вистинската функција на ова министерство а тоа е научно-истражуваката работа. Делот од платите горе, доле ми се чини е ист, делот од други ставки кои што очигледно веќе неможат да се кратат е ист. Меѓу-тоа кај трансверите до научно-истражувачките институции и кај тран-сверите за технолошки развој имате драстични намалувања од 40% во првиот случај, а во вториот некаде околу 30%. Научните институти исто така бележат исто така драстично намалување на буџетот и тоа 50% дури ги намалување во делот на учебници и списанија, 75% можноста за нивно претставување во странство и трошоците кои што со тоа се поврза-ни и МАНУ има намален буџет од 14,5 на 12 милиони и тн. Овде исто така работат луѓе кои што треба и мораат да креираат, да креираат нешто што на оваа држава и е корисно и е потребно. Меѓутоа, очигледно е дека се прави една замена на тези, а тоа е дека онаму каде што може или каде што никој можеби директно нема да биде засегнат, таму ќе сечеме, ќе оневозможиме ниту еден нов научно-истражувачки проект, можеби ќе биде доведено во прашање и остварувањето на тековните пра-шања и како понатаму делот на трансфери за технолошки развој ќе може да се оргнизира и слично. Дури и на самата Комисија за образование и наука неподелен беше ставот дека ова е сериозен преседан можеби сериозна да кажам тенденција највеќе да се крати во овие ресори, претпостаувам дека после тоа кога ќе влеземе во расправа по амандманите дека тука дури ќе биде евидентно едно меѓупартиско едногласие во поглед на ова прашање. Меѓутоа, точно е дека на некои места во буџетот и не се штедело и тоа за суми кои што можеби би помогнале во овие некои делови и тоа за суми кои што можеби би помогнале во овие некои делови како што е делот на пример за списанија што го споменав, делот за научно-истражувачки, за технички развој,

бидејќи овој другиот е малку покрупен и слично. Така на пример кај министерствата за иселеништво и информации се повторува една ставка од пропагандно информативни активности во странство кои што заедно имаат некоја сума од 13,55 милиони. Искрено речено тоа претпоставувам дека ќе биде дел и од поделбата на работите кај Владата, мегутоа тоа поклопување на дејностите, тоа поклопување на сумите кои што се даваат; и во едното и во другото министерство мене не ми е сосема јасно. Така во Министерството за иселениш-тво нема да видите ниту една ставка која што би ги дефинирала можеби трошоците за патни, значи трошоците за патување во странство, таму издатоците се нула, меѓутоа, затоа имате една крупна ставка од 7,55 милиони за оваа пропагандно информативна активност во странство во која што претпоставувам дека се ставени сите овие работи без да бидат прецизирани онака како што е направено кај другите министерства. Да не зборувам дека, интересно е на пример кај некои министерства дека огром на е разликата во процентуалното извојување за некои технички работи како што е на пример копирање, издавање, печатење. На пример во Министерството за трговија 3% од вкупнмот буџет оди на оваа ставка. Можеби има и тука логично објаснување, би сакала да го слушнам. За разлика на пример кај Министерството за животна средина каде што тоа одвојување е 0,3%. Можеби Министерството за трговија навистина ќе има некој специфичен однос кон копирањето и печатењето, меѓутоа вака кога е напишано остава многу доза на сомнеж. Имаше голема дискусија и во делови кои што се исто така значајни и за кои што се зборуваше на изминатите неколку седници на Собранието, тоа е делот на заштита на животна средина, делот на екологија, значи млади и спорт и тука мислам дека се пов-торува една општа тенденција, а тоа е дека се даваат средства за новите министерства, значи оние средства кои што се неопходни претпоставува за да функционира и администрација и колку толку еден апарат кој што ќе го поддржува министерот, заменикот министер и слично. Меѓутоа нема воопшто никакви средства посебно во делот на млади во Министерството за млади и спорт за било какви проекти. Што ни се случува? Ни се случун една замена на тези. Ако претходно зборувавме дека проблемите на млади-те неможат да, се решаваат во оваа држава систематски заради тоа што не постои министерство кое што ќе се занимава со оваа проблематика, сега го имаме министерството ама немаме ниту една активност која што е директно насочена кон некој конкретен проблем. Кај Министерството за животна средина има по мене навистина необјасниво намалување на средствата. И уште една неусогласеност помеѓу министерствата која што беше евидентна дури и на седниците за комисии каде што еден дел од работите или одговорностите на Министерството за животна средина е пре рлено во едно друго министерство. Меѓутоа, велам навистина претпоставу вам дека голем дел од граѓаните прифатија позитивно кога министерот за оваа област изјави дека очеквуа буџет од 5 милиони долари. Денеска тој е дарастично намален и навистина незнам дали тоа се должи на намалување на потребите за грижа на оваа област или некоја друга логика. Јас се надевам дека барем некои од амандманите кои што ќе бидат поднесени од некои пратеници за кои што јас лично дадов поддршка на некоја од комисиите дека сепак ќе бидат прифатени и дека овие области без разлика што се сметаат како да кажам дупки без дно кои што навистина голтаа голем дел од буџетот, дека сепак ќе го најдат својот заслужен третман кај буџетот.

И на крајот само ќе ми дозволите една мала интервенција по однос на претходната дискусија кога повторно чувме дека за се ова па дури и за денешниов буџет, па дури и за утрешниот и за наредната година и тн., за се е виновна ситуацијата која што е затекната, за се се виновни претходните грешки. Знаете јас веќе еднаш реков и министерот за финансии многу пати имав прилика да го чујам за време на предизборната кампања кога постојано зборуваше за економски катастро-фи, за ужасна ситуација која што владее во Република Македонија на економски план и тн.,

**РАДМИЛА ШЕКЕРИНСКА:**(продолжение)

И навистинане знам како денес тој е изненаден дека ситуацијата била уште полоша. Тогаш ситуацијата и тој ја преставуваше како црна, поцрна не може да

биде. Ако се шегуваме, ке кажам следното: Ако му верувам на еден од министрите во Владата кој што изјави дека ова парламентарно мнозинство ке владее 100 години, тогаш искрено се надевам дека нема да ни се случи во 2100 година некој од тогашните претставници на ВМРО ДПМНЕ, ДА и ДПА да излезат пред граганите и да кажат, знаете како е, ситуацијата не е добра, не ги исполнивме ветувањеата, нема да ги исполниме ветувањата, а се е тоа заради тоа што во онаа далечна 1996 или 1997 или 1998 година СДСМ направи катастрофални грешки. Искрено се надевам.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

И благодарам на госпоѓицата пратеник Радмила Шекеринска.

Јас мислам колеги пратеници, со ова ја исцрпивме распрарата во начело. Меѓутоа, пред да го отворам претресот по текстот на Предлогот на Буџетот, г-динот министер за финансии бидејки беше најмногу спомнуван и од него се бара многу одговори, да земе збор, да го каже своето мислење пред да преминеме на поединечно разгледување на одделни стапки од Буџетот.

Има збор г-динот министер за финансии Борис Стојменов

**БОРИС СТОЈМЕНОВ:**

Почитуван претседателе, почитувани дами и господа пратеници, една голема благодарност на опозицијата што не ме критикуваше толку при расправата по Предлог Буџетот за 1999 година. Јас очекував големи критики на Буџетот. Верувајте, големи критики. Меѓутоа, добив само една самокритика. Мислам дека опозицјата во овој момент се самокритикуваше, а не го критикуваше Буџетот, така што таа утврди дека средствата кои се планирани во Буџетот дури се и пре-многу во однос на онаа сиромаштија која ние само ја наследивме, односно која досега ја имаме. Имаме консензус само во едно прашање, дека наследивме сиромаштија која од 1994 година до денес е ваква. Во 1994 година било 7 милијарди и 100 милиони денари плаќање на сиромаштијата, а денес таа сиромаштија е 11 милијарди 471 милион. Значи, за тие четири години таа сиромаштија двојно се зголемува. Верувајте, тоа се егзактни податоци од Буџетот за овој временски период. Меѓутоа, тоа не е битно. Битна е следната работа. Дојдовме до ситуација да предложиме буџет со кој сакаме да поделиме одредена сиромаштија, меѓутоа, да предложиме буџет во кој ќе се однесуваме домаќински одговорно, да предложиме Буџет да издвоиме и малку средства за да ја извлечеме Македонија од ваквата економска и социјална криза во која се наоѓа. Затоа тоа го направивме.

Затоа, ќе одговорам на некои прашаша. Мене ме изненади кога опозицијата го зборуваше следното. Вие имавте многу големи амбиции во предизборната кампања, големи амбиции имавме во програмсктие определби на Владата пренесеи од премиерот на Владата. Меѓутоа, овие не можете да ги остварите затоа што нема пари. Се поставува прашање како да ги оствариме тие наши определби ако го затекнавме она што го нема. Значи, малку повеќе верував и јас дека состојбата во Македонија не е токму таква како што ние ја гледавме. Се испостави положбата да биде далеку поголема. Јас постојано гледам низ книгите. Верувјате дека секој ден утврдуваме се нови инови обврски. Јас морам да кажам на еден колега од опозицијата, кој дискутираше денес. Сретнав претпријатија кои се задолжени во име на претиријатија во кои се плаќани плати, а сите овие средства ќемора да се пиоријат од Буџетот од 1999 година. Дури, тој колега посегнал на девизните резерви, така што скоро 10% од девизните резерви се употербени за пласмани кај претпријатија кои сега се 12 најголеми загубари и во оваа положба не бегаме од таа положба. Напротив, ние ја прифаќаме таа положба и сакаме Македонија да ја извлечеме од таа положба, малку предку Макроекономскат аполитика, малку и преку Буџетот кој денес пред вас го имате. Еве како тоа го правиме.

Не критиквуаат дека ние иамме стапка на раст од 6,5%. Меѓутоа, ние не робуваме на таа стапка на раст, ниту Буџетот за 1999 година го проектираме врз база на таа стапка на развој од 6,5% и оваа инфлација од 3%. Не робуваме на тоа, затоа што кога ја предвидовме стапката на раст, таа е поблиску до вашата стапка на раст, СДСМ предвиуваше 6%, ЛДП 7%, ВМРО ДПМНЕ 8%. Тука бевме сите и воопшто не е битно и јас не гледам тука грешка во таа стапка на раст. Зошто ја предвивовме таа стапка на раст? Не заради проекција на Буџетот, туку зтауади тоа што пред ММФ треба да обезбедиме порелаксирана монетарно крединта политика за 1999 година, односно да обезбедиме поголема парична маса на средства, кои ќе бидат дадени во функција на развој на средните и мали претпријатија во Републиак Македонија. За да видите дека тоа не е така, ние ако го планивавме Буџетот според стапка на раст од 6,5%, тогаш Буџетот ке

беше некаде 46 милијарди денари, а тој не е 46 милијарди, тој е 41 милијарда денари. Значи 5 милијарди оставивме средства за развој. Ако ја планиравме и општата и заедничката потрошувачка според стапката на раст, односно планираниот општествен производ за 1999 година, ние ќе имавме некаде општа потрошувачка 74 милијарди денари. Ние планиравме општа и заедничка потрошувачка наниво на минатата година. Значи, не појдовме од концепцијата за развој. Напротив, ние одиме на смалување на буџетската и општата потрошувачка во функција да обезбедиме развој и раст на македонското сто-панство.

Оттука, јас мислам прашањето дека тој Буџет не би можел да се оствари заради тоа што е конципиран врз база на Макроекономон-ската полтика од 6,5% не држи, затоа што ние приходите во Буџетот за 1999 година ги планиравме врз база на реален пристап, односно тргнавме од тоа како се остварени тие приходи во 1998 година, дали ќе ја промениме даночната политика во 1999 година и дали ќе ја подобриме финансиската дисциплина во наплатата на Буџети за 1999 година. Тоа беше пристапот на приходи и за жал, во тој пристап на приходи ние бевме далеку по оптимисти. Меѓутоа, ММФ тоа не го прифати. Вели, овие приходи се толку во рамктие на тиеможности. Овде има многу загрижени дека тој Буџет тешко може да се оставарува, се кажуваше дека скоро е загрозен Буџетот на Македонија. Морам да ви кажам една работа. Буџетските приходи во јануари, февруари, март се зголемени за 7% во однос на истите приходи од минатите години и замислата, овие дисиуции во кои се поставува прашањето што има пад на општествениот производ, ќе има пад и на приходите, ние имаме сосема обратна положта. Значи, приходите даночни за првиот квартал се зголемени за 7%, сите видови на приходи. Што е тоа? Тоа значи има една политичка клима, нова политичка клима, нема евазија на данокот без мерки. Веќе сите даночни обврзници почнаа дисциплинирано да си ги плаќаат обврските спрема државата. Тоа го кажуваат првите три месеци. Јас не кажувам дали нема да се случи, дали така ќе се остваруваат приходит, меѓутоа, досегашната пракса тоа го покажува.

Во однос на тоа дали Буџетот има развојна компонента, вие сами гледате ако ние обезбедивме 5 и 7 милијарди во однос на заштеди конципираната општа и буџетска потрошувачка, оваа Влада значи е цврсто на курсот на развој на Македонското стопанство.

Овде, исто така, се кажа дека има континуитет на политиката. Дали јас ќе го потврдам тоа? Има континуитет, мегутоа, во што континуитет? На пример, ние сакаме ако има пораст, тој пораст да биде поголем. Потези не сакаме да правиме во економијата, меѓутое има континуитет само во тој поглед, а не континуитет во економската политика. Видете, во развојот бевме заедно само во реформите. Декларативно претходната Влада беше за реформи, мегутоа, ние одиме на длабоки реформи. Ние сакаме вистински реформи и во тој поглед тоа го зацртавме и низ Буџетот за 1999 тодина. Морам да кажам, во Буџетот стои таму, дали може да се финансира она што е предвидено бо Буџетот бидејќи приходи нема да се остварат, јас ќе ја кажам следната работа. И во моето воведно излагање реков, нема да финансираме се од Буџетот за 1999 година, за оние програми кои реков дека се премногу амбициозни, програмите во областа на културата, образованието, земјоделството, програмите во поглед на реформи во администрација, затоа што за тие програми веќе имаме преговори и веќе обезбедени странски средства во финансирањето на образовнаието, културата и земјоделството. Ние одевме и на тоа да обезбедиме и дополнителни средства во финансирањето на развојот и финансирањето на одредени области, за кои опозицијата кажа дека имаме намалување на одредени расходи. Намалувавме таму каде што бевме сигурни дека ќе обезбедиме странски средства, затоа што секаде не можете да обезбедите странски средства за развој. Значи, тука беше земјодел-ството, земјоделските програми, културата, образованието и реформтие на администрацијата. Да кажам само еден пример за реформите во администрацијта во Светската банка веќе имаме склучено аранжман да ни дадат за реформите 25 милиони долари. Кога ќе ги добиеме тие средства, реформите во јавната администрација ќе ги правиме со овие средства.

Се постави прашашето за полувоен буџет. Морам да ви кажам дека ние добро планиравме. Што направивме со планирањето на сред-ства за Косово. Бевме премногу предвидливи, знаевме што се случува и знаеме што ќе се случува, меѓутоа нешто друго зошто тоа го направивме. Средствата не се 490 милиони.Во тој поглед средствата и штетите ги проценивме над 2 милијарди и 500 милони. Меѓутоа, дел внесовме во Буџетот, а дел не се внесени во

Буџетот. Зошто го на-правивме тоа. Тоа го направивме заради две причини. Прво да го натераме ММФ и Светска банка да обезбедат средства за она што ни се случува во 1999 година и второ, ако вам тоа ви го потврди ММФ и Светската банка, тогаш вие и ќе добиете срдсва. Затоа, дел од тие средства внесовме во Буџетот и од друга страна, тие средства ги планиравме затоа што на сакавме барем до 30 јули да издвојуваме депозити во Народната банка, да мобилизираме средства, и така кога веќе немаме средства за 1999 година. Значи, тоа беше една тактичка варијанта во преговорите со ММФ да предвидиме средства и за Косово, за да можеме да спречиме издвојување на средства во депозитот кај Народната банка. Затоа, ако го погледате детално буџетот, во овој период, издвојувањата не се 170 милиони, туку тие средств во некои месеци се 100, а другите месеци се 120 милиони депозит во Народната банка. Се поставува прашањето од каде средства за долговите во странство. Некој го постави тоа прашање, 4 милијарди и 540 милиони во Буџетот, видете, тоа е наследена работа. Во овој временски период за овие три месеци не земавме никакви нови кредити, а знаете дека обврските спрема странските долгови за 1999 година се зголемуваат за 60%. Сега се поставува прашање, наместо да го постави тоа прашање позицијата, бидејки не се толку вични во тој поглед, го поста-вува прашањето опозицијата која знае од каде доаѓаат тие средства. Тие средства доаѓаат од Светската банка, ММФ и тн. За жал, тие средства исто так се планирани и заради тоа што ЕСАФ аранжманот со Светската банка помалку е одложен заради тоа што претходната Влада не си ги изврши обврските со ММф. Може да ни се случи, веќе изгубивме 32 милиони долари средства за отплата на странскиот долг, а може да ни се случи да изгубиме уште 12,5 милиони, затоа што ЕСАФ аранжманот дури во јуни ќе биде на преглед и ако кажат дека тој не е добар, не дека не е добар од Владата, туку не е добар затоа што се правени некои трошоци кои не смеела да ги прави претхдоната Влада, а кои ги презела со ЕСАФ аранжманот.

Овде се поставува прашањето за 12-те загубари. Ние прифативме една обврска на претходната Влада и тоа е вред. Ние сакаме да биде Македонија кава, држава, да има континуитет во Дражвата. Не можеме да кажеме сака, претходната Влада прифатила со ЕСАФ аран-жманот да ликвидира 12-те загубари, ние ќе кажеме не. Меѓутоа, што правиме? Ја правиме следната работа. Не се договоривме со ММФ да ливидираме 12 загубари, туку напротив, ова прашаше го одложивме. Рековме, извинете, ќе видеме сега дали ќе ликвидираме 12 претприја-тија или тоа прашаше ќе го одложиме за наредните години или тоа ќе го правиме ако, извинете господа, вие обезбедивте средства на Република Македонија за ликвидација на овие претпријатија. Затоа, заради неизвршување на обврските спрема тие меѓународни институции, ние и оваа година имаме планирано средства со задолжување за 4 милијарди и 540 милиони.

Монетарната политика ние ја правиме, односно Буџетот ја прави релаксирана, затоа што сакаме да се зголеми обемот на кредити за 1999 година, односно кредити, кои ке бидат давани на претпријатијата во оваа година. А ако вие имате развој, не сакаме да го гледаме развојот само преку инфраструктурата. Напротив, развојот сакаме да го гледаме преку кредитирање на малите и средните претпријатија, бидејќи сме Влада која претпочита пазарно стопанство, не државна интервенција во стопанството преку инфраструктурата. Затоа направивме преку Буџетот една таква релаксирана политика.

Меѓутоа, на крајот јас морам да кажам дека Буџетот ќе биде исполент во тоа темпо во кое се предвидува. Исто така, морам да кажам - сигурно, ако се случат некои непредвидени состојби ние ќе вршиме и ребалнасн на Буџетот. Сигурно јас морам да ви кажам дека заради затечената состојба оваа Влада не можеше во почетокот за овие 100 дена да ја примени новата даночна политика, која постојано денессе спомнуваше: Ниски стапки на даноци, повисоки приходи на Буџетот. Верувајте, ние тоа ќе го направевме. Сега бевме спречени од ММФ во првите три месеци, затоа што јас седнав на местото заедно со ММФ, не знаев ни што се случува во државата. Меѓутоа, ние се договоривме и ќе видите вие во април полека,полека ќе ја оствариме и таа наша нова даночна политика, која ќе обезбеди развој на Македонија. Затоа во тој поглед, би ве молел сите барем, ако ја делиме таа сиромаштија во Македонија и ако сите сакаме Македонија да излезе од кризата со економски ераст, а бидејки овој Буџет тоа тоа нуди, јас уште еднаш ве повикувам да гласате за Буџетот,а тоа значи ќе гласате за Македонија.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на г-динот за винансии Борис Стојменов за дополнителните објаснувања.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на буџетот.

ЗПК поднесе амандман на член 3, раздел 09002,поставка 492 027, член 3 раздел 150 20 поставка 443 085 и член 3 раздел 193 01, поставка 441 287, со кои се согласил претставникот на Валдата и тие се составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Комисиајта за здравство поднесе амандмани на член 3 раздел 190 01 ставка 441 поставка  441 015 и раздел 040 02, ставка 453 потставка 463 019 и на член 3 раздел 190 01 ставка 441 за додавање на нова потставка, по потставката 441 082 и раздел 040 02 ставка 468, потставка 468 096 по кои Владата не се произнела.

**САВО КЛИМОВСКИ:** (ПРОДОЛЖЕНИЕ)

Пратеникот Хисни Шаќири поднесе амандман на член 3 раздел 191.01 и раздел 192.01 по кои Владата не се произнела.

Комисијата за култура поднесе амандмани на член 3 раздел 180.10 став ка 441 и на член 180.10 ставка 468 потставка 468010 по кои Владата не се произнела.

Комисијата за екологија, млади и спорт поднесе амандман на член 3 раздел 121.01 ставка 426, потставка 426024 и 426052 и на раздел 120.01 ставка 426024 и 426032 по кои Владата не се произнела.

Пратениците Благоја Стојковски, Драган Митевски и Ванчо Горѓиев поднесоа амандман на член 2, категорија 2, поткатегорија 46, ставка 463 член 3 раздел 161.01, ставка 427, потставка 427136 по кои Владата не се произнела.

Пратениците Благоја Стојковски и Иљо Иљовски, поднесоа амандман на член 3 раздел 120.01 ставка 472 потставка 472026 и на член 2 категорија 2 поткатегорија 46 ставка 463 и на член 3 раздел 120.01 ставка 472 потставка 472026 по кои Владата не се произнела.

Пратеникот Илија Филиповски поднесе амандман на член 3 раздел 120.01 ставка 472, потставка 472093 и раздел 040.02 ставка 463 потставка 463019 и на челн 3 раздел 140.01 ставка 426 потставка 426083 и раздел 040.02 ставка 463 потставка 463019, по кои Владата не се произнела.

Комисијата за образование и наука поднесе амандман на член

3 раздел 170.01 ставка 441 потставките 441252, 441317 и 441325 и став-ка 463 потставка 463027 раздел 010.02 ставка 423 потставка 423190 и ставка 468 потставка 468010 и раздел 040.02 ставка 426 потставка 42605 ставка 463 потставка 463019 и на потставката 463064, по кои Владата не се произнела.

Пратеникот Милан Ставрев поднесе амандман на раздел 040.07 по кој Владата не се произнела.

Во меѓувреме пратеникот Амди Бајрам поднесе амандман на член 3 разделите 020.01, 050.01, 060.01. 070.01 и 160.01 и ставка 401 и истиот го повлече.

Пратеникот Амди Бајрам поднесе амандман на член 3 разделите 050.01, 060.01 ставките 401, по кои Владата не се произнела.

Пратеникот Лазар Китановски поднесе амандман на член 3 раздел 180.010 ставка 441 за внесување нова потставка по потставката 441139, раздел 040.02 ставка 468 потставка 468056 и на член 3 раздел 180.10 ставка 441 за додавање нова потставка по потставката 441163 и раздел 04002 ставка 463 потставка 463019, по кои Владата не се произнела.

Пратениците Димитар Бузлевски, Кирил Настевски, Александар Гештаковски и Никола Поповски, поднесоа амандман на член 3 раздел 140.01 ставка 426 ва додавање нова потставка по потставката 426024 и раздел 090.02 ставка 471 потставка 471046, по кои Владата не се произнела.

Пратеникот Аслан Селмани поднесе амандман член 3 раздел 170.01 ставка 441 потставка 441252 и раздел 040.02 ставка 468 потставка 468096, по кои Владата не се произнела.

Пратеникот Оломан Сулејмани поднесе амандман на член 3 раздел 010.02 ставка 466 потставка 466093, ставка 463 потставка 463019 раздел 060.01 ставка 468 потставка 467096 и раздел 160.30 ставка 401 потставка 401010, по кои Владата не се произнела.

Пратениците Мевљан Таири, Оломан Сулејмани и Аслан Селма-ни поднесоа амандмани на член 3 раздел 090.02 ставка 468 потставка 468.010 раздел 161.01 ставка 472 потставка 472093 раздел 120.01 ставка 426 потставка 426016 и раздел 121.01 ставка 426 потставка 426024 и потставка 426032 и на член 3 раздел

060.01 ставка 464 потставка 464015 и раздел 180.10 ставка 441 потставка 441139, по кои Владата не се произнела.

Почитувани пратеници, отворам претрес по амандманот на член 2 категорија 2 поткатегорија 46 ставка 463.

Има збор пратеникот Лазо Китановски.

**ЛАЗО КИТАНОВСКИ:**

Бидејќи во текот на денешната седница имаше многу амандмани, сепак ќе треба да ги погледаме ние пратениците, веројатно не некои ќе дадеме поддршка, без оглед на која партија сме, предлагам денеска да завршиме, а утре да работиме само на амандманите. Немојте да го сфатите ова како опструкција, бидејќи утре ќе бидеме посвежи, бидејќи имаме многу амандмани мислам дека тешко ќе добиеме права слика, за што практично гласаме. Тоа е причината, ништо повеќе. Инаку само да се прочита амандманот, па да образложи предлагачот, ќе ни треба уште најмалку три-четири часа.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Со оглед дека многу од овие ставки и потставки се поклопуваат, тоа се блиски амандмани и за иста материја се однесуваат, тука е министерот ќе ни каже, јас мислам денеска да завршиме со ова прашање околу Буџетот, а потоа ќе видиме дали ќе одиме на другите точки или нема да одиме.

Според тоа, јас мислам кога сме веќе во форма да ја завршиме денеска работата. Инаку да знаете мене ми е најтешко, но таква е процедурата и мора да се заврши. Според тоа, мислам дека треба да има уште малку трпение и да ја завршиме работата.

Отворам претрес по амандманот на член 2 категорија 2 поткатегорија 46 ставка 463 и на член 3 раздел 161.01 ставка 427 потставка 427136, поднесен од пратениците Благоја Стојковски, Драган Митевски и Драган Горѓиев.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**БОРИС СТОЈМЕНОВ:**

Амандманот не се прифаќа.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор?

**ДРАГАН МИТЕВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани министри, почитувани колеги. Иако министерот не го прифати овој амандман, сметам дека навистина во оваа година кога претстојат многу настапи на наши врвни спортски екипи и тие врвни спортски екипи кои покажаа дека навистина заслужуваат едно поголемо внимание во финансирањето, во припремата и кои навистина, на одредени светски и европски првенства да постигнат поголеми резултати. За да го направат тоа, навистина сметам дека из-носот што е предвиден во ставката за трошоци за олимписки игри, европски и светски прѕенства во износ од 26 милиони 542 илјади е недо-волен за припреми на нашите репрезентативци и за учеството на светските првенства. А имено, сите знаете и сте сведоци дека оваа година се квалификуваа за светските првенства нашата машка ракометна репрезентација, потоа нашата женска ракометна репрезентација и на крајот за европското првенство се квалификува нашата кошаркарска репрезентација.

Тоа значи дека нивните настапи на овие светски првенства, како што знаете кои што беа и досега она што беше пред две години, женската ракометна репрезентација со заземањето на седмото место на светското првенство, кога успеа да го победи светскиот првак во ракомет и другите понатамошни наши настапи и кога овде во Скопје кога на Кале се восхитуваа за успесите, било која политичка партија да е на нашите репрезентативни екипи треба да сватат дека им е потребно на-вистина оваа стапка да се зголеми, а предлагаме да се зголеми, а не да се одземе, сега не сакам да бидам сватен погрешно од некоја помалку значајна ставка и да се додаде на оваа многу значајна ставка, како нашите репрезентативци би можеле посериозно да се припремат и да учествуваат на светските првенства и на европското првенство. Имено, сакам да напоменам дека нашите репрезентативци, нашите спортисти се еден голем репрезентент на нашата татковина, односно на нашата држава надвор и најголеми амбасадори и први амбасадори на Република Македонија и во времето кога оваа држава се формираше тие беа надвор кои ја афирмираа меѓу светската јавност. Тоа се случува и со успесите кои ги постигнуваат. Према тоа, јас сум и согласен, ако има било каква можност оваа ставка од 20 милиони која што е предвидена во Министерство-то за млади и спорт како ставка во Буџетот во 427 за трошоци за олимписки игри и тн. дури и да не биде толку, сепак ако е можно министе-рот да се согласи да се зголеми, барем за неколку милиони, бидејќи овие спортски екипи се најголеми амбасадори на државата надвор,

дури повеќе и од постојните амбасадори. Мислам дека во интерес на спортот, на овие сега што се и во иднина оваа ставка во Буџетот да биде зголемена. Поради тоа барам од сите парламентарни групи, без оглед на која политичка партија припаѓаат, да дадат поддршка на овој амандман, за што однапред ви благодарам.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?

18 пратеници гласаа за.

Дали има некој против?

57 пратеници гласаа цротив.

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој).

Според тра констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 2 категорија 2 поткатегорија 46 ставка 463 и на член 3 раздел 161.01 ставка 427 потставка 427136, пдонесен од пратениците Благоја Стојковски, Драган Митевски и Ванчо Горѓиев.

Отворам претрес по амандманот на член 2 категорија 2 поткатегорија 46 ставка 463 и на член 3 раздел 120.01 ставка 472 потставка 472026, поднесен од пратениците Благоја Стојковски и Илија Иловски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**БОРИС СТОЈМЕНОВ:**

Беше поставено прашањето овде дека има во овој нов Буџет и многу средства за мебел и тн. и оваа интервенција на овој амандман во таа насока. Јас морам да кажам дека тоа не е мебел, туку тоа се средства кои ќе бидат потрошени во Министерството за финансии и тоа не е мебел, туку опрема за воведување на ВАТ даетемот од 1 јануари 2000 година. Според тоа не се мебели туку опремување на Управата за приходи, односно Министерството за финансии. Од тие причини амандманот не се прифаќа.

**БЛАГОЈА СТОЈКОВСКИ:**

Почитуван претседателе, колеги и колешки пратеници. Незнам дали министерот расправаше по првиот амандман, мислам дека се расправа по еден амандмдн па се расправа по вториот амандман. Првиот амандман е во оваа смисла: во првиот амандман не се спомнува ни мебел ни опрема. Во првиот амандман се спомнува само за дополнување на потставката 472026 која галси "Изградба на водовод" и да гласи "Изградба на водоводи и колекторски канализациони мрежи". Тука министре не барам и во амандманот не поднесов барање да се намалат средствата за опрема и мебел. Тука само барам измена на насловот на оваа потставка.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**БОРИС СТОЈМЕНОВ:**

Со оглед на тоа што трошењето на тие средства донесува одлука Владата, тие можат да бидат наменети и за онаа намена за која се предвидува, така да и за колекторски канализациони мрежи, така да амандманот и да не се усвои, фактички може да се употребуваат тие средства. Амандманот не се усвојува.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Има збор пратеникот Иљо Иљовски.

**ИЉО ИЉОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници. Дозволете ми како предлагач на овој амандман да го изразам моето незадоволство и разбирдњето навистина зошто не се прифаќа амандманот. Ако е ова образложението, ако не се бара дополнителни средства, значи сега се делиме по партиска линија дали да се гради колекторска мрежа или да не се гради. Единствена причина која гледам дека пратеници од опозицијата го имаат поднесено овој амандман, па тоа е основната причина што не се прифаќа.

**ИЛИЈА ИЛОСКИ:** (Продолжение)

Јас спомнав дека во изборната единица 49 во Охрид минатата година се почнати одредени инвестициони зафати во оваа сфера и тоа децидно го кажав во уводното излагање околу општата расправа по Буџетот. Сакам да потенцирам дека за оваа година беше планирано покрај селата во галичката општина покрај брежието на Охридското езеро Пештани и другите села, Лескоец и селото Велгошти да се отпочне еден ваков зафат и не гледам причина тоа да не се прецизира во Буџе-тот само од проста причина на извршителите или на оперативците кои го извршуваат Буџетот да не им прави никакви проблеми во оперативнотс извршување на овие средства. Бидејќи ставката се однесува на ниво на цела Република Македонија не гледам причина тоа да не се искористи да се употребат овие средства и за цела територија на Република Македонија.

Меѓутоа, бидејќи имаме мандат од одредено гласачко тело на одредена територија нормално јас кажувам за онаа територија и оние гласачи кои ги застапувам.

Сакам уште еднаш да ги замолам сите пратеници на ВМРО на душа ќе ги носат сите гласачи од селото Велгошти кои на сите досегашни избори од 1800 гласачи некаде 80% ги давале гласовите за МВРО а остадатите гласови ги давале за другите политички партии. Греота е за тие луѓе и нека ви служи на чест ако гласате против.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Дали сака претставникот на Владата да се произнесе повторно?

**БОРИС СТОЈМЕНОВ:**

Видете, со оглед на тоа што тие средства ќе се трошат со одлука на Владата, а Владата одлучува за намената на средствата, тоа не значи, ние не го прифаќаме амандманот, но тоа не значи дека се откажуваме во Велгошти да градиме.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Дали уште некој бара збор.

Има збор Рубенс Наумовски.

**РУБЕНС НАУМОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, претставници на Владата за жал, ова е мое прво јавување од говорницава повеќе испровоцирано од пратеникот Илоски, како координатор на општинскиот комитет на ВМРО ДПМНЕ од Охрид должен сум да се обратам на овој Парламент и на јавноста во Македонија. Жал ми е што ќе речам по малку лицемерно е застапувањето на интересите особено на селото Велгошти и на сите села од галичка општина од страна на пратеникот Илоски, бидејќи точно во тоа Велгошти, како што и самиот призна ни тој ни неговите претходници немаат шанса да добијат потребни гласови, напротив, секогаш катастрофално се поразени. Лицемерието е до таа мера поголемо што точно на овие избори дечиња од Велгошти активисти на Унијата на младинци на ВМРО ДПМНЕ кои лепеа плакати - пропаганден ма теријал во Велмеј добиај малку ќотек, малку за среќа и во селото Велмеј од каде потекнува пратеникот Илоски ми беше речено дека ВМРО ДПМНЕ нема што да бара во Велмеј. Но, тод е само една слика од прет- ходните избори во контекст на моето излагање по однос загриженоста на господинот Илоски за колекторскиот систем и секундарната канализациона мрежа во 49-та изборна единица - галичка општина би кажал дека не само како пратеник, сега актуелен пратеник во Парламентот на Република Македонија имаше прилика и можност во последните 8 години како високо котиран член на СДСМ да се заложи во неговата партија а со тоа преку Владата на СДСМ изминатите години да биде малку повеќе сторено за таа галичка општина и селата од галичка општина и решавање на проблемот на секундарната канализациона мрежа и колекторскиот систем.

Факт е дека не е ништо сторено до сега, а ВМРО-ДПМНЕ од позиција на локална власт, бидејќи таму имаме добар дел од власта, веќе сме на потег да го решаваме проблемот на водоснабдувањето и канализационите мрежи во тој дел од галичката општина и со тек на време веројатно во наредниот период сосема ќе се реши тој проблем и верувам со помош на Владата дел од овие средства кои се денеска содржани во Буџетот за 1999 година.

Значи, пораката, повикот на господинот Илоски до членовите на ВМРО-ДПМНЕ односно пратениците е скоро непотребен и безпричински ние ќе сториме се и секако ќе го решиме проблемот од оваа сфера во тие села, галичката општина и 49-та изборна единица. Еве, вака јавно го давам тоа ветување и би кажал дека сме веќе на потег да ги решавам тие проблеми и од локално ниво.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на пратеникот Наумовски Рубенс.

Дали некој друг бара збор?

Реплика бара господинот Илоски.

**ИЛИЈА ИЛОСКИ:**

Јас му благодарам на ова исхажување на господинот Наумовски од Охрид со една забелешка дека сепак тој е до пропорционалната листа тој не излезе пред народот, јас без разлика како гласаше гласачкото тело од Велгошти излегов на митинг пред нив и некои ветувања дадов.

Второ, за пошироката јавност и за овој Парламент сакам да соопштам одамна се познаваме, бидејќи тој беше наш советник во општинското собрание и уште од тогаш како советник на СДСМ во општинското собрание, јас како истакнат член, како што кажува, покренати се тие иницијативи и дури минатата година успеавме, без разлика дали јас бев кандидат на листата или не, успеавме да искамчиме некои пари да се почне секундарната канализација за Пештани што

беше круцијално прашање за тој простор таму, бидејќи селото почна да се гуши во наплив на поголема изградба на таа инфраструктура таму. Истото тоа почна да се работи на општинско ниво за Лескоец како три поголеми конгломерати на изборната единица 49 во делот на галичката општина и дури јас успеав пред нашата Влада додека беше на власт да издејствуваме одредени разговори со германска институција од германска помош за решавање на овој круцијален проблем. Бидејќи тој континуите не може да се продолжи, настаната е ситуација на дисконтинуитет во тие преговори за германската помош, јас не гледам како пратеникот Наумовски од Охрид мисли да го реши ова круцијално прашање. Доста му е ветување на тој народ. Воопшто не е лицемерие, јас одам сеуште и разговарам со вашите луѓе во Велгошти, не се либам од тоа, без разлика на полтиичката припадност. Се гледа дека се круцијални пра-шања кои мора да се постават. Ако ние не издејствуваме денеска овде да се стави тоа, кажувам приказни на народот дека ние ќе се заложиме и тоа ќе го направиме. Единствено само на овој начин гледам простор, а можеби неговото неискуство во парламентарната работа не дозволува да csати дека ако се стави како ставка во Буџетот таа за 1999 година деоже да се изврши, може и не може од различни причини, меѓутоау 90% може да се изврши таа ставка и на некој начин ние да се избориме овие пари да ги насочиме кон охридскиот регион. Од друга страна не гледам никаква причина повторно за да не се прифати, бидејќи и првиот потпишувач на овој амандман јасно обрзаложи дека од никаде дополнителни средства не се потребни затоа во конкретниот случај не ќе го испочитуваме она што министерот на почетокот кажа мала приказна која јас лично ја доживеав допадливо, некој можеби вулгарно околу пушењето на мајката и играта на детето со коцките, не се бараат дополнителни средства значи истата ставка во истата висина само да се додаде наменско користење и за одводни канализациони мрежи во регионо на целото подрачје на Република Македонија. Потоа тоа зависи од нашите активности како парламентарна група на 4-5 души колку не има од Охрид, од активностите на градоначалникот, на Советот на градот итн. за што, ако се сеќавате како парламентарна група од Охрид кога појдовме на разговори кај градоначалникот ветивме дека за заедничкит за круцијалните прашања нема делба по партиска линија. Не важи правилото дали сум јас од СДС, дали сте вие до ВМРО или колегите напред што седат докторите се од ДА.

Затоа би ве молел по овие логчни објаснувања зошто да спориме кој го предложил и дали е лицемерно или не е лицемерно. На крај нека се работи за лицемерие, дајте да прифатиме нека се направи канализацијата, па потоа народот нека оцени дали е лицемерие или не. Во спротивно лицемерие од ваша страна е само да се ветува, а ништо да се изврши. (од место му е дофрлено зошто до сега тоа не е направен а тој одговори дека немале пари).

(Збор бара господинот Амди Бајрам)

САВО КЛИМОВСКИ:

Вие не сте подносител на овој амандман.

(му се обраќа на господинот Амди Бајрам).

Процедурално, господинот Амди Бајрам сака да се произнесе.

**АМДИ БАЈРАМ:**

Почитуван претседателе, почитувани министри, почитувани пратеници, јас мислам дека сега е буџетот на дневен ред, имаме доста амандмани и би требало околу тоа да се осврнеме, не би требало партиски препукувања, без разлика дали е од СДС, дали е од ВМРО, знаете каква е ситуацијата во Македонија, ги знаете состојбите, се наоѓаме во една кризан ситуација во Репбулика Македонија и многу ни е битно вечерва да го донесеме Буџетот. Јас мислам дека би требало да бидеме што пократки во искажувањата без разлика дали е од ДСД, од Сојузот на ромите, ПДП или ВМРО дајте да ја решаваме ситуацијата затоа што граѓаните очекуваат од нас, сега е 19,25 часот сите не следат и сите очекуваат подобри работи од нас. Дајте да ја завршиме првата точка што ја имаме на дневен ред затоа што утре или друг ден не очекува другото како и јавноста што очекува од нас.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на господинот Амди Бајрам на сугестијата таа му е на место. Владата си останува на тоа амандманот не го прифаќа.

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Ако никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?

20 пратеника гласаа за.

Дали има некој против?

60 пратеника се против.

Дали некој се воздржува од гласање?

Три пратеника се воздржуваат.

Според тоа констатирам дека Собранието не го усвои амандма-нот на член 3 раздел 120.01 ставка 482, потставка 472026 поднесени од пратениците Благоја Стојковски и Илија Илоски.

Истовремено тие имаат поднесено и амандман на член 2 категорија 2, поткатегорија 46 став 463, за кои исто така министерот кажа дека не се согласува. Тоа беше заеднички амандман.

Дали некој бара збор?

Повелете господине Стојковски.

**БЛАГОЈА СТОЈКОВСКИ:**

Точно е дека министерот се изјасни по овој амандман дека не го прифаќа, не очекувам дека и овој амандман ќе биде прифатен бидејќи во претходниот амандман не се бараа пари од Буџетот, се бараше само едно дополнување за да може полесно понатаму да се работи во РМ, меѓутоа, еве да поверувам во нешто во што не ми се верува дека може од ставка водоводи да се користи средства и за канализациони колекторски мрежи. За мене има огромна разлика меѓу водоводи, изградба на водоводи и изградба на колекторски фекални канализациони мрежи.

Морам да кажам дека ако Буџетот е усвоен под ваква формулација средствата можат да се користат дури и Владата може да ги користи само за водовод. Министерот рече дека тоа е прашање на Владата дека таа може да ги користи за канализација, не е битно, нека остане така, меѓутоа морам да кажам мое мислење дека некако многу од оваа говорница слушнавме дека имаме толку средства во Буџетот, а другите ги ставивме на страна заради ММФ. Јас незнам дали од ММФ ме слушаат. Слушнавме ми шепнаа на уво, меѓутоа ние ќе најдеме други средства, морам да кажам дека сепак се усвојува Буџет на Република Македонија и дека мораме да бидеме одговорни без разлика дали сме опозиција, дали сме позиција, се работи за еден од најбитните финансиски документи на оваа држава. Не верувам дека средствата од ставката водоводи може да се користи за канализации и не верувам исто така дека овој мој амандман, бидејќи не го усвоивте само промена на една дефиниција со кои барам да се зголемат средства за водоводи во ставка водоводи за да се одземат од друга ставка, ова го барам од проста причина што во Македонија во многу локални самоуправи најтежок проблем е проблемот со вода. Тој проблем со вода во многу градови и во многу новосздадени локални самоуправи е нерешен. Ако не е разрешен проблемот со вода, морам да поставам прашање како бараме нешто друго да надградуваме во животот на нашите граѓани.

Предлогот на средства што е за изградба на водоводи и нашито предлог со амандман ни од далеку не можат да ги разрешат прашањата со потреба од вода за пиење. Лично имам сознанија за проблеми на градот Велес, за проблеми на градот Тетово, мегутоа, немам право и не сакам да зборувам за проблеми на тие градови ист проблем го имаме и во градот Куманово, град со над 80 илјади жители кои во летниот период останува без вода за пиење. Сакам да кажам дека во 1998 година со помош на средства од Буџет, со помош на други средства од други институции успеавме да обезбедиме 3,5 милиони ДМ за изградба на доводен вод од Липково до Куманово, меѓутоа, вкупната инвестиција за овој регионален вод кој ги разрешува прашањата со водоснабдување на Куманово и на скоро цела новоформирана општина Липково со сите села освен село Лојане изнесува 10,5 милиони ДМ. Првата фаза е од 5 милиони ДМ со изградба на потстаница. Реков да обезбедиме со средства од буџет и други средства 3,5 милиони ДМ и сега за да продолжи изградбата исто така предлагам средствата за водоводи, а по моја дефиниција на оваа ставка и канализациони колекторски мрежи да биде зголемена само со една единствена цел~да имаме што поголеми средства кои ќе бидат не да ги разрешат проблемите на водоснабдувањето, туку ќе бидат стимулативни за да се соберат сред-ства од граѓаните и да се најдат средства од други институции за да може прашањето со вода да биде разрешено.

**БЛАГОЈА СТОЈКОВСКИ:** (продолжение)

Ова го зборувам за Куманово, а верувам дека во многу општини било да се пратениците од лева или десна страна истите имаат такви проблеми и добро е да се учествува со 10 до 15% во вкупната финансиска конструкција. Тоа ќе предизвика можности за да таа финансиска конструкција се оформи.

Исто така неможам да сфатам, но по излагањето на министерот дека можат да се користат и за колекторски мрежи дека наслебите околу Куманово, тоа се однесува и други градови во Македонија каде нема канализациони мрежи и тоа населби кои вкупно акумулираат во себе 25 илјади жители (Проевце, Ајдучка Чешма, Иго Тричковиќ во Куманово, Карпуш, село

Лопате, село Опае, село Ризаре), каде се јавуваат високи подземни води и прети катастрофа на тоа земјиште дека неможат да добијат минимална помош за да можат да тргнат во изработка на проекти, во изработка на завршување на овие канализациони колекторски мрежи.

Морам да кажам дека кога го поднесов амандманот, кога се мислев можеби е точно, меѓутоа ставката опрема и мебел можеби не е тоа, меѓутоа така стои. Добивме сега образложение од министерот, меѓутоа ако стои ставка опрема и мебел и да прифатиме за новите пет министерства дека се потребни 30-40 милиони да ги опремиме, тогаш неможам да сватам дека оваа ставка ќе биде зголемена за 107 милиони. Неможам да сватам додека не беше известено. 107 милиони е зголемување во однос на 1998 година. Плус на тоа има и сопствени средства кои се остваруваат по разни министерства и разни институции од 100 милиони. Кога размислував што да предложам и за што да се залагам се залагам за вода. Се залагам заизградба на здрава средина, се залагам за она гато и сите вие се залагате за достоинствен живот на наш граѓанин. Каков ќе биде тој доствоинствен живот на наш граѓанин ако нема вода за пиење.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на пратеникот Благоја Стојковски.

Молам дали уште некој бара збор? (никој)

Ако никој друг не бара збор, го заклучувам претресот...

За збор се јави пратеникот Иљо Иљовски.

**ИЉО ИЉОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници,

Сакам само мало појаснување од страна на министерот, бидејќи дополнителни средства се бараат од Владата - капитални трошоци во раздел 463-мебел и канцелариска опрема во висина од 240 милиони денари. Тоа стои во разделот на капитални трошоци, а ова што министерот го кажува за воведување на ВАТ системот најверојатно, можеби грежам, анализирајќи ги ставките од Буџетот таа ставка е внесена во Министерството за финансии, во некои од нивните пododдели и тоа во многу голема висина отколку што е оваа. Ако е така се прифаќа, затоа што веројат-но е приоритет да се даде на воведување на ВАТ системот, бидејќи лично сум упатен што е тој проект меѓутоа ако чисто се оди на луксузирање на некои министерства, или на новоформирани министерства може со претходни трошоци да се помине а дел од тие пари да се префрлат на барањето од амандманот.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на пратеникот Иљо Иљоски.

Владата останува на својот став.

Значи, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?

18 пратеници гласаа за.

Кој е против, молам?

50 пратеници се против.

Дали има некој воздржан?

Двајца се воздржани.

Според тоа, констатирам дека амандманот не е прифатен.

Отворам претерес по амандманот на член 3 раздел 121.1 став-ка 426, потставки 426024 и 426032 и на раздел 120.01 ставка 426 и потставки 426024 и 426032 поднесени од Комисијата за екологија, млади и спорт.

Молам, претставникот на Владата да се произнесе.

**БОРИС СТОЈМЕНОВ:**

Амандманот не се прифаќа.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Молам, дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој друг не бара збор, го затворам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?

19 пратеници гласа за.

Дали има некој против?

5 0 пратеници се против.

Дали некој се воздржува?

Двајца пратеници се воздржуваат.

Според тоа констатирам дека амандманот не е прифатен.

Отворам претрес по амандманот на член 3 раздел 120.01 став-472 потставка 472093 и раздел 040.02 ставка 463 потставка 463019 и на член 3 раздел 140.01 ставка 426 потставка 426083 и раздел 040.02 ставка 463 потставка 463019, поднесен од пратеникот Илија Филиповски,

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**БОРИСТ СТОЈМЕНОВ:**

Бидејќи има дел обезбедени средства за оваа намена и бидејќи Буџетот е лимитиран, амандманот не се прифаќа.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Молам, дали некој друг бара збор?

За збор се јави пратеникот Илија Филиповски.

**ИЛИЈА ФИЛИПОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, почитувани министри.

Јас очекував дека министерот на подмладокот ќе им подари некоја играчка и он вети дека тоа ќе го направи. Би го замолил уште еднаш да размисли, не се работи за големи пари, нашиот подмладок може да ја посети Зоолошката градина, денеска состојбата таму е навистина ужасна. Еве читате и слушаме за што се работи, тигарот го изел лавот, еден ден може животните да излезат од таму..., ситуацијата навистина е многу лоша и јас би замолил уште еднаш министерот да размисли да го прифати овој амандман.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Владата останува на својот став.

Молам, дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?

18 пратеници гласаа за.

Дали има некој против?

51 пратеник се против.

Дали има некој воздржан?

Двајца пратеници се воздржани.

Според тоа, констатирам дека и овој амандман не е усвоен.

Отворам претрес по амандманот на член 3 раздел 170.01 став-ка 441 потставка 441252; 441317 и 441325 и ставка 463 потставка 463027 раздел 010.02 ставка 423 потставка 423190 и ставка 468 потставка 468010 и раздел 042 ставка 426 потставка 426105 ставка 463 потставка 463019 и на потставката 463094, поднесени од Комисијата за образование и наука.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**БОРИС СТОЈМЕНОВ:**

Со оглед на тоа што има обезбедено средства за оваа намена и тоа не само кај Министерството за наука, туку и кај Академијата за науки и уметности бидејќи по некогаш овие проблеми се допираат помеѓу себе, ги прават исти луѓе, амандманот не се прифаќа.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Отворам расправа.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам прзетресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?

11 пратеници гласа за.

Дали има некој против?

50 пратеници се против.

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој).

Според тоа констатирам дека амандманот не се прифаќа. Отворам претрес по амандманот на член 3 раздел 180.10 ставка 441, поднесен од Комисијата за култура.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**БОРИС СТОЈМЕНОВ:**

Амандманот не се прифаќа.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

За збор се јави пратеникот Стојан Попов, претседател на Комисијата за култура.

**СТОЈАН ПОПОВ:**

Г-дине претседателе почитувани пратеници,

Навистина морам да признаам дека не очекував да се најдам во групата на амандманџии, затоа што целата работа ми личи како група на "истерувачи на духови". Мислев дека самата Влада, Министерството за финансии ќе има доволно разбирање за проблемите во областа на културата, кои што се од хроничен карактер и кои што се скоро низа години наназад. Не би сакал да го повторувам ставот и на севкупната македонска јавност и на политичките партии, како и на сите политички субјекти во земјата, затоа што мислам дека и во предизборната кампања, а и во своите програми на некој начин дојдоа до еден концензус каде што сите сметаа дека општествениот статус на културата е апсолутно неповолен и дека не одговара на самите потреби на културата на РМ, а особено материјалниот статус мислам дека е на катастрофално ниво и апсолутно ги загрозува дури и најосновните, највиталните функции во областа на културата.

Не би сакал да употребувам големи зборови за културата затоа што

културата е голема сама по себе и со своите дела , не би сакал да употребувам ниту фрази ни некои идеолошки флошкови, меѓутоа мислам ако веќе постои вакво мислење во севкупната јавност и ако сите на некој начин се согласуваме околу неповолниот статус на културата, дури и во законот за култура го дефиниравме со една дефиниција зна-чењето на културата и ја определивме како темелна вредност на РМ мислам дека со еден ваков предлог од страна на Владата, кој што е рестриктивен. Практично се негира и самата дефиниција за културата која што ја зацртавме и во законот, а за која стоевме сите, сите политички субјекти во земјата, така да мислам дека навистина доѓаме до еден логичен нонсес и доаѓаме до еден апсолутен парадокс, до еден апсолутен апсурд и мислам дека тоа ја одразува дури, би рекол, нашата општествена и политичка незрелост и претставува навистина во една смисла инфалтивно, неодговорно однесување према суштествени проблеми на нашата стварност и на она што е од витално значење за РМ.

Не треба да повторувам, ми се чини тука е и мијата колешка Валентина која веќе нешто напомна дека дури , и мислам дека сме апсолутно свесни за тој факт, и суверенитетот и интегритетот на земјата секогаш, особено ние како мала средина како неразвиена економски држава може да се брани единствено преку идентитетот. Преку идентитетот на нацијата, на народот, а културата е точно тоа. Ниедна друга свера од областа на општественото живеење не го одредува толку идентитетот на нацијата како културата. Според тоа мислам дека до тој степен одиме во еден парадокс да навистина ако веќе сме ја дефинирале културата како темелна вредност, а сега се однесуваме вака значи очигледно дека работиме самите на поткопуваше на темелните вредности на РМ. Мислам дека е крајно време да почнеме зрело да размислуваме и дека е едно да искажеме во рамки на одредени политички кампањи и периоди, подготвеност, поддршки и тн. а кога ќе се дојде доп самата суштина ед-ноставно да завртиме грб и да заборавиме на она што сме констатирале. Мислам дека ова е навкстина крајно несериозно.

Навистина непријатно се чувствувам, во улога на некој адвокат кој што треба да брани нешто што е невино осудено. Културата повторно се наоѓа во по шција на невино осудено и мислам дека без оглед дали припаѓаме на позицијата или на опозицијата треба да дадеме поддршка на предлог амандманите, два амандмани има околу зголемување на стапката на буџетот од областа на културата.

Што се однесува, веројатно дека и самите погледавте, амандманите се однесуваат на два дела, на дејностите од областа на културата во потставка 44, тоа се-тековни трансфери, или дел што се однесува чисто на остварување на програмите во областа на културата. Тука предлагаме едно зголемување кое што сметаме дека е минимално, од 403 милиони на 697.

Ако се одлучувме и ако сметавме дека културата е од толку големо значеше за РМ нормално и логичниот заклучок дека ние мораме да определиме и такво место во стратегијата на државната политика за културата и мораме да опстоиме во оние приоритети на национални и да и дадеме таков соодветен третман.

**СТОЈАН ПОПОВ:** (ПРОДОЛЖЕНИЕ)

Исто така би сакал да кажам дека уште попоразителен е фактот што во изминатиот период веќе почна и претходната Влада, со еден позитивен тренд делот од Буџетот за култура постепено да се покачува. Таква одлука имаше и на Собранието во изминатиот период, со што се заклучува дека Буџетот наменет за делот на култура треба пос-тојано да расте. Во изминатите години претходната Влада успеа, сепак смогна сили со еден минимален раст да го одржи позитивниот тренд во тој правец. Мене навистина сега ми е непријатно, во Предлог-Буџетот за 1999 година таа стапка да опадне. Така да ако во Буџетот за 1998 година процентуалниот дел на Буџетот за култура изнесуваше 2,56, оваа година да се предлага, со Предлог-Буџетот на 2,34. Нашиот предлог е да изенсува 3%, од севкупните трошоци на Буџетот за оваа година, што би значело само 0,44% зголемување во однос на претходната година, што мислиме дека е минимално, поготово ако знаеме дека веќе постојат околу 70 милиони денари обврски и долг што Министерството би требало веднаш да го подмири. Така да таа разлика ќе се јавува, практично 212 милиони, кога ќе се одбие овој долг од 70, доаѓа некаде околу 14 2 милиони денари. Тоа е што се однесува да првиот амандман.

Вториот амандман се однесува на "финансирање на дејностите од областа на културата во категоријата капитални трошоци. Тука предлагаме износ од, тоа е со намена за реконструкција на градежни објекти, износот е 20 милиони, да се замени со износ од 30 милиони.

Повторно не би сакал да се навраќам на претходните искуства и на претходната Влада,кога ако сите добро се сеќаваме на оној видео запис, материјал за состојбата на објектите од културата во Република Македонија, меѓутоа поминаа две години и повторно изгледа се останува во духот на бетер. Така да тука не би мал друго образложение затоа што амандманот навистина се предлага само заради лошата состојба на објектите во културата и за нивна реконструкција.

Иако на мене ми беше сугерирано во предлог-амандманите да ставиме од каде мислиме да се земаат тие средства, јас тоа го одбив. Мислам дека е потполно нелогично и не може Комисијата за култура да предлага од каде се нашле средства затоа што ние ако предлагаме како политички став и сакаме да го наметнеме како политички став, а ако како таков се усвои, нормално е Владата да размисли на кој начин би дошла до тие средства, да размисли за евентуална прераспределба и ако веќе тоа го сврстуваме во некој приоритет на стратегија на државната политика и ако му даваме приоритет како висок национален интерес, нормално е, врз основа на такви политички размислувања да се направи процена и да се види кои се тие области од сферата на општественото живеење кои навистина треба да имаат приоритет. Жалосно е што ова доаѓа во година кога и целата Европска Унија, веројатно за тоа сте во тек, ја прогласи како година на културата и сите имаат предлози во рамките на своите државни буџети, рапидно зголемување на дел од буџетот кој се однесува на културата. Јас навистина би ве замолил сите и едната и другата страна, без никакви предрасуди, бидејќи навистина не се работи тука за некој политички натпревар, да бидеме едномисленици и едногласно да ги поддржиме предлозите на овие два амандмана.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор во врска со амандманот?

Има збор господинот Лазар Китановски.

**ЛАЗАР КИТАНОВСКИ:**

Пред малку се воздржав од реплика. Не знам дали госпоѓицата Божиновска пуши, меѓутоа она што го кажа министерот Стојменов навистина е интересно, за пушењето и за играчките, меѓутоа има решение во едно семејство, т.е. мајката помалку ќе пуши, а ќе има и за децата играчки. Прашањето на културата е национално прашање и тука не треба да постои партиска поделеност. Пред малку беше тоа малку невкусно, меѓутоа јас не сакам да се спуштам на тоа ниво, на реакцијата на пратеничка од друга партија. Но, се едно.

Единствен недостаток на овој предлог на Комисијата е што не е амандмански формулиран и јас сфаќам дека тука на министерот му е тешко сега веднаш да изнајде модус. Во принцип мислам дека ова навистина се корисни, барем од аспект на културата, корисни сугестии за подобрување на состојбата. Меѓутоа место да се споменува моето име, беше добро да ме замолат да помогнам, околу амандманското формулирање на овој предлог и тоа ќе го направев со задоволство. А тоа зошто е на седница, веројатно има причини за тоа. Но, останува, се-пак, на министерот, бидејќи не е амандмански формулирано, како тој ќе го разреши овој проблем, а за моите амандмани ќе се јавам подоцна. Инаку го поддржувам предлогот на Комисијата.

**АМДИ БАЈРАМ:**

Мислам дека Министерството за култура има добро размислено за Буџетот колку требаат средства. Кога можеше Министерството за спорт да се одбие, за луѓе кои се такмичат во светско првенство, мислам дека и културата може да остане малку пократка. Мислам дека средствата се доволно определени. Министерствата си знаат колку средства им требаат.

**БОРИС СТОЈМЕНОВ:**

Амандманот го одбив, меѓутоа, со едно следно мислење. Мислам дека барањето за потребните средства треба, меѓутоа со оглед на тоа што реков кога по втор пат се јавив во општата расправа, ние веќе имаме со Светска банка еден договор за финансирање на културата. Мислам ова прашање и овој проблем со културата ќе го решиме низ овој аранжман со Светската банка.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Дали пратеникот Никола Поповски останува на...

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани министри, почитувани

пратеници.

Би сакал да зборувам за амандманот, меѓутоа дозволете ми да кажам и за нешто што на неформална врата почнува да станува многу непријатна атмосфера во Собранието. Овде министерот

почнува, мислам на доста непријатен начин, за се што има проблем да ни вика за ова имаме кредит од Светската банка или од Меѓународната банка и тн.

Господине министре, ние имаме уште чтири точки каде што ја имаме и девизната и монетарната политика, ја имаме и вашата макро-економска политика. Таму никаде не пишува дека вие толку енормно ќе се задолжите идната година и тоа за нестопанството. Во вашите документи не пишува дека вие ќе се задолжување за реформа на администрација, за култура, за образование. Некако овде на мала врата вадите џокери од рака. За се што ги кратите парите кажувате за ова ќе земеме кредит. Прво да кажеме не е добро државата да се задолжува за нестопански дејности кои не можат да вратат. Вие пред малку ни велите ние не сакаме да вложиме во инфраструктура, сакаме да вложиме во бизнис. Сега ни кажувате не инфраструктура, уште едно ниво подолу. Се задолжуваме во странство за кредити за администрација, за култура. Тие кредити ќе се враќаат повторно од Буџетот во 2003 или 2004 година. Не може културата да ги врати. Така да мислам дека станува непријатна расправата за Буџетот. Едноставно Парламентот се става во аут и за се има изговор, за ова ќе се задолжиме. Ќе разговараме за задолжувањето, меѓутоа таму не ни давате предлог за толку задолжување во Македонија. Дајте сериозно за Буџетот да разговараме.

Би сакал да укажам на следното:

Курсот на денарот и инфлацијата во Македонија се стабилизира некаде од јануари 1994 година, тоа откако преговорите со ММФ го добија овој тек што го имаат. Од тогаш можеме да влечеме паралела во буџетите на Македонија без да ги земаме инфлаторните движења во предвид, што не се многу битни, по неколку проценти се годишно. Инфлацијата и курсот на денарот се стабилни од 1994 година. Од 1994 година до денес буџетските средства за култура се во перма-нентен пораст. За 1997, 1998 година се тука пред нас и порастот се движи со двоцифрен број, да сега одеднаш почнува да се намалува. Мислиме дека тоа не е добро, мислиме дека не е добро да се прифати таа политика.

Мене ми е многу криво со госпоѓицата Валентина Божиновска во претходната расправа овде не искритикува дека џабе зборуваме кога има амандман, за што еве сега дознавме дека не е прифатен.

И уште нешто сакам да кажам, една апсурдна политика која почнуваме да ја следиме како Собрание.

Министерството за култура вкупно во 1999 година ќе има 23 милиони денари за Министерството и една милијарда и педесет милиони за дејностите, или вкупно ќе има некаде околу 1,1 милијарда средства. Замислете, ние финансираме една милијарда и 100 милиони средства за само 400 милиони функција да се оствари со нив. Логистиката на овие 400 милиони кои ја финансираат дејноста на културата станууваат 700 милиони денари. Станува апсурд. Дајте му поинаква пропорција, да имаме логистика од 400 милиони во плати и материјални трошоци за 700 милиони да биде во Буџетот дејност, дали се тоа сценски, дали се библиотекарски, дали се филмски, дали се заштита на спомениците на културата. Инаку Буџетот станува како трансфер на средства кон културните работници, парек селанс, без ништо. Ние финансираме 700 милиони на културните дејности логистиката, материјални трошоци и плати за да имаме дејности 400 милиони. Нема пропорција во оваа сума. Пред минатата година, само за овој дел што сега зборуваме бил 300 милиони. 1998 година бил 470 милиони. Сега одеднат три скалила подолу, 400 милиони. Ако не го прифаќате амандманот на Комисијата, ние еве вака во клупите коментираме со пратениците од позицијата. Станува непријатна атмосферата. Ние не ги предлагаме амандманите на комисиите. СДСМ како опозициона партија има во комисиите по два члена, Комисиите мнозинството за одлучување за амандман го влечат од позицио-ните пратеници. Сега одеднаш се доаѓа тука, ние го прифаќаме амандманот, позицијата која го предлага амандманот и министерот кој е од позицијата, едноставно го отфрлаат. Станува нон сенс целата работа. Ако немате мнозинство за амандманите не ни ги поднесувајте. Сами ги поднесувате, а сами не ги гласате. Ние не ги поднесуваме во комисиите. Таму вие имате мнозинство. Мислам дека треба овој тренд, не се обраќаме сега на предизборните ветуваша, нема врска тоа веќе. Трендот на пораст на културата е еден позитивен тренд во Буџетот. Дајте да го следиме. Нема потреба сега толку радикално да го намалиме. Ако продолжиме со оваа тенденција ние идната година ќе имаме 3 00 милиони дејности и една милијарда трошоци. За што постојат овие буџетски пари? Дали за културата да се финансира или за луѓето кои во културата ра-ботат и за

нивните патни и дневни трошоци, греење и материјални трошоци.

Предлагам да се прифати од господинот министер амандманот и да не се применува толку лесно практиката дека се се одбива, имајќи предвид и она последното што го кажавте дека сте отворен за амднамни.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на пратеникот Поповски.

Дали уште енкој бара збор по овој амандман? (Никој).

Го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?

24 пратеници гласаа за.

Дали има некој против?

40 пратеници се против.

Дали некој се воздржува од гласање?

4 пратеници се против.

Констатирам дека амандманот не е прифатен.

Минуваме на вториот амандман кој исто така го поднесоа.

Добивме образложение, добивме мислење.

Отворам расправа по амандманот.

Расправа се водеше, претседателот на Комисијата зборуваше.

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за амандманот, молам да крене рака?

22 пратеници гласаа за.

Дали има некој против?

35 пратеници гласаа против.

Дали некој се воздржува од гласање?

5 пратеници се воздржаа од гласање. И овој амандман не е прифатен.

Отворам претрес по амандманот на член 3 раздел 190.01 ставка 441 потставка 441015 и раздел 040.02 ставка 463 потставка 463019, поднесен од Комисијата за здравство.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**БОРИС СТОЈМЕНОВ:**

Амандманот не се прифаќа.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Дали некој бара збор?

Има збор претседателот на Комисијата за здравство Никола Јовановски.

**НИКОЛА ЈОВАНОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани членови на Владата, почитувани колеги пратеници.

Морам да кажам дека на Комисијата за здравство едногласно беше прифатен амандманот.

Во ставката 441015 настана измена во текстот, програма за систематски прегледи на деца, ученици и студенти. Да се додаде и жени, од проста причина што карциномот на дојка и карциномот на грлогот на матката се најчестите малигни заболувања кај женатза и резултираат со соодветни пролонгирани боледувања и смртност. 0д тие причини предложивме да се додадат три милиони денари во оваа ставка, во смисла систематските прегледи на жените, во смисла на рано дијагностицирање на овие состојби, бидејќи спаѓаат во тумори кои можат рано да се детектираат, а порано детектирање обезбедува и из-лекување.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на пратеникот Никола Јованов, претседател на Комисиајта за здравство.

Дали н екој друг бара збор? (Никој)

Ако никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?

30 пратеници се за.

Кој е против?

22 пратеника се против.

Дали има воздржани?

Жалам, иако има мнозинство овде и овојамандман не е усвоен, бидејки треба 40 пратеници да гласаат за него.

Не е усвоен.

отворам претрес по амандманот на член 3, раздел 190, точка 01,ставка 441 за додавање нова;потставка, по потставката 441082 и на раздел 04002 ставка 468 потставка 468096,поднеден од Комисијата за здравство ова е вториот амандмна.

Молам претставникот на Владата и по овој амандман да се произнесе.

**БОРИС СТОЈМЕНОВ:**

Амандманот се прифаќа, и нема потреба да гласаме.

Отворам претрес по амандманот на член 3, раздел 19101 и на раздел 19201 поднесен од пратеникот Хисни Шакири.

Молам претставникот на Владата да се произнесе.

**БОРИС СТОЈМЕНОВ:**

Амандманот се прифаќа.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Значи и овој амандман се прифаќа на пратеникот Хисни Шакири.

Отворам претрес по амандманот на раздел 04007 поднесен од пратеникот Милан Ставрев.

Молам претставникот на Владата да се произнесе.

**БОРИС СТОЈМЕНОВ:**

Бидејки овој амандман не бара средства, се прифаќа.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Значи , и овој амандман го прифаќаме.

отворам претрес по амандманот на член 3, разделите 05001 и 06001, ставките 401, поднесен од пратеникот Амди Бајрам.

Молам претставникот на Владата да се произнесе.

**БОРИС СТОЈМЕНОВ:**

Амандманот не се прифаќа.

**АМДИ БАЈРАМ:**

Дали е ова по првиот амандман што е повлечен или вториот.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Тој што е повлечен е повлечен.

**АМДИ БАЈРАМ:**

Не, треба јавно да се знае кога е повлечен. Кога се повлекува амандман се кажува.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Да, секако, дека е повлечен.

**АМДИ БАЈРАМ:**

Мојот амандман е даден во разделите 050101 Министерството за одбрана и 0600/1 Министерството за внатрешни работи во потставка во потставките 401-основни плати и наемнини износите за зголемвуање за 10%. Потребните средства во износ од 10% ќе се обезбедат од категорија 2-капитални трошоци во билансот на расходите. Амандманот се предлага заради подобрување на материјалната состојба на вработентие во наведените буџетски корисници, имајќи го предвид зголемениот обем на одговорноста и работата. Овој мој амандман сакам малку да го бразложам. Се работи за Министерството за внатрешни работи. Сите знаете каква е ситуацијата во МВР и во Министерството за одбрана. Сите знаете во каква состојба се наоѓа Република Македонија, а и сто така сите знаете колку се малтеретирани од полицијата до одбраната. Платата која ја примаат е од 300 до 350 марки, кои пари таму каде што дежураат не им стигаат ниту за цигари и за кисела вода, а камали за друго. А, ние овде во Собранието имаме трострука плата, кои седиме овде и два пати месечно заседаваме во ова Собрание. Тие се каменувани од разни граѓани. Ја чуваат Македонија на дожд, на се и се малтретирани од секого, а никој не им го признава нивниот труд. Сметам дека во оваа ситуација ваква каква што е сите треба да размислиме во овој парламент за оваа безбедносна ситуација. Тие не чуваат и своите животи си ги даваат во секој ризик, во секоја состојба и во секое време, а ние мирно спиеме дома, тие нас не чуваат. Затоа , мислам дека би требало амандманот, господо пратеници, господо министри, ова би требало да се прифати, затоа што не се работи од некекја корист, туку се работи во полза на граѓаните, кои се вработени во Министерството за внатрешни работи и Министерството за одбрана, кои својот живот го даваат во секој момент и знам дека , а и јасно е и тоа дека се замрзнати личните доходи, за овие граѓани , за овие вработени кои се во овие две министерства треба многу да размислиме, затоа што ситуацијата која е во Република Македонија, навистина, не оди кон добро. Јас мислам дека овој амандман ќе го прифатите и ке го изгласате. Доколку не го изгласате нема да имате задоволство, нема да имате спокојство. Треба да им дадеме на тие што се трудат за нас и што не чуваат едно задоволство и една награда на тие граѓани.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на пратеникот амди Бајрам.

Дали уште некој друг бара збор? (Никој)

Ако никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставм на гласање.

Кој е за амандманот нека крене рака?

Пратениците креваат рака.

23 пратеници гласаа за.

Кој е против амандманот?

51 пратеник е против.

Дали има воздржани?

5 пратеници се воздржаа.

Според тоа, амандманот на г-динот Амди Бајрам не е прифатен.

Отворам претрес по амандманот на член 3, раздел 18010, ставка 441 за внесување нова потставка по потставка 441139 раздел 04002, ставка 468, потставка

468096, поднесен од пратеникот Лазар китановски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе по овој амандман.

**БОРИС СТОЈМЕНОВ:**

Ние ја прифаќаме оваа иницијатива, меѓутоа, сумата да не биде 10милиони туку да биде 2 милиони денари. Значи, делумно се прифаќа овој амандман. Наместо 10, да биде 2 милиони и под тие услови го прифаќаме амандманот.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Молам, дали предлагачот на амандманот се согласува наместо 10, да биде 2 милиона.

**ЛАЗАР КИТАНОВСКИ:**

Само да го објаснам амандманот и би замолил министерот да размисли уште малку ако може. Доколку беше прифатен предлогот од Комисијата, јас веројатно, ќе ги повлечев овие амандмани. Меѓутоа, тоа не се случи, во овој амандман станува збор за следното. Имаме многу млади и талентирани уметници, сценски, ликовни и други. Мислам дека е многу важно ако не можеме за целата култура, така испаѓа заради Буџетот, баре за овие млади луѓе да имаат некаква надеж. Има млади луѓе кои неможат д апријават концерт, па мораат да одат по претпријатија да мољакаат за 10 или 200 марки да можат да одржат концерт. Ова е еден фонд за млади талентиран или ликовни уметници на кои ќе им се даде шанса односно ќе се поддржат во својот развој. Затоа, мојот предлог беше 10 милиони денари, кој не е голема сума, а мислам дека 2 милиони е премала сума. Еве, евентуално, ако се согласува министерот 5 милиони денари би било еден компромис, сепак, прв пат да влезе во Буџетот една ваква ставка за млади уметници на кои ќе им се пружи шанса да ја афирмираат македонската култура.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Сега да видиме што мисли министерот за финансии и дали се согласува.

**БОРИС СТОЈМЕНОВ:**

3 милиони денари.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Немојте сега овде да лицитираме.

**ЛАЗАР КИТАНОВСКИ:**

Сега јас би требало да кажам 4 милиони, меѓутоа, ова е сепак Собрание, се согласувам со 3 милиони денари.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Добро, се прифаќа амандманот на г-динот Лазар Китановски.

Г-динот Лазар Китановски поднесе уште еден амандман.

Отворам претрес по амандманот на член 3, раздел 180 точка 10, ставка 441 за додавање нова потставка по потставката 441163 и на раздел 04002 ставка 463, потставка 463019, поднесен од пратеникот Лазар Китановски.

Го молам претставникот на Владата за мислење по овој амандман.

**БОРИС СТОЈМЕНОВ:**

Со оглед на тоа што  такви средства се веќе предвидени во МАНУ, амандманот не се прифаќа.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Дали сака предлагачот да се произнесе?

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Дали некој друг сака да се произнесе, по амандманот?

Г-динот Лазар Китановски го повлекува амандманот.

Штом го повлекува амандманот, тогаш одиме понатаму.

Отворам претрес по амандманот на член 3 , раздел 140 точка 02, ставка 426, за додавање нова потставка по потставката 426024 и раздел 09002 ставка 471, потставка 471046 поднесени од пратениците Димитар Бузлевски, Кирил Настевски, Александар Гештаковски и Никола Поповски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**БОРИС СТОЈМЕНОВ:**

Амандманот не се прифаќа.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Г-динот Бузлевски бара збор.

**ДИМИТАР БУЗЛЕВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани претставници од Влада, почитувани колеги!

Познато е дека во фаза е реализацијата на еден проект за заштита на Охридското Езеро и дека тој проект се финансира, покрај со други извори и со неповратна помош од Буџетот на Сојузна Република Германија. Таа неповратна помош изнесува 20 милиони германски марки. За одобрување на таква неповратна помош претходно требаше да се изработи физилибити студија која што беше изработена и која што беше подложнана соодветна ревизија и врз основа на која што се обезбедија таквите средства. Амандманот предлага да се направат минимални напори за обезбедување на средства за изработка на физилибити студија за заштита на

Преспанското и Дојранското езеро, како една можност со таквите проекти да се претендира каи можни надворешни извори, кои што постојат за добивање на неповратни средства за реализација после на она што е предвидено во проектите за заштитата на езерата. Токму затоа ценев дека е добра прилика да се направи еден додатен напор да се обезбедат такви средства, дотолку повеќе што од позицијата од која се одземаат, со оглед на висината на таа позиција, многу не би се за-грозила тековната активност за 1999 година. Токму затоа, молам, ако има за поддршка, да се поддржи овој амандман, за да може и Владата преку своите контакти на билатерална и на мултилатирална основа да ги презентираат тие проекти за добивање на неповратни помошти од такви активности. Благодарам.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на предлагачот Димитар Бузлевски.

Ќе го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**БОРИС СТОЈМЕНОВ:**

Бидејки со Светската банка ние веќе водиме разговори за дона-ција на Дојранското езеро и за Преспанското езеро во износ од 5 милиони долари, јас мислам ако обезбедиме такви средства, тогаш предвидиме и средства во Буџетот.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор , по овој амандман?

Никој не бара збор.

Ако никој не бара збор, тогаш го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставамна гласање.

Кој е за, амандманот, молам да крене рака?

22 пратеници гласаа за.

Дали има некој против.

49 пратеници гласаа против.

Дали има воздржани.

2 се воздржани.

Според тоа, амандманот не е прифатен.

Отворам претрес по амандманот на член 3, раздел 170 точка 01, ставка 441, потставка 441252 и раздел 040.02, ставка 468, потставка 468096, поднесен од пратеникот Аслан Селмани.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**БОРИС СТОЈМЕНОВ:**

Со оглед на тоа што веќе имаше таков амандман со потполно иста содржина беше одбиен, Владата не го прифаќа овој амандман.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Значи, Владата не го прифаќа амандманот.

Дали некој друг бара збор?

Г-динот Аслан Селмани.

**АСЛАН СЕЛМАНИ:**

Навистина, би го замолил министерот за финансии да има разбирање околу овој амандман од причина што позицијата трансфери до научно истражувачките институти е намалена дури за 87 милиони денари т.е. за 47%. Една цивилизација која апсолутно не е во состојба да ги подмири сите оние проекти кои се однесуваат за минатото на оваа цивилизација и за сите оние структури кои тука се развивале, а има недовршени проекти, сметам дека веројатно, Министерството за финансии ќе може во текот на годината да ги најде овие средства и навистина тие научни институти, особено научните институти, како што се Институтот за национална историја, Институтот за фолклор, Институтот за јазици, за Македонскиот јазик и т.н., што во рамките на тие институти се и Јазиците на националностите, сметам дека би било пожелно и мошне потребно, навистина, овие средства да се пронајдат. Не мора од оваа позиција, можеби позицијата не сум ја потрефил, но би требало, настојавам овој мој амандман да се прифати.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на пратеникот Аслан Селмани.

Дали некој друг бара збор, во врска со овој амандман?

Никој не бара збор.

Го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам, да крене рака?

**САВО КЛИМОВСКИ:** (Прրдолжение)

24 пратеници гласаа за.

Дали некој има против?

51 пратеник се против.

Дали некој се воздржува од гласање?

4 пратеници.

Според тоа и овој амандман не е прифатен.

Отворам претрес по амандманот на член 3 раздел 01002 ставка 466 подставка 466093, ставка 468 подставка 468010 раздел 04002 ставка 463 подставка 463019, раздел 06001 ставка 468 подставка 468096 и на раздел 160.30 ставка 401

подставка 401021 поднесен од пратеникот Оломан Сулејмани.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**БОРИС СТОЈМЕНОВ:**

Со оглед на тоа што ставката за плати во 1999 година во Буџетот е планирана на исто рамниште како и минатата година, а овој амандман се однесува на зголемување на плати на одредени корисници на Буџетот како таков овој амаднман не се прифаќа.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Отворам расправа по амаднманот.

Кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за амаднманот, молам да крене рака? Предлагачот не е тука.

Кој е против амаднманот?

52 пратеника гласаа против.

Дали некој се воздржува од гласаше?

21 пратеник се воздржуваат од гласање.

Според тоа амандманот не е прифатен.

Отворам претрес по амаднманот на член 3 раздел 09002 ставка 468 подставка 468010 раздел 16101 ставка 472 подставка 472093 раздел 12001 ставка 426 подставка 426010 и раздел 121.01 ставка 426 подставке 426024 и подставка 426032, поднесен од пратениците Мевљан Таири, Оломан Сулејмани и Аслан Селмани.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**БОРИС СТОЈМЕНОВ:**

Во консултација со Министерството за урбанизам бидејќи таков амаднман веќе беше предложен, а Владата не го прифаќа и овој амандман не го прифаќа.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Значи Владата не го прифаќа овој амандман.

Отворам расправа.

Кој бара збор по амандманот? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, амандманот го ставам на гласање.

Кој е за амандманот ќе ве молам да крене рака?

6 пратеници гласаа за.

Кој е против амандманот?

57 пратеници се против амандманот.

Дали некој се воздржува од гласање.

8 пратеници се воздржани.

Според тоа и овој амаднман не е прифатен.

И го имаме последниот амандман овде што е пред мене.

Отдаорам претрес по амандманот на член 3 раздел 06 001 ставка 464 подставка 464015 и раздел 180 точка 10 ставка 441 подставка 441139 поднесен од пратениците Мевљан Таири, Оломан Сулејмани и Аслан Селмани.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе по овој амандман.

**БОРИС СТОЈМЕНОВ:**

Со оглед на тоа што изворот на средствата од каде се бараат за поддршка на тој амаднман тоа се возилата од МВР. Ние имаме тешки проблеми со опремата и мислам дека секое намалување на средствата од оваа намена би ја довело во прашање функцијата на МВР. Затоа овој амандман не се прифаќа.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Отворам претрес по амаднманот.

Дали некој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и амаднманот го ставам на гласање.

Кој е за амандманот, молам да крене рака?

2 пратеници гласаа за.
Кој е против?

57 пратеници гласаа против.

Дали некој се воздржува од гласање?

3 пратеници се воздржани.

Според тоа и овој амандман не е прифатен.

Почитувани пратеници продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на буџетот.

Дали некој бара збор?

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, би сакале да го искористиме деловничкото право, да го искористам во името на пратеничката група да објасниме зошто и како ќе гласаме по Прелдогот на буџет за 1999 година.

Буџетот за оваа година СДСМ оценува дека во основа претста-

вува продолжување на досегашнате економска политика гледано од аспект на буџетската политика. Пратеничката група на СДСМ исто така оценува дека и покрај задржување на основните правци на економската буџетска политика за 1999 година во буџетот има бројни отстапувања, од она што ние го сметаме за добар буџет и дека се заснова на некои нереални предвидувања за движењето на економијата во 1999 година. Исто тажа оценвуа,ме дека во Буџетот има и одредени проблеми, пред се со можноста за целосна реализација на приходната страна, проблеми со политиката на плати, со финансирашето на образованието, здравството, културата, екологијата и развојните цели на Буџетот. Исто така сметаме дека тоа неможеме да го видиме од буџетот, но од излагањето на госпо-динот Стојменов во функција на претставник на Владата дека во Буџетот постои и извесен, веројатно има и степен на индискретен проблем со Меѓународниот монетарен фонд заради таканаречени таинствени позиции кои не можеме да ги согледаме и кои во буџетот не се транспарентни согласно излагањето на господинот министер. Буџетот во основа е ист по износ на приходната страна и расходната, но со релативно полоша структура. Исто така; сметаме дека во Буџетот нема однос на Владата кон актуелната состојба која нема во Македонија да биде за недела или две. Сиетаме дека Буџетот со истиот износ на приходи и расходи по обем од минатата година во оваа година мораше да го следи развојот на настаните во Република Македонија кои од лани до сега во некои свери се одвиваа. Ние кажавме дека, а и не добивме доволно одговори дека не сме задоволни од начинот на кој се третираат во оваа ситуациј стоковите резерви и другите позиции. Исто така не добивме одговор дали Владата планира и кога се се води судски буџет за остварување на поголема независност на судството. Што значи дека немаме целосна согласност за буџетската политика на Владата во 1999 година. Но, Пратеничката група на СДСМ оденвуа дека Република Македонија во овие моменти се наоѓа во релативно тешка состојба која не ја предизвика самата, која е предизвикана од опкружувањето од воените напади на нашите соседи, од безбедноста, од бегалците и други проблеми. Сакаме со гласањето за буџетот за кој немаме целосна согласност со Владата да дадеме еден наш придонес во надминување на состојбата и релативна хармонизација на политичките односи во Република Македонија. Со овие забелешки и задршки Пратеничката група на СДСМ ќе гласа за буџетот на Република Македонија.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на пратеникот Поповски.

Дали уште некој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и предлогот на Буџетот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?

81 пратеник гласаа за.

Дали има некој против?

Нема.

Дали некој се воздржува од гласање?

Никој.

Според тоа констатирам дека Собранието со 81 глас го донесе Буџетот на Република Македонија за 1999 година.(Аплауз)

Почитувани пратеници, буџетот оди и со Предлогот за донесување на закон за извршување на Буџетот. Дајте да го поминеме и тоа бидејќи едно со друго е врзано. Да поминеме уште на втора точка и со тоа ќе прекинеме за денеска.

Минуваме на точка 2 - Предлог за донесување на закон за извршување на Буџетот на Република Македонија за 1999 година, со Прелдог на закон.

Предлогот за донесување на закон, со Предлогот на законот и извештите на работните тела на Собранието Ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на законот.

Кој бара збор? (Никој )

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок.

Собранието го усвојува предлогот за донесување на закон за извршувње на Буџетот на Република Македонија за 1999 година.

Кој е за молам да крене рака?

83 пратеници гласаа за.

Дали има некој против? (Нема)

Дали некој се воздржува од гласање?

1 пратеник се воздржува од гласање.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Кој е за, молам да крене рака?

85 пратеници гласаа за.

Дали има некој против?

Наме.

Дали некој се воздржува од гласање?

Никој .

Констатирам дека е усвоен Предлогот на оваа сендица да се претресе и Предлогот на закон.

Отворам оршт претрес по предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Комисијата за финансирање и буџет поднесе амандмани на член 20, член 22 и на член 24 со кои се согласил претставникот на Владата и тие се составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Законодавно-правната комисиа опднесе амаднмани на член 3 став 2 и 3 член 4 став 2 и на членовите 5,10 и 12, член 6 став 2 и 3, член 14, член 17, член 22, член 23 став 1, член 24, член 26, член 27, член 28 став 1, член 30 и на член 31 став 1, со кои се согласил претставникот на Владата и тие се составен дел на текстот на Предлогот на Законот.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор?(Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текс-тот и Предлогот на законот го ствам на гласање.

КОј е за, молам да крене рака?

87 пратеници гласаа за.

Дали има некој против?

Нема.

Дали некој се воздржува од гласање?

Според тоа констатирам дека Собранието го донесе Законот за извршување на Буџетот на Република Макеоднија за 1999 година.

Ја прекинувам седницата.

(Ќе продолжиме со работа утре со почеток во 11,00 часот).

(Седницата прекина во 20,50 часот.)